Петнаесет години меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски” – Крива Паланка

Гоце Ристовски

СО ТЕАТАР ДО БАЛКАН БЕЗ ГРАНИЦИ

Крива Паланка, 2023

Издавач
Општина Крива Паланка
За издавачот
Сашко Митовски, градоначалник на Општина Крива Паланка
Со театар до Балкан без граници
Текст, компјутерска подготовка и јазична редакција
Гоце Ристовски
Рецензија
Глигор Стојковски
Фотографии
Архива на МТФ „Свети Јоаким Осоговски”
Печати

CIP – Каталогизација во публикација


Петнаесети јубилеен Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски” – Крива Паланка

Гоце Ристовски

СО ТЕАТАР ДО БАЛКАН БЕЗ ГРАНИЦИ

Крива Паланка, 2023

XV- МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“
Крива Паланка 28.09 - 07.10 2023



28.09. 19:00ч Свечена академија Прогласување на лауреатот на фестивалот
Биљана Драгиќевиќ - Пројковска
Ретроспективна изложба на театарски плакати „15 од 15“ Стојанче Величковски

- **29.09 Независна продукција - Скопје „За нас почнува животот“**
- **30.09 Народен театар „Стерија“ Вршац - Република Србија „Откачено запросување“**
- **01.10 Драмско студио „Призор Плус“ - Белград, Република Србија „Весели девојки“**
- **02.10 Драфт Театар Тузла - Босна и Херцеговина „Со кого и со што у ЕУ“**
- **03.10 Градски театар „Јоза Ивакиќ“ - Винковци, Република Хрватска „Три и пол сестри“**
- **04.10 Југоарт продукција, Белград - Република Србија „Ноќ во куќата на господин Колак“**
- **05.10 Народен театар Лесковац - Република Србија „Чекајќи го докторот“**
- **06.10 Народен театар Штип „Власт“**
- **07.10 Театар „Комедија“ - Скопје „Анатомија на неверството“**

ПРЕТСТАВИТЕ МОЖЕТЕ ДА ГИ ПРОСЛЕДИТЕ ВО КИНО-САЛАТА ПРИ НУЦК ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - КРИВА ПАЛАНКА ПОЧЕТОК 19.30 ЧАСОТ!

ПОКРОВИТЕЛ НА ФЕСТИВАЛОТ ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

PATRON OF THE TXEATPE FESTIVAL MUNICIPALITY OF KRIVA PALANKA

XV INTERNATIONAL THEATRE FESTIVAL

St. Joakim Osogovski - Kriva Palanka 28.09 - 07.10.2023



Големиот Шекспир рекол: „Целиот свет е сцена...“ а ние, паланчани, велиме, среќни сме што Крива Паланка на својата локална сцена веќе 15 години има етаблиран, реномиран и препознатлив меѓународен театарски фестивал што опстојува деценија и пол и носи радост, насмевки низ дијалози и реплики на штиците што живот значат, овде, на сцената во Националната установа Центар за култура Крива Паланка.

И годинава, на таа иста сцена, во следните десет дена, ќе се пее и ќе се смее, ќе се радува и другарува со изведби на врвни актерски имиња од земјава и регионот. Публиката, по петнаесети пат, ќе има можност да ужива во настапите на театрите учесници од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и нашата земја.

Радува фактот што Фестивалот успеавме да го одржиме низ годините, да понудиме богата театарска програма за публиката што е жедна за овој вид уметност, да градиме културен бренд што не одликува и ја надополнува богатата културна програма на Општина Крива Паланка и да се неметнеме на театарската мапа во регионот, станувајќи препознатливи и атрактивни за настап на театрите од целиот Балкан.

Сцената на Центарот за култура редовно е пиедестал за триумф на нивните најнови театарски остварувања, а салата е прополна љубители на уметноста, од која акатерите ја добиваат најголемата награда - нивната искрена реакција и громогласни аплаузи.

Нашиот фестивал е еден од ретките фестивали со ревијален карактер, нема актерски награди, и тоа е она што го одликува, заедно со опуштената атмосфера и изнудените насмевки кај публиката.

Нека Фестивалот опстојува со реноме, нека расте и се развива и во годиние што следат.

Сашко Митовски, градоначалник на Општина Крива Паланка

СВЕТЕЦ И АКТЕРИ

Веројатно многумина ја почувствувале промената во себе по пречекорувањето манастирски праг - чувството на безвременост, на безпросторност што го создаваат свечената тишина, (на)таложениот спокој, беспрекорната чистота со која се посегнува по бескрајот. И веројатно на многумина шумот во крошните во дворот и зад него, зад ѕидовите, во бујната шума (многу македонски манастири се во прекрасни шуми) им личи на неуморното глаголење на светецот, кој од постелата во својот дом, подигнат од оние кои денинoќ го сеќавале во своите утра, на неговиот бескраен монолог за животот, само за животот, оти само тој постои, менувајќи го единствено обликот. Мигот кога се преминува прагот е миг кога се менува реалноста, кога во свеста се втиснуваат знаци што само малцина сосем ќе ги разберат, најголемиот број ќе ги
носат со себе многу денови и ноќи како неспокојство и како надеж.

Меѓу светилиштето на св. Јоаким, распослано во сенките на осоговските дамнешни дабје, и жителите на Крива Паланка, закотвени околу речни брегови, со столетија денонoќно струи живо ветре: ги пренесува исконските повтежи и пораки, тивкиот шепот на мајките и татковците за спокојни дни на своите рожби, за тајните на иднината.

Недоброј судбини, таги и радости, полети и падови, одважност и слабости.

Познати и непознати. Запомнети и заборавени.

Минливи. Сѐ е минливо.

Само Светецот - тивок, спокоен, сам – веќе илјада години, сите родени до кајшто досега неговиот здив ги прибележува, го потсилува нивното жарче, да тлее, да не гасне... да сведочи.

Но, ене – се покажува мала група на патот – други се, различни, и весели и замислени, божем безгрижни, но сериозни, божем лесни, но стежнати. Многу!

Сѐ што имаат на рамениците го носат. Некаков трепет! Возбуда и грч!

Прва е – Милица Стојанова! – Божица! На Крива Паланка! На Македонците!

По неа – Благоја Чоревски, Мето Јовановски, Петар Темелковски, Јордан Плевнеш, Страшо Милошевски...

Не кон крајречните смртници, тие кон Него се упатени – кон молчаливите одаи, кон таинствените олтарски очи – тие гледаат толку јасно и отворено! нешто важно, нешто пресудно кажуваат! смируваат! помируваат! – Тие, актерите! Само Тие ги знаат тесните, темни патчиња до напрегледната, недооднатa човечка душа – од дамнина до денес: ја имаат во себе, ја носат како благодет и како прокоба со себе.

Зашто, кога играат, кога принесуваат и толкуваат други животи, различни од нивните, тие ги пренесуваат и ги толкуваат сите тајни и таги, сиот вознес и молк, сите страсти и

немеења, талкањата и безизлезите, сета (без)смисла на (при)времето престојување покрај реките, под планините, на ливадите и на друмовите. Тие објаснуваат, разубавуваат, натажуваат, обременуваат... Тие се прозорец – нив нив, нив него – се гледа светот, природата, постоењето...

Светецот ги препознава, во неговите древни дамари тие детински палаво потскокнуваат, го задеваат, сите ги задеваат , на сите сѐ им кажуваат, – АКТЕРИТЕ – нашите ненадминати содружници.

Се втиснуваат во нашата свест, заедно со св. Јоаким, и со сите други светци, од кои само човечката воздишка ги дели. Полноќната, кога никој друг не ја слуша.

Живото ветре и натаму струи, ги носи човечките судбини, ги развева од Паланка и од Манастирот низ сиот свет, и уште потаму, уште подолго....

Глигор Стојковски

ХРОНОЛОГИЈА

2009. ГОДИНА

15. септември
Културен центар Скрб и утеха, Скопје и НТ Ј.К. Цинот, Велес
ЧЕРНОДРИНСКИ ЕКСПРЕС
Тихомир Стојановски
режија: Јордан Витанов
Актери: Слободанка Чичевска, Јордан Витанов, Страшко Милошевски, Едмонд Сотир, Тихомир Стојановски

16. септември
Народен театар Стерија, Вршац, Србија
ЉУБОВТА НА ЏОРЏ ВАШИНГТОН
Миро Гавран
Режија: Вања Поповиќ
Музика: Ацо Доганџиќ
Актери: Љиљана Јоловиќ, Дојна Петровиќ

17. септември
Народен театар Стерија, Вршац, Србија
СОН ИЛИ ПРИВИДЕНИЕ НА ЈОВАНКА БРОЗ
Филип Радуловиќ
Режија: Бојана Малковиќ Удички
Сценографија: Живојин Марковиќ
Костимографија: Јадранка Мојсин
Актери: Бојана Малковиќ Удички, Соња Радисављевиќ, Аница Арсиќ, Бојан Стефановиќ, Миленко Гвоздиќ

18. септември

Општински драмски театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

КАКО ПИСАРОТ ТРИЧКО ЈА ОЖЕНИЛ ЦАРЕВАТА ЌЕРКА, СО КИТКА НАКИТЕНА

Никола Русев

Режија: Јонко Цонев

Сценографија: Стојан Цилвицки Танани

Костимографија: Воин Воинов

Актери: Светослав Пеев, Веселин Цанев, Елена Параланова, Снежана Малковска, Георги Бојамиев, Николај Тодоров, Иваи Иванов, Василка Шумева

19. септември

Општински драмски телтар, Ќустендил, Бугарија

БАКНИ МЕ

Ана Петрова

Режија: Минчо Собев

Сценографија: Ема Ванкова

Актери: Бисер Маринов, Стела Здравкова, Адриана Петрова, Александра Братанова, Асен Диков, Златко Митрески

20. септември

Драмско студио при НУ Центар за култура Крива Паланка

ОТЕЦОТ И НИЕ

Тихомир Стојановски

Режија: Страшко Милошевски

Актери: Александар Ристовски, Филип Стојановски, Ненад Стефановски, Деницијa Стојановска, Кристијан Ангеловски, Наташа Јанковска, Фросина Андоновска, Ванеса Митоеска, Страшко Милошевски

2010. ГОДИНА

15. септември

Културен центар Скрб и утеха, Скопје и Народен театар Јордан Хаџи Константинов Џинот, Велес

МУШИЧКА

Аџело Беолко – Руцанте

Режија и избор на музика: Никола Ристов

Сценографија: Дејан Трипуновски, Никола Ристов

Костимографија: Маја Кикириткова

Актери: Зоран Љутков, Јордан Витанов, Зорица Панчиќ, Едмонд Сотир, Слободанка Чичевска, Кирил Гравчев, Јован Рибарски, Димитар Глушков

16. септември

Општински драмски театар, Ќустендил, Бугарија

ЖЕНСКО ЦАРСТВО

Ст. Л. Костов

Режија: Димитар Стојанов

Актери: Стела Стојанова, Чавдар Ненов, Адриана Петрова, Јорданка Полмилацкова, Пламен Сираков, Асен Диков, Борис Велков

17. септември

НУ Центар за култура Ацо Шопов, Народен театар Штип

ТЕЛЕГРАМА

Катерина Момева

Режија: Никола Ристов

Актери: Слободанка Чичевска, Страшко Милошевски

18. септември

Драмско студио при НУ Центар за култура Крива Паланка

БЛЕДИЦА

Васе Манчев

Режија: Глигор Цветковски

Актери: Деницијa Стојановска, Кристијан Алексовски, Фросина Андоновска, Викторија Станковска, Стефан Спасовски, Сандра Стојановска

19. септември
Општински драмски театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија
ВЕЧЕРА ЗА ГЛУПАЦИ
Франсис Вебер
Режија: Јанко Цонев
Актери: Христо Грбов, Иван Иванов, Василка Шумева, Георги Бијаџиев, Ива Караманчева, Георги Костадинов

20. септември
Народен театар Стерија, Вршац, Србија
ЕМИГРАНТИ
Славомир Мрожек
Режија: Мирослав Бенка
Актери: Иван Ѓорѓевиќ, Павле Петровиќ

21. септември
Народен театар Стерија, Вршац, Србија
ЖЕНСКИ ТАЈНИ
Јадранка Ќулум
Режија: Тибор Вајда
Актерка: Соња Радосављевиќ

2011. ГОДИНА

15.септември
Културен центар Скрб и утеха, Скопје
ЏАМАЛАРИ ДИОНИС
Тихомир Стојановски
Режија: Страшко Милошевски
Актери: Тихомир Стојановски, Страшко Милошевски
Градски театар Јазавац, Бања Лука, Босна и Херцеговина

15. септември

КАКО ДА СЕ УБИЕ СОПРУГАТА И ЗОШТО

Антонио Амури

Режија: Жељко Степановиќ

Сценографија и костимографија: Нина Поповиќ

Избор на музика: Жељко Стјепановиќ

Визуелен идентитет: Немања Миќевиќ

Мајстор на светло: Саша Шуман

Актери: Марина Воденича, Марио Лукаиќ

16. септември

НУ Центар за култура Ацо Шопов, Народен театар Штип

ЕТИ ЈА СПАСУВА ТЕРА

-детска претстава –

Автор: Трајче Кацаров

Актер: Страшко Милошевски

17. септември

НУ Центар за култура Ацо Шопов, Народен театар Штип

ФОРТИНБРАС Е ПИЈАН

Јануш Гловацки

Режија: Синиша Ефтимов

Актери: Владимир Тулиев, Пеце Ристовски, Миле Вратеовски, Елена Сорава, Ефтим Трајчов, Милорад Ангелов

18. септември

Културен центар Акорд, Никшиќ, Црна Гора

ЛЕСНО ПАРЧЕ

Небојша Ромчевиќ

Режија и адатација: Драган Кнежевиќ

Костимографија: Радуле Лаловиќ

Актери: Владимир Ковачевиќ, Милена Васиљевиќ, Тијана Никчевиќ, Веселин Љешковиќ, Мило Вучиниќ, Војо Мрваљевиќ, Милош Радош, Синиша Кадовиќ

19. септември

Општински драмски театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

КВАРТЕТ ЗА ДВАЈЦА

Анатолиј Крим

Режија и сценографија: Михаил Саказов

Актери: Георги Бојаџиев, Василка Сумева, Ива Караманчева, Снежана Малковска

20. септември

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

СТАМЕНА И ГОРЧИЛО

Стеван Николиќ

Режија: Тибор Вајда

Тон мајстор: Драгослав Добросављевиќ

Актери: Соња Радосављевиќ, Бојан Белиќ, Олга Назариќ

21. септември

Драмско студио при СОУ „Ѓорче Перов", Крива Паланка

КАМЕН НА МОЈАТА МЛАДОСТ

режија: Лиле Стојановска, Зорица Давитковска, Елена Јакимовска

Актери: Членови на Драмското студио

2012. ГОДИНА

15. септември

Културен центар Акорд, Никшиќ, Црна Гора

УМОРНИ

Небојша Ромчевиќ

Режија: Светозар Бајовиќ

Директор, музика: Драган Кнежевиќ

Актери: Војо Мрваљевиќ, Владимир Ковачевиќ, Јелена Јосиковац, Јелена Вилотиевиќ, Милан Бошковиќ, Драгана Пајовиќ, Мило Вучиниќ, Данијел Чолевиќ, Никола Канкарош

16. септември

Народен театар Бора Станковиќ, Врање, Србија

ЖЕНСКИ РАЗГОВОРИ

Душко Радовиќ

Режија, сценографија, костимографија и музика: Небојша Дугаличќ

Актери: Радмила Ѓорѓевиќ, Жетица Дејановиќ, Тамара Стошиќ, Милена Стошиќ, Кристина Јањиќ

17. септември

Градски театар Градишка, Босна и Херцеговина

НЕ СЕ КЛАДИ НА АНГЛИЧАНИ

Владимира Ѓурѓевиќ

Режија: Душко Лончар

Сценографија: Радован Вукосав

Костимографија: Драшко Видовиќ

Актери: Златан Видовиќ, Ѓорѓе Јанковиќ, Адмир Мешиќ

18. септември

Општински драмски театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

ГОСПОДИН БАЛКАНСКИ

Георги Данаилов

Режија: Некола Петков

Сценографија: Георги Славков

Композитор: Јури Ступел

Актери: Ивајло Колојанчев, Веселин Цанев, Иван Иванов, Светислав Пеев, Николај Илчев, Георги Бојаџиев, Љуба Пашова, Василка Сумева, Снежана Малковска

19. септември

Уметничка работилница Призор, Белград, Србија

ЛОВЦИ НА МИРАЗ

Душко Радовиќ

Режија: Раде Вукотиќ

Музика: Мирољуб Аранѓеловиќ-Расински

Актери: Иван Бекјарев, Катарина Марковиќ, Срѓан Карановиќ, Лепомир Ивковиќ, Бојан Лазаров, Раде Вукотиќ, Марко Марковиќ

20. септември

Народен театар Охрид

АЈДЕ ДА СИ РЕЧЕМЕ УШТЕ ЕДНА

Режија: Андреј Цветановски

Актери: Горан Стојановски, Јасмина Билаловиќ, Никола Тодороски, Стрезо Стаматовски, Адријана Билаловиќ, Ивица Цонев, Билјана Билаловиќ, Игор Георгиев

21. септември

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

ДАЛИ ТОА БЕШЕ ПТИЦА

Ефраим Кишон

Адаптација, режија, музика, сценографија и костими: Филип Марковиновиќ

Актери: Соња Радосављевиќ, Иван Ѓорѓевиќ, Драган Џанкиќ, Бојана Удицки, Павле Петровиќ, Диана Петровиќ

22. септември

Македонски народен театар, Скопје

ПОСЛЕДНИТЕ МАКЕДОНЦИ

Автори: Сашо Миленковски, Тихомир Спировски, Велика Стојкова-Серафимовска, Бојан Трифуновски, Љупчо Маневски, Снежана Балканска, Венко Серафимов

Актери: Билјана Беличанец-Алексиќ, Билјана Драгичевиќ-Пројковска, Снежана Балканска, Трајанка Илиева, Рубенс Муратовски, Зоран Љутков, Игор Ангелов

2013. ГОДИНА

15. септември

Драмски театар, Скопје

ГРЕВ ИЛИ ШПРИЦЕР

Сашко Насев

Режија: Дејан Дамјановски

Автор на музиката: Венко Серафимов

Сценографија: Филип Јовановски

Костимографија: Билјана Каран

Актери: Драган Спасов-Дац, Зоран Љутков, Ана Стојановска, Мартин Јордановски, Сашо Тасевски, Маја Вељковиќ-Пановска, Роберт Вељановски, Билјана Драгичевиќ- Пројковска

16. септември

Народниот театар Јазавац, Бања Лука, Босна и Херцеговина

ПОСТ МАШКИ СТРЕС

Душко Радовиќ

Драматизација и адаптација: Марио Ќулим

Сценографија и костимографија: Драгана Пурковиќ Мацан.

Музика: Дејан Илиќ и Дејан Зориќ

Актерки: Сандра Љубојевиќ, Драгана Мариќ

17. септември

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

МАЛОГРАЃАНСКА СВАДБА

Бертолд Брехт

Режија, костимографија и сценографија: Александар Швабиќ

Кореографија: Бојана Мишиќ

Музика: Момир Цветковиќ и Иван Антиќ.

Актери: Драган Џаниќ, Вања Јањиќ, Срѓан Радивојевиќ, Јованка Божиќ, Соња Радивојевиќ, Бојан Белиќ, Тамара Тамчи Тоскиќ, Иван Ѓорѓевиќ

18. септември

Уметничка работилница Призор, Белград, Србија

ДА ГИ СМЕНИМЕ ЖЕНИТЕ

по мотив на бродвејскиот хит „Си ја сакам жената”

Текст и режија: Раде Вукотиќ

Актери: Мина Лазаревиќ, Ивана Кнежевиќ, Срѓан Ивановиќ, Милан Калениќ

19. септември

Културен центар Акорд, Никшиќ, Црна Гора

РИМА

Николај Кољада

Адаптација и режија, сценографија, костимографија и музика: Драган Кнежевиќ

Актери: Јелена Вилотиевиќ, Војо Мрваљевиќ, Адријана Јововиќ, Милан Бишковиќ

20. септември

Народен театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

КАКО МИНАВ СНОШТИ

по мотив од „Идеална свадба” од Робин Хејди, од авторите Светислав Пеев и Јурио Ступел

Режија: Светислав Пеев

Актери: Николај Илчев, Иван Иванов, Викторија Јанева, Ива Караманчева, Василка Сумев, Снежана Малковска

21. септември

Народен театар Војдан Чернодрински, Прилеп

ОД КОЛ НА КОЛ 1

Реј Куни

Режија: Коле Ангеловски

Актери: Трајче Иваноски, Виолета Чакарова, Цветанка Чавлеска, Андон Јованоски, Најдо Тодески, Марјан Чакмакоски, Димитар Вандески

22. септември

Уметничка работилница Призор, Белград, Србија

SВЕЗДИ И ТАЛЕНТИ

Марко Камелоти

Адаптација и режија: Раде Вукотиќ

Актери: Лепомир Ивановиќ, Срѓан Карановиќ, Жарко Степанов, Ивана Поповиќ, Марина Воденичар, Катарина Борша

2014. ГОДИНА

14. септември

Свечено доделување на награда на лауеатот на Фестивалот за 2014 година Мето Јовановски

Промоција на монографијата „Балканот низ театарската игра“ од Гоце Ристовски. Промотор на монографијата Трајче Кацаров

15. септември

Народен театар Тузла, Босна и Херцеговина

ДРЖАВЕН КРАДЕЦ

Фадил Хаџиќ

Режија: Томислав Крстиќ

актери: Миленко Иликтаревиќ, Ненад Томиќ, Решад Барчиќ

16. септември

Народен театар Невена Коканова од Дупница, Бугарија

КРИВОИЗБРАНАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Добри Војников-Михаил Веши

Режија: Светослав Пеев

Актери: Светослав Пеев, Василка Сумев, Ива Караманчева, Викторија Јанева, Снежана Малковска, Иван Иванов, Николај Илчев, Димитар Станимиров, Георги Бојаџиев, Красимира Јорданова

17. септември

Народен театар Славија, Белград, Србија

ЉУБОВНИЦИ

М. Камелоти

Адаптација и режија: Раде Вукотиќ

Актери: Катарина Марковиќ, Бојана Ординчев, Срѓан Карановиќ, Сташа Радуловиќ, Марко Живиќ

18. септември

Народен театар Битола

БЕЗ ПАНИКА

Мика Мулуахо

Режија: Благој Мицевски

Актери: Никола Пројчески, Марјан Ѓорѓиевски, Александар Копањ

19. септември

Народен театар Лесковац, Србија

СЀ ЌЕ СЕ РАЗЈАСНИ

Радиша Грујиќ

Режија: Радиша Грујиќ

Актери: Богољуб Митиќ, Дејан Тончиќ, к.г. Александар Кањевац, Маја Јанковиќ, Јасна Радивојевиќ, Зоран Стаменковиќ, к.г. Доктор, Миодраг Крчмариќ, Иван Јанковиќ, Немања Живковиќ, Филип Радивојевиќ, Наташа Станковиќ

20. септември

Народен театар Велко Канев, Тополовград, Бугарија

БАЛКАНСКИ АРИСТОКРАТИ

Љубинка Бобиќ

режија: Влчо Јанев

сценографија: Александрна Игнатова

21. септември

Струмички народен театар

НЕ ЧУКАЈ БЛИСКУ ДО СРЦЕТО

Митко Бојаџиски

Режија: Синиша Ефтимов

Актери: Ванчо Мелев, Оливера Аризанова, Јулија Милкова, Стојан Велков - Трн

22. септември

Народен театар Вировитица, Хрватска

ЌУП

Режија: Рената Карола Гатица

Улоги: Младен Ковачиќ, Игор Голуб, Власта Голуб, Антун Врбенски, Снијежана Ланчиќ – Прпиќ, Владимир Андриќ

2015. ГОДИНА

14. септември

Свечено отварање на фестивалот

Кревање на фестивалското знаме

Свечено доделување на признанието лауреат за 2015 на Јордан Плевнеш

15. септември

Народен театар Лесковац, Србија

РАНЕТ ОРЕЛ

Според роман од Мир-Јам

Режија: Синиша Евтимов

Улоги: Сузана Грујиќ, Николина Спасиќ, Иван Јанковиќ, Маја Јанковиќ, Богољуб Митиќ, Тања Крчмариќ, Предраг Смиљковиќ, Наташа Станковиќ, Немања Живковиќ, Јелена Младеновиќ, Петра Димитријевиќ

16. септември

Промоција на книгата „Од обред до театар“ од проф. д-р Тихомир Стојановски

Промотор: Трајче Кацаров

Актер: Страшко Милошевски

Театар Комедија, Скопје

АХ, ЉУБОВ МОЈА

турска приказна

Режија: Коле Ангеловски

Актери: Нина Деан, Атанас Атанасовски, Зорица Стојановска, Крсте Јовановски, Кристина Ласовска, Едмонд Сотир, Жаклина Стевковска, Роберт Ристов, Александар Микиќ, Ердоан Максут, Бојан Велевски, Слаѓана Вујошевиќ, Валентин Костадиновски

17. септември

Уметничка работилница Призор, Белград, Србија

ЦИМЕРИ

Метју Карсон

Адаптација и режија: Раде Вукотиќ

Композитор: Александар Милетиќ

Актери: Марија Вељковиќ, Ана Сакиќ, Сташа Радуловиќ, Саша Јоксимовиќ, Милан Васиќ

18. септември

Општински народен театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

КАРИЕРИСТИ

Иван Вазов

Адаптација и режија: Светислав Пеев

Композитор: Јури Ступел

Актери: Николај Иванов, Ивајло Захариев, Ивајло Калојанчев, Василка Сумева, Славчо Пеев, Викторија Јанева, Валентин Балабанов, Иван Иванов, Петја Хаздаи, Марија Миради, Георги Бојациев, Снежана Малковска, Красимира Јорданова

19. септември

Промоција на драмата „9“ од Гоце Ристовски. Промотор: Тодор Кузманов

19. септември

Арт маркетинг продукција во копродукција со МНТ

АЛМА МАЛЕР

Сашо Димовски

Режија: Васил Зафирчев

Музика: Калиопи Букле

Избор на музика: Сашо Димовски и Васил Зафирчев

Извршен продуцент: Верче Пецева

Костимографија: Тања Кокев

Актери: Милица Стојанова, Ѕвезда Ангеловска

Претставата во последен момент беше откажана поради болест на една од актерките.

20. септември

Народен театар Херцег Нови, Црна Гора

НЕ СМЕ НИЕ ОД ВЧЕРА

Сценографија и режија: Данијел Прашчевиќ

Актери: Данијел Прашчевиќ, Бојан Каљевиќ, Зоран Мириќ

21. септември

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

ЛАГИ И ПАРАЛАГИ

Јован Стерија Поповиќ

Сценографија и режија: Јован Грујиќ

Актери: Иван Ѓорѓевиќ, Александар Милковиќ, Вања Јањиќ, Драган Џанкиќ, Тамара Тамчи Тоскиќ, Срѓан Радивојевиќ

22. септември

Градски театар Јоза Ивакиќ, Винковци, Хрватска

НЕ СЕ МОТКАЈ РАЗГОЛЕНА НАОКОЛУ

Жоржес Фејдо

Адаптација и режија: Роберт Крајиновиќ

Сценографија и костимографија: Владимир Адолф Солдо

Актери: Домагој Мркоњиќ, Матеа Грабиќ, Владимир Андриќ, Зорко Багиќ, Мија Червен

23. септември

Драмско студио при НУ Центар за култура, Крива Паланка

ЧОРБАЏИ ТЕОДОС

Васил Иљоски

Режија: Лиле Стојановска, Глигор Цветковски

Актери: Христијан Стаменковски, Христијан Цековски, Тамара Ристовска, Андријана Алексовска, Виктор Стаменковски, Андриан Пеевски. Никола Јакимовски, Марија Божовска, Исидора Нунева, Матеј Цветановски, Давор Петровски, Елизабета Јованова, Викторија Стаменковска, Борислав Стојановски, Емануела Стоевска, Тамара Јаначковска, Давид Здравковски, Дамјан Здравковски

2016. ГОДИНА

14. септември

Кревање на фестивалското знаме

Врачување на наградата на Јелена Жугиќ, лауреатката на Фестивалот. Реч за лауреатката: Лилјана Мазова

15. септември

Театар Комедија, Скопје

СТЈУАРДЕСИ

Марк Камолети

Режија: Синиша Ефтимов

Актери: Атанас Атанасовски, Валентин Костадиновски – Тино, Марија Кондовска, Кристина Ласовска, Жаклина Петровска, Тања Мицков

16. септември

30 години литературно творештво на м-р Трајче Кацаров. Промотор: Страшко Милошевски

Народен театар Тузла, Босна и Херцеговина

СВРШУВАЧКА

Антон Павлович Чехов

Режија: Миљенко Иликтаревиќ

Актери: Решад Барчиќ, Елвира Аљукиќ, Миленко Иликтаревиќ

17. септември

Народен театар Бора Станковиќ, Врање, Србија

КАДЕ МИ Е ЖЕНАТА

Лука Ѓакомаци

Адаптација и режија: Лилијана Ивановиќ

Актери: Бојан Јовановиќ, Марко Петричевиќ, Жетица Дејановиќ

18. септември

НУЦК Трајко Прокопиев, Народен театар Куманово

ИДИОТИ

Муза Павлова

Режија: Мирослав Петковиќ

Актери: Александра Михајловска, Мартин Лазаревски, Марко Трајковиќ, Владо Дојчиновски

први септември

Промоција на романот „Претстава“ од Гоце Ристовски. Промотори: Проф. Д-р Димитар Пандев и Јулијана Величковска

19. септември

Продукција Како вам драго, Белград, Србија

ЗАПОЗНАЈ ГО ТАТКО МИ

Алан Ејкборн

Режија: Сташа Копривица

Актери: Андреј Шепетковски, Нина Јанковиќ, Андрија Данчиќ, Катарина Гојковиќ

19. септември

Народен театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

АФЕРАТА ВО ВЕСТМИНСТЕР ХОТЕЛ

Реј Куни

Режија и адаптација: Светислав Пеев

Актери: Ивајло Калојанчев, Светислав Пеев, Ивајло Захариев, Василка Сумева, Марија Миради, Георги Бојаџиев, Викторија Јанева, Иван Иванов, Снежана Малковска, Николај Иванов

20. септември

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

ЗЛА ЖЕНА

Јован Стерија Поповиќ

Режија: Јован Грујиќ

Актери: Иван Ѓорѓевиќ, Дојна Петровиќ, Моника Болдовина Бугле, Срѓан Радивојевиќ, Драган Џанкиќ. Тамара Тамчи Тоскиќ, Вања Радошевиќ

21. септември

Културна работилница Призор, Белград, Србија

ГОСПОДИН ПРАТЕНИК

Текст и режија: Раде Вукотиќ

Актери: Марко Живиќ, Катерина Марковиќ, Сташа Радуловиќ, Саша Јоксимовиќ, Бојана Грабовац

23. септември

Драмско студио Н.У Центар за култура Крива Паланка

НЕ СЕ КЛАДИ НА АНГЛИЧАНИ

Владимир Гурѓевиќ

Режија: Глигор Цветковски

Актери: Александар Ристовски, Кристијан Алексовски Кристијан Цековски

2017. ГОДИНА

14. септември

Отварање на изложба на театарска фотографија „Припитомување на крикот“ од Љупчо Илиевски

Кревање на фестивалското знаме

НУ Центар за култура „Григор Прличев”, Народен театар Охрид

АНАЛФАБЕТ

Според Бранислав НУШИЌ

Режисер: Ѓорѓи РИЗЕСКИ

Актери: Горан Стојаноски, Никола Тодороски, Стрезо Стаматовски, Елизабета Стефановска, Магдалена Лапајкоска

15. септември

Општински Народен Театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

АМА, ТОА СЕМЕЈСТВО

Според Мајкл и Реј Куни

Режија: Валентин Балабанов

Актери: Ивајло Калојанчев, Ивајло Захариев, Ива Караманчева, Викторија Јанева, Иван Иванов, Георги Бојаџиев, Веселин Цанев, Светислав Пеев, Василка Сумева, Валентин Калојанчев

16. септември

„Исиот“ – промоција на книгата поезија од Симон Грабовац. Преепев на македонски јазик: Гоце Ристовски. Промотор: Славе Ѓорѓо Димоски

Издавач: ПНВ Публикации –Скопје

Врачување на наградата на лауреатот Гоце Ристовски

Културен центар Нови Сад и Театар 33, Србија

9

Гоце Ристовски

Режија: Богдан Јанковиќ

Драматург: Симон Грабовац

Актери: Лазар Јованов, Соња Лештар

17. септември

Уметничка работилница Призор, Белград, Србија

РИАЛИТИ ПРЕСМЕТКА

Вања Булиќ

Адаптација и режија: Раде Вукотиќ

Актери: Иван Бекјарев, Данина Јефтиќ, Игор Дамјановиќ

18. септември

„Креативна бурлеска “ – промоција на книга поезија од Јоана Шишкова. Промотор: Гоце Ристовски

Градски театар Јоза Ивакиќ, Винковци, Хрватска

ВО БАБИНО ГНЕЗДО

По мотив од филмот на Дени Де Вито „Дуплекс“

Адаптација и режија: Цветин Аничиќ

Актери: Бланка Барт, Владимир Андриќ, Петра Краљев

19. септември

Народен театар Јордан Хаџи Константинов Џинот при НУ Центар за култура Велес

СИНИОТ ПОРТОКАЛ

Џо Пенел

Режија: Александар Ивановски

Актери: Самоил Стојановски, Фаик Мефаилоски, Жарко Спасовски

20. септември

Народен театар Лесковац, Србија

МУШИЧКА

Режија: Ивица Клеменц, Станислав Грујиќ

Актери: Станислав Грујиќ, Мина Милошевиќ, Филип Радивојевиќ, Ненад Митровиќ, Сузана Грујиќ, Петра Димитријевиќ

21. септември

Народен театар при народно читалиште Отец Пајсиј 1919, Сандански, Р. Бугарија

МАМУТ

Адаптација и режија: Станислав Стратиев

Актери: Љубов Шарина, Иван Павлов, Нина Капитанова, Вања Субашева, Веска Танурска, Стефи Филипова, Христо Јорданов, Светлана Стоилкова, Дејан Иванов, Јулијана Голчева, Георги Андонов

2018. ГОДИНА

14. септември

Свечено отворање на Фестивалот

Кревање на фестивалското знаме

Свечено доделување на наградата Лауреат на фестивалот за 2018 година на актерот Благоја Чоревски

Промоција на книга „Театарски сновиденија“, театарски критики во стих од Тодор Кузманов

Промотор: Гоце Ристовски

Ретроспективна изложба на театарска фотографија и плакат по повод 10-годишниот јубилеј на фестивалот.Автор Стојанче Величковски

15. септември

Театар Комедија, Скопје

ЖЕНА МИ СЕ ВИКА БОРИС

Рафи Шарт

Режија: Синиша Евтимов

Сценографија: Орхан Ќамилов

Костимографија: Александар Ношпал

Актери: Сашо Ристовски Мими Поповска - Ристов Роберт Ристов Ева Скендеровска Жаклина Петровска Столе Мицов Александар Михајловски

16. септември

Општински народен театар Невена Коканова Дупница, Република Бугарија

ХОТЕЛ МЕЃУ ОВОЈ И ОНОЈ СВЕТ

Ерик Емануел Шмит

Режија: Валентин Балабанов

Актери: Анастасија Левордашка Иван Иванов Василка Сумева Георги Бојаџиев Снежана Малковска Ивајло Захариев Викторија Јанева Ивајло Калојанчев

17. септември

Изложби на фотографии за дејноста на примабалеринатa Зоица Пуровска Велевска „Божја искра“

Југоарт продукција и Агенција Призор плус, Белград, Србија

ПРИМАДОНИ

Адаптација и режија: Ирфан Менсур

Актери: Тања Бошковиќ, Рада Ѓуричин

18. септември

Промоција на книгата „Крилести одаи“ од Јоана Шишкова. Промотор: Гоце Ристовски

Градски театар Јоза Ивакиќ, Винковци, Хрватска

ТРИ ТРЕТИ ТРОМЕСЕЧЈА

Нина Хорват

Режија: Франа Марија Вранковиќ

Актери: Миа Крајцар, Мартина Стјепановиќ, Николина Љубоја

19. септември

Драмски театар Скопје

ЛЕТ НАД КУКАВИЧКО ГНЕЗДО

Кен Киси

Режија: Ристо Алексовски

Актери: Сашо Тасевски, Емилија Мицевска, Соња Стамболџиоска, Благој Чоревски, Диме Илиев, Златко Митрески, Ѓорги Тодоровски, Ненад Нацев, Игор Ангелов, Игор Георгиев, Предраг Павловски, Мелита Софрониоска, Александра Павлова

20. септември

Промоција „ Со вкус на овошен сладолед “ збирка од три драмски текстови од Трајче Кацаров. Промотори: Тодор Кузманов, Гоце Ристовски

20. септември

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

ХЕРОЈ НА НАЦИЈАТА

Иван М. Лалиќ

Режија: Предраг Стојменовиќ

Актери: Срѓан Радивојевиќ, Тамара Тамчи Тоскиќ, Предраг Грујиќ, Марија Пантин, Неда Грубиша

21. септември

Агенција Призор плус, Белград, Србија

СЕКС БОМБА

Текст и режија: Раде Вукотиќ

Актери: Кристина Раденковиќ, Марија Вељковиќ, Ѓорѓе Давид, Никола Ивачков

22. септември

Театар Солзи и смеа, Софија, Бугарија

ДА ЈА УБИЕМЕ БАБАТА

Режија: Васил Василев

Играат: Ана Петрова, Дидо Мачев, Николај Тодоров, Тања Кожухарова, Жанет Миовска, Божидар Минков

23. септември

СОУ Ѓорче Петров, Крива Паланка

ЈАС ПОВЕЌЕ НЕ СУДАМ, ТИЕ МИ ПРЕСУДИЈА МЕНЕ

Режија: Зорица Давитковска, Елена Јакимовска, Даниела Стојмировска

Актери: Александар Тасевски, Јоана Илиевска, Иван Стаменковски, Анѓела Стамболиска, Виктор Ивановски, Виктор Стојановски, Тамара Атанасовска, Кристина Строимановска, Давид Митковски, Ивана Манојловска, Исидора Станковска, Елена Величковска, Миа Колевска, Наташа Тошевска, Матеј Ристовски, Анѓела Јакимовска, Андреј Станковски

2019 година

1. октомври

Свечено отварање на Фестивалот

Доделување на наградата Лауреат на фестивалот за 2019 година на Коле Ангеловски

Градски театар Јоза Ивакиќ од Винковци, Република Хрватска,

ЉУБАФ

Мјури Шисгал

Режија Горан Рибариќ

Сценографија: Дражен Матијашевиќ

Актери: Матеа Марушиќ, Дориан Паулиќ, Дејан Фајфер и Владимир Андриќ.

2. октомври

Промоција на книгата „50 години во драмски... и клоцата во...“ од Коле Ангеловски.

Промотор: М-р Трајчо Кацаров

Народен театар Лесковац, Србија

ПОЛОВЊАЧИ

Лик Хибнер

Актери: Иван Јанковиќ, Маја Јанковиќ, Маја Јовановиќ, Сузана Грујиќ

3. октомври

Промоција на драмата „Брачниот живот на Зоне Замфирова“ од Трајче Кацаров. Промотор: Мишел Павловски

3. октомври

Општински народен театар Невена Коканова, Дупница, Бугарија

СКОРО КАКО ЧОВЕЧКИ ГЛАС

Вичо Балабанов

Режија: Валентин Балабанов и Славчо Пеев

Сценографија: Георги Славков

Актери: Георги Бојаџиев, Петко Каменов, Анастасија Левордашка, Ивајло Калојанчев, Викторија Јанева, Владимир Богданов

4. октомври

Драмски театар, Скопје

КАКО ДА СЕ ОГРАБИ БАНКА

Сами Фејд

Режија: Иван Манасковски

Актери: Лазе Манасковски, Марија Кондовска, Гоце Тодоровски, Симон Манасковски, Катерина Шехтанска – Лаковски, Калина Наумовска, Игор Георгиев

5. октомври

Промоција на книгата„Дарежливоста на Божјата рака“ од Гоце Ристовски.

Драмски куклен театар, Враца, Бугарија

СИМУЛАТОР ЗА СПАРУВАЊЕ

Џозеф Скримшоу

Режија: Венцислав Асенов

Превод: Љубов Костова

Актери: Борислав Борисов, Цветана Горкиева, Борислав Николов

6. октомври

Театар Јордан Хаџиконстантинов Џинот, Велес, Македонија

ОДАМ НА ЛОВ

Жорж Фејдо

Режија: Деан Дамјановски

Актери: Маја Љутков, Фаик Мефаилоски, Васил Зафирчев, Самоил Стојановски, Жарко Спасовски, Кети Борисовска, Талија Настова

7. октомври

Агенција за сценски изведби Студио Призор, Белград, Србија

САМЦИ И САМИЦИ

Режија: Радомир Вукотиќ

Актери: Бојана Грабовац, Стефан Радоњиќ, Драгана Мичаловиќ, Душан Матејиќ, Јелисавета Кораксиќ

8. октомври

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

НЕОБИЧНА ВЕЧЕР

Жан Клод Каријер

Режија: Лилијана Ивановиќ

Актери: Соња Радосављевиќ, Срѓан Радивојевиќ

2020 ГОДИНА

19. декември

Прогласување на лауреатот на Меѓународниот тетарски фестивал (МТФ) „Свети Јоаким Осоговски“ и врачување на наградата на македонскиот актер Гоце Тодоровски.

Поради здравствената криза, оваа година на МТФ „Свети Јоаким Осоговски“ немаше театарски претстави.

2021 ГОДИНА

2. октомври

Прогласување на лауреатот на 13-тиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, македонскиот актер Ѓокица Лукаревски.

Уметничката работилница Призор од Белград, Србија,

SВЕЗДЕНО ЦИГАНСКО КАБАРЕ

текст и режија: Раде Вукотиќ

Актери: Мира Ѓурѓевиќ, Нино Адемовиќ

4. октомври

Југоарт продукцијата од Белград, Србија

ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ СЕГА

Актери: Софија Јуричан, Иван Ѓорѓевиќ Цуди

6. октомври

Театар Провокација, Скопје

ПРВО ЌЕ МЕ ЗЕМЕШ, ПОСЛЕ ЌЕ МЕ...

Режија: Ѓорѓи Ризевски

Костимографија: Елена Лука

Сценографија: Роберт Ристов

Актери: Роберт Ристов, Мирјана Ристов, Дарко Вељиќ,

7. октомври

Драмски театар, Скопје

ПАРТИЈА РЕМИ

Доналд Ли Кобурн

Режија: Виолета Џолева

Сценографијата: Доротеа Ѓорѓиевска

Костимографија: Лидија Георгиева

Актери: Ѓокица Лукаревски, Маја Вељковиќ-Пановска

2022 ГОДИНА

27-28 октомври. – ГИГА ФЕСТ – денови посветени на Глигор Цветковски – Гига

27. октомври

Видео проекција на монодрамата ЖЕНИТЕ НА ШЕКСПИР

со актерката Елизабета Стефановска

Режија: Глигор Цветковски

Костимограф: Ванчо Василев

Видео/фото Ѓорѓи Костовски

Тон мајстор: Петар Спасовски

Монтажа: Александар Гоцев

27. октомври

Изложба на фотографии од Ѓорѓи Костовски „Дејноста на драмското студио“

Уметнички инсталации од Кирила Цветковска, Стефан Јакимовски и Ѓорѓи Костовски.

27. октомври

Продукција Здружение за култура Транзен, монодрама

КРОТКА

според истоимената новела од Достоевски

режија и драматизација: Дејан Ангелов

Актер: Стојан Велков Трн

музика: Ставре Ангелаков

Сценографија и дизајн: Никола Пијанманов

28. октомври

Поетско читање „Зорозбор“

Учесници: членови од литературниот клуб „Калин“ од Крива Паланка и поетите од Струмица, Митко Гогов и Ален Нанов. Поетското читање беше заокружено со поема од Кирила Цветковска, поетеса и историчарка на уметност од Крива Паланка.

30. октомври

Уметничка работилница Призор, Белград, Србија

БРАК ОД А ДО Ш

Текст и режија: Раде Вукотиќ

Кореографија: Тамара Антонијевиќ

Избор на музика: Данило Вукотиќ

Актери: Никола Ивачков и Маја Брукнер

1. декември

Независна продукција

ЧЕКАЈЌИ ГО МИНИСТЕРОТ

Автор и режисер: Семир Гичиќ

Актери: Лидија Вукиќевиќ, Семир Гициќ и Сашко Ристовски

2. декември

Народен театар Куманово

СЕКС И ЛАГИ

Марк Камолети

режија: Драгана Таневска

драматург: Симона Токсиќ

сценографија: Крсто Богојевски

костимограф: Дарко Илиевски

композитори Бојан Поповски и Огнен Давитковски

Актери: Марко Трајковиќ, Сања Русеска, Анастасија Величковиќ, Жарко Јовановиќ, Нина Максимова, Александра Михајловска и Никица Јанковски, Анастасија Величковиќ, Златко Јовановиќ

3. декември

Театар Провокација, Скопје

РАЗВЕДИ МЕ

Драматизација работена по инспирација од урбаните сценарија: „Развод“, „Заедништво“, „Храна и љубов“ и „Брачна приказна“

режија, драматаизација и костими: Роберт Ристов

кореограф: Марија Бејкова

актери: Мирјана Поповска Ристов, Роберт Ристов

4. декември

СТЕНД АП СО ТИНО И АТАНАС

Изведувачи: Валентин Костадиновски – Тино и Атанас Атанасовски

5. декември

Нороден театар Стерија, Вршац, Србија

БРАЧЕН КРУГ

Текст и режија: Јован Грујиќ

Инспирирано од мотивите и ситуациите на Олбиевите „Брачни игри’

Превод: Борислав Герзиќ

Адаптација: Јован Грујиќ

Сценографија и костими: Софија Лучиќ

Музика: Момир Цветковиќ

Актери: Иван Ѓорѓевиќ,Тамара Тамчи Токсиќ

6. декември

Драмско студио при СОУ „Ѓорче Петров“, Крива Паланка

ПАЛАНЕЧКО ЗОНЕ

Режија: Зорица Давитковска, Лиле Стојановска, Елена Јакимовска и Даниела Стојмировска

2023 ГОДИНА

28. септември

СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА по повод петнаесетгодишнината на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

29. септември

Независна продукција, Скопје

ЗА НАС ПОЧНУВА ЖИВОТ

Ѓерѓ Шпиро

Режија: Дејан Пројковски

Костимографија: Марија Пупчевска

Музика: Горан Трајковски

Асс. на режија: Дамјан Димовски

Плакат и видео: Стојан Стојановски

Актери: Билјана Драгичевиќ Пројковска, Нино Леви

30. септември

Народен театар Стерија, Вршац, Србија

ОТКАЧЕНО ЗАПРОСУВАЊЕ

Зоран Божовиќ

режија: Петар Пјер Рајковиќ

Сценограф и костимограф: Софија Лучиќ

Актери: Милош Ѓуровиќ, Јована Андреевиќ-Грујиќ, Соња Радосављивиќ, Срѓан Радосављевиќ

1. октомври

Уметничка работилница Призор, Белград, Србија

ВЕСЕЛИ ДЕВОЈКИ

Мјузикл

Режија, избор на музика, костими, сценографија и адаптација: Раде Вукотиќ

Изведувачи: Маја Брукнер,Светлана Сретеновиќ, Зорана Павиќ, Тијана Дапчевиќ,Ивана Петерс

2. октомври

Драфт театар, Тузла, Босна и Херцеговина

СО КОГО И СО ШТО ВО ЕУ

монодрама

Проект на: Драган Тешиќ

3. октомври

Градски театар Јоза Ивакиќ, Винковци, Хрватска

ТРИ И ПОЛ СЕСТРИ

Петра Цицвариќ

Режија: Пеѓа Гвоздиќ

Костимограф: Морана Петровиќ

Сценски движења: Маја Хубер

Актери: Петра Цицвариќ, Матеа Марушиќ, Мартина Стјепановиќ, Ловорка Трдин

4. октомври

Југоарт продукција, Белград, Србија

НОЌ ВО КУЌАТА НА ГОСПОДИН КОЛАК

Владимир Ѓурѓевиќ

Режија: Ирфан Менсур

Костимограф: Селена Младеновиќ

Дизајн на светло и звук: Игор Боровиќ- Ципи

Музика: Зијо Валентино

Музика за хор: Леонтина Вукомановиќ

Актери: Слободан Бодо Нинковиќ, Ирфан Менсур, Владимир Керкез

Преставата во последен момент беше откажана поради болест на еден од актерите.

5. октомври

Народен театар Лесковац, Србија

ЧЕКАЈЌИ ГО ДОКТОРОТ

Режија: Синиша Ефтимов

Костимографија и сценографија: Илина Ангеловска

Актери: Петар Смиљковиќ, Тања Крчмарик, Филип Радивојевиќ, Сузана Грујиќ, Иван Јанковиќ, Петра Димитријевиќ, Наташа Пејиќ

6. октомври

Врачување на Специјалната награда „Св. Јоаким Осоговски“ на актерот и режисер Владо Денчов

Народен театар Штип

ВЛАСТ

Бранислав Нушиќ

Режија: Ѓорѓи Ризевски

Актери: Ефтим Трајчов Ѓаурски, Милорад Ангелов, Никола Милошевски, Елена Шорова Дербов, Марко Трајковиќ, Ава Хусеини, Миланчо Ѓеоргиев, Стефанија Митовска

7. октомври

Театар Комедија, Скопје

АНАТОМИЈА НА НЕВЕРСТВОТО

Валентин Красногоров

Режија: Александра Кардалевска

Драматург: Дарко Јан Спасов

Костимограф: Ивана Каранфиловска Угуровска

Актери: Жаклина Петровска и Тони Денковски

РЕАКЦИИ ВО МЕДИУМТЕ
избор

Театарски гласник

МЕСТО ШТО ГИ ОБЕДИНУВА ВИЗУЕЛНИТЕ ИМПРЕСИИ
(кон петиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" – Крива Паланка)

Од 15 до 22 септември во Крива Паланка, по петти пат, се одржа Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски", во рамките на кој беа изведени осум претстави со театри од Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Бугарија.

Одбележувајќи мал јубилеј, петгодишнина од востановувањето, фестивалот понуди богата и разновидна тетарска програма на задоволство и на публиката и на учесниците, а на завршната вечер на актерот Страшко Милшевски му беше врачена наградата „Свети Јоаким Осоговски". Во таа пригода лауреатот се претстави со избор од современото македонско поетско творештво, а реч за него одржа м-р Трајче Кацаров.
Како придружна активност беше промовирана книгата „Театарот како елитна и масовна култура" од проф. м-р Тихомир Стојановски за која зборуваше м-р Гоце Ристовски.
Меѓународниот театарски фестивал, кој беше востановен во 2009 година под покровителство на Општината и во соработка со НУ Центар за култура од Крива Паланка, е единствен според својот концепт како ревијална манифестација во Република Македонија. Нема натпреварувачки карактер, а за учесниците единствена награда е аплаузот на публиката и потврденото гостопримство на кривопаланчани.
Меѓутоа, со својот специфичен белег, во текот на изминатите петн години, се наметна како една од престижните театарски манифестации на културната мапа на нашата земја, а кривопалнечката театарска публика му даде безрезервна подршка.
Честа да го отвори петнаесеттото фестивалско издание му припадна на Драмскиот театар од Скопје со претставата „Грев или шприцер", култен драмски текст на Сашко Насев во современиот македонски театар, во режија на Дејан Дамјановски. Автор на музиката е Венко Серафимов, сценограф Филип Јовановски, а костимограф Билјана Каран.
Оваа драма за обичните луѓе, за страста и неправдата, за гревот, за љубовта и за брзината со која одминува животот, како што ја дефинира авторот Сашко Насев, ја воодушеви публиката во преполниот салон. Гледачите се забавуваа, реагираа на отворена сцена, а на крајот со долготраен аплауз ги поздравија исклучителните остварувања на потврдените актерски мајстори Драган Спасов-Дац како Крсто Шприцер, Зоран Љутков како Миле Поштарот, Ана

Стојановска како Беба, Мартин Јордановски како Тони Џанго и Црни, Сашо Тасевски како Бугарот, Маја Вељковиќ-Пановска како Мими, Роберт Вељановски како Перо Тренерот и Билјана Драгичевиќ- Пројковска како Управничката на домот.

Втората фестивалска вечер се претстави Народниот театар „Јазавац" од Бања Лука, Босна и Херцеговина, со пиесата „Пост машки стрес" работена по текст на Душко Радовиќ, во драматизација и адаптација на Марио Ќулим и сценографија и костимографија на Драгана Пурковиќ Мацан. Во овој театарски проект, за чија успешност придонесува и музиката на Дејан Илиќ и Дејан Зориќ, блескаа актерките Сандра Љубојевиќ и Драгана Мариќ, „принудувајќи" ги гледачите на гласна смеа па и спонтани коментари. Нивната игра со висок енергетски набој, со исклучителна пластичност и дикција, прецизна и шармантна, понесена од прекрасниот текст на Друшко Радовиќ и искрената реакција на публиката беше уште една потврда за квалитативното ниво на меѓународниот театарски фестивал во Крива Паланка.

Народниот театар Стерија од Вршац, Србија, на третата фестивалска вечер, ја изведе „Малограѓанска свадба" од Бертолд Брехт во режија на Александар Швабиќ кој е и костимограф и сценограф. Всушност, станува збор за дипломска претстава на младиот, евидентно талентиран и едуциран Швабиќ, со кореографија на Бојана Мишиќ и музика на Момир Цветковиќ и Иван Антиќ.

Видовме ангажирана и актуелна претстава што публиката повеќе ја прифати како забава, понесена од актерската игра на овој високо професионален театарски ансамбал, предводен од Драган Џаниќ, како Таткото на невестата. Несомнено моќната актерска екипа: Вања Јањиќ (Невестата), Срѓан Радивојевиќ (Младоженецот), Јованка Божиќ (Сестрата на невестата), Соња Радивојевиќ (Мајката на невестата), Бојан Беликќ (Пријтелот), Тамара Тамчи Тоскиќ (Жената) и Иван Ѓорѓевиќ (Нејзиниот маж) следејќи ги режисерските замисли гради стамена „театарска кула" со современа релевантност во духот на Брехт, која со „згуснувањето", по уште неколку сценски „превривања", и забрзувањето на темпото ќе зрачи со уште поголема сугестивност.

„Да ги смениме жените", претстава на уметничката работилница Призор, работена по мотив на Бродвејскиот хит „Си ја сакам жената" на текст и во режија на Раде Вукотиќ, а која како матична ја користи сцената на театарот „Славија" во Белград, ги насмеа гледачите, на моменти изнудувајќи ги нивните воздишки. Гледачите искрено се забавуваа на четвртата фестивалска вечер, понесени од играта на симпатичната актерска екипа: Мина Лазаревиќ, Ивана Кнежевиќ и Срѓан Ивановиќ и популарниот Милан Калениќ. Видливо, задоволството беше обострано – професионалните белградски актери инспирирани од спонтаните реакции на гледачите се надигруваа и „надмудруваа" на сцената. Притоа запазувајќи го компактното јадро на претставата, како што им прилега на вистински професионалци, ја водеа и пренасочуваа публиката како вода во вада.

Културниот центар „Акорд” од Никшиќ, Црна Гора, петнаесеттата фестивалска вечер, се претстави со „Рима”, пиеса работена по текст на Николај Кољада, во адаптација и режија на Драган Кнежевиќ кој се погрижил и за сценографијата, костимографијата и музиката.

Воодушевува одважноста и храборста на театарските ентусијасти од Никшиќ да се зафатат со сложената драмска структура на Кољада која е „крупен залак” и за професионални ансамбли. Тие сосема коректно ја пласираат приказната за Рима, за луѓето заборавени „и од Бога и од Ѓаволот”, за маргините на животот на кои се втурнати луѓе со срце, ум и разум. Се чини доколку буквалниот „прочит” на текстот на Николај Кољада беше актуелизиран, надграден со доза на асцијативност, што ќе рече ако се наметнеше поангажирано резултатите ќе беа уште повпечатливи, а видливо вложениот труд на актерската екипа (Јелена Вилотиевиќ – Рима, Војо Мрваљевиќ - Максим, Адријана Јововиќ – Нина и Милан Бишковиќ- Виталиј) ќе беше поблагороден.

Гостите од Бугарија, од Народниот театар Невена Коканова од Дупница ја изведоа претставата „Како минав сношти”, работена по мотив од „Идеална свадба” од Робин Хејди, од авторите Светислав Пеев и Јурио Ступел, а во режија на Светислав Пеев. Комедијата ја расположи публиката која уживаше и се забавуваше, воодушевувајќи се од играта на Николај Илчев како Џорџ, Иван Иванов како кумот Хари, Викторија Јанева како невестата Ребека, Ива Караманчева, како Марина, пријателка на Хари, Василка Сумева- Матилда, собарка во хотелот и Снежана Малковска - Лора, мајка на Ребека. Тетарот се игра за публика, а најголемата награда за учесниците во театарски проект е спонтаниот и искрен аплауз на публиката. Такво високо вреднување доби ансамблот од Дупница од најрелеватниот театарски критичар – публиката.

Театарот “Војдан Чернодрински” од Прилеп пред кривопаланчани, во рамките на петнаесеттото издание на меѓународниот театарски фестивал “Свети Јоаким Осоговски”, претпоследната фестивалска вечер, ја изведе хит претставата “Од кол на кол 1”, во режија на Коле Ангеловски, работена по текст на Реј Куни. Посетителите се изнасмеаа и уживаа во интересните случки што се раскажуваат, а кои успешно ги пренесуваат актерите Трајче Иваноски, Виолета Чакарова, Цветанка Чавлеска, Андон Јованоски, Најдо Тодески, Марјан Чакмакоски и Димитар Вандески.

Хит-претставата, која е на репертоарот на прилепскиот театар петнаесет години и досега се одиграла околу 90 пати ги воодушеви кривопаланчани и тие со долготраен аплауз го прифатија предлогот на актерите: в година, на следното фестивалско издание, да биде одиграно продолжението, претставата „Од кол на кол 2”, исто така во режија на Коле Ангеловски, со безмалку истата актерска екипа.

Уметничката работлница Призор, со својот втор настап, годинава го затвори петнаесеттото издание на меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски”. За завршница, на задоволство на гледачите, беше изведена претставата „Sвезди и таленти” во адаптација и

режија на Раде Вукотиќ, а по текст на Марко Камелоти. Лепомир Ивановиќ, Срѓан Карановиќ, Жарко Степанов, Ивана Поповиќ, Марина Воденичар и Катарина Борша ја воодушевија публиката со своите креации во комедијата која прекрасно комуницира со публиката, покажувајќи ги своите високи актерски можности и музички квалитети.

Се на се и ова фестивалско издание, ги оправда поставените цели – да одговори на културните потребите и барања на граѓаните на Крива Паланка, а годинава и со хуманитарна мисија, бидејќи собраните пари од билети ќе бидат искористени за хуманитарни цели.

Или, како што истакна Драган Недељковиќ, заменик министер за култура на Република Македонија, во својата реч на затворањето на фестивалот: „Петнаесет години театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски" е место што ги обединува визуелните импресии и пораки на сценскиот говор како интерактивен подиум на кој дефилираат најеминетните имиња на денешната современа македонска и балканска театарска сцена, презентирајќи извонредни театарски остварувања, квалитетни и естетски издражани претстави кои особено го афирмираат драмското творештво."

Гоце Ристовски

Радио Слободна Европа

ШЕСТИ МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

15. септември, 2014

Со учество на ансамбли од Босна и Херцеговина, Бугарија, Србија, Хрватска и од Македонија, од 14 до 22 септември, во Крива Паланка, се одржува шестото издание на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“, културната ревијална манифестација зад која што настојчиво стои локалната самоуправа и која се обидува и успева оваа уметност да им ја приближи на граѓаните.

Крива Паланка, од 14 до 22 септември, ќе живее со магијата што се раѓа и пулсира единствено на „штиците што значат живот“. Во тој период на градот ќе му се случува шестото издание на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“, манифестацијата која през години израсна во заумна идеја чија крајна цел е едукација и збогатување на културниот живот на граѓаните.

Со оглед на техничко-просторните можности што ги пружа Домот на култура за целото ова време развиваме концепција да донесеме главно претстави од камерен профил.
Страшо Милошевски, уметнички директор на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“.

Од таму, нималку не чуди, што и овој пат тие ќе бараат билет повеќе за претставите кои ја чинат програмата на ова случување. А, ќе бидат прикажани: „Државен крадец“ од Фадил Хаџиќ во режија на Томислав Крстиќ и продукција на Народен театар „Тузла“ од Босна и Херцеговина, „Криворазбраната глобализација“ на Светослав Пеев и Народен театар Невена Коканова од Дупница, соседна Бугарија, „Љубовници“ по Камелоти од Раде Вукотиќ и Народен театар „Славија“ од Белград, „Без паника“ на Благој Мицевски и Народен театар – Битола, „Сè ќе се разјасни“ - проектот на Радиша Грујиќ и Народен театар „Лесковац“, „Балкански аристократи“ - на театарот од бугарскиот Тополовград, „Не чукај блиску до срцето“ од Митко Бојаџиски што Синиша Ефтимов ја постави на сцената на театарот „Антон Панов“ во Струмица и конечно „Ќуп“ на Рената Карола Гатица и Народен театар „Вировитица“ од Хрватска.

Идејата за монографијата беше на некаков начин да се заокружат сите активности кои што се одвивале на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка.
Гоце Ристовски, писател и театарски критичар.

„Со оглед на техничко-просторните можности што ги пружа Домот на култура за целото ова време развивавме концепција да донесеме главно претстави од камерен профил. Згора на тоа настојувавме да дојдат проекти од сите држави на поранешна Југославија поради блискоста на јазиците и потребата нив да ги разберат сите граѓани на Крива Паланка. Од таму во изминатиот период ни доаѓаа претстави од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, годинава имаме и од Бугарија, а некако стана практика да имаме и по два театри од Македонија, што значи дека досега се имаат извртено безмалку сите професионални ансамбли од земјава“, вели Страшо Милошевски, уметнички директор на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“.

Тој, појаснува дека Крива Паланка во изминатите децении и не може да се пофали со развивање на некаква културна дејност од областа на театарот и дека всушност зачетоците на манифестацијата датираат од пред нецели десет години кога Театарот „Скрб и утеха“ започнал да подготвува по една претстава чија премиера се случувала во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ во рамките на „Кривопаланечко културно лето“. Потем иницијацијата за фестивалот ја дала локалната самоуправа која ги поканила него, Тихомир Стојановски и Милица Стојанова, големата легенда на македонското глумиште и родена Паланчанка, да помогнат околу неговата реализација. Заедно решиле, без особени претензии, да потпишат манифестација чија основна цел ќе биде да го збогати културниот живот во градот и да влијае на нивната едукација.

Од тогаш, поминаа пет изданија и случувањето израсна во значаен Фестивал со меѓународен предзнак на кој, патем, како посебност, исто толку години се доделува признание на значајни личности од македонската културна сцена. Последен во низот е актерот Мето Јовановски, а пред него наградата ја добиле и Милица Стојанова, Зафир Хаџиманов, Шенка Колозова, Петар Темелковски и Страшко Милошевски.

Инаку, годинашново отворање на манифестацијата помина во знакот на промоцијата на монографијата „Балканот низ театарската игра“ на писателот и театарски критичар Гоце Ристовски.

„Идејата за монографијата беше на некаков начин да се заокружат сите активности кои што се одвивале на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка. Таа има за цел да биде еден документ, едно сведоштво за она што било направено и за начинот на кој можеби сето тоа се одвивало. Хронолошки се дадени сите учесници, со фотографии, со

текст, со по еден кус коментар за нивните претстави, но исто така се претставени и петтемина лауреати кои што досега ја освоиле единствената награда на Фестивалот која што се вика Награда за особен придонес во македонскиот театар, уметност и култура“, ќе рече Ристовски.

Тој дополнува дека како завршница на самата монографија поместил и два хронолошко-репортерски текста чија цел е да ги прикажат и да ги афирмираат убавините и можностите за туризам и рекреација на Крива Паланка и посебно на манастирот „Св. Јоаким Осоговски“.

Љупчо Јолевски

Театарски гласник

ПРЕТСТАВИ ЗА ПУБЛИКА

Годинава Фестивалот беше отворен со пригодна свеченост во чест на годинешниот лауреат Ѓокица Лукаревски, а беа изведени четири претстави на театри од Србија и нашата земја

По 13-ти пат во Крива Паланка се одржа Меѓународниот театарски фестивал, од втори до осми октомври, со учество на четири театри, два од Србија и два од Македонија. Во услови на пандемија во кои живееме последниве две години театарскиот живот безмалку целосно запре па особено важно е што Фестивалот го одржа својот континуитет и меѓународниот карактер и својот препознатлив белег – да понуди престави што публиката ќе ги прифати.

Фестивалот е ревијален, а единствено се доделува Награда за особен придонес во развојот на културата и театарот во нашата земја. Фестивалот почна со врачување на наградата на годинешниот лауреат Ѓокица Лукаревски за кого беседа одржа Гоце Ристовски.

На првата фестивалска вечер на XIII Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ се претстави Уметничката работилница Призор од Белград со „Циганско кабаре“, со актерите Мира Ѓурѓевиќ и Нино Адмовиќ, во режија на Данило Вукотиќ. Овој театар по 10-ти пат учествува на Фестивалот.

Втора фестивалска вечер театарот „Провокација“ од Скопје, ја изведе претставата „Првин ќе ме земеш после ке ме...“ со актерите Роберт Ристов, Мирјана Поповска – Ристов и Дарко Велиќ во режија на Ѓорѓи Ризески.

Третата фестивалска вечер публиката ја проследи претставата „Што ќе правиме сега“ на Југоарт продукција од Белград, работена по мотиви на текстот на Бранко Ѓуриќ –Ѓуро, со актерите Софија Јуричан и Иван Ѓоргевиќ – Џуди во адаптација и режија на Ерол Кадиќ.

Фестивалот заврши со изведбата на „Партија реми“ во продукција на Драмски театар од Скопје, со Маја Вељковиќ Пановска и Ѓокица Лукаревски, во режија на Виолета Џолева

Гоце Ристовски

1.10.2021

ТРИНАЕСЕТТО ИЗДАНИЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ ВО КРИВА ПАЛАНКА

Во Домот на култура во Крива Паланка утре започнува 13-тото издание на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“. Фестивалот ќе биде отворен со доделување на наградата за особен придонес во театарот и културата на истакнатиот актер Ѓокица Лукаревски.

Во Домот на културата, утревечер ќе биде изведена првата фестивалска претстава „Звездено циганско кабаре“ на театарот Призор од Белград.

Програмата на фестивалот предвидува прикажување на претставите „Што ќе правиме сега“ на Југоарт продукција од Белград, „Првин ќе ме земеш после ќе ме е…“ со театарот „Провокација“ од Скопје и „Партија реми“ во продукцицја на Драмскиот театар од Скопје со Ѓокица Лукаревски и Маја Вељковиќ – Пановска, во режија на Виолета Џолева.

Меѓународниот театарски фестивал ќе трае до 8 октомври.

Фестивалот е од ревијален карактер, а се доделува единствена награда за придонес во театарот и културата што го носи името на сесловенкиот православен светец Свети Јоаким Осоговски, заштитникот на Крива Паланака. Досега ова признание го добиле Милица Стојанова, Зафир Хаџиманов, Шенка Колозова, Петар Темелковски, Страшко Милошевски, Јордан Плевнеш, Мето Јовановски, Јелена Жугиќ, Гоце Ристовски, Благој Чоревски, Коле Ангеловски и Гоце Тодоровски

4.10.2021

НАГРАДА ЗА МАЈСТОРОТ НА ИМПРОВИЗАЦИЈАТА

Ѓокица Лукаревски лауреат на театарскиот фестивал „Св.Јоаким Осоговски“. За Лукаревски огромна е честа да се добие признанието-лауреат, со кое се вброи во групата великани на македонското глумиште.

Во Општина Крива Паланка се одржува 13. Меѓународен театарски фестивал „Св.Јоаким Осоговски“ кој беше отворен со свеченост во чест на лауреатот, годинашниот добитник на наградата за особен придонес во театарот и културата, истакнатиот актер Ѓокица Лукаревски.
Наградата ја врачи градоначалникот на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, со што официјално беше отворен фестивалот, кој годинава поради пандемијата со ковид-19 има скратена програма.
Според Гоце Ристовски, познат театарски критичар и публицист, кој е дел од организацискиот одбор на фестивалот, Ѓокица Лукаревски е единствен меѓу актерите препознатлив по мултиталентираноста и мултислојноста во толкувањето на улогите од различни жанри и по освојување на сцената дури и во драмските паузи.
– Нешто што е особено својствено нему е што како мајстор на играта, на молкот и паузите умее да ја исполни сцената со своето психо-физичко толкување на точката. Лукаревски е мајстор на импровизацијата – рече Ристовски.
За Лукаревски огромна е честа да се добие признанието-лауреат, со кое се вброи во групата великани на македонското глумиште.
– Емоциите што овде ги доживеав за мене се и многу тешки, но и многу благодарни. Вакви зборови за моето актерско творештво досега не сум доживеал. Чест ми е што сум дел од лауреатите на овој театарски фестивал – изјави Лукаревски.
Тој ги почести присутните со интерпретација на „На гробот на Деницја” од Петре М.Андреевски што ја рецитирал на приемниот испит на ФДУ пред неговиот ментор, Илија Џувалековски.
На фестивалската програма што се одржува во Националната установа Центар за култура Крива Паланка по првата претстава одиграна завчера, „Ѕвездено циганско небо” од Театар Призор, Белград, утревечер на репертоарот настапува театар провокација од Скопје со претставата „Прво ќе ме земеш, после ќе ме е…”, на 6 октомври настапува Југоарт продукција,

Белград со „Што ќе правиме сега”, а фестивалската програма се затвора на 7 октомври со „Партија реми” во продукција на Драмски театар Скопје со Ѓокица Лукаревски и Маја Вељковиќ во главните улоги.

Претставите почнуваат во 19.30 часот, а се одржуваат во согласност со мерките и протоколите за заштита од ковид-19

нова македонија
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

30.09.2019

КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ ЛАУРЕАТ НА ФЕСТИВАЛОТ „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

Истакнатиот македонски актер и режисер Коле Ангеловски е годинашен добитник на единствената награда на меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, кој по единаесетти пат ќе се одржи од 1 до 8 октомври во Крива Паланка.

Коле Ангеловски е македонски театарски и филмски актер, театарски и филмски режисер и сценарист, како и писател и раскажувач. Животниот и творечки опус на Ангеловски е разновиден, динамичен и многу плоден. Тој е режисер на повеќе драми, серии, документарци и филмови за македонските театарски куќи, телевизиски станици, од кои најмногу за МРТВ. Познат е и како писател, драматург, публицист и културен работник. За својот сестран творечки опус на полето на културното живеење во Македонија, добитник е на многубројни награди, меѓу кои и наградата за животно дело „11 Октомври“.

Наградата ќе му биде врачена со свечена пригода на 1 октомври, со почеток од 12 часот, во салата на советот на општината Крива Паланка.

31. август, 2018

БЛАГОЈА ЧОРЕВСКИ - ЛАУРЕАТ НА 10. МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

Истакнатиот македонски актер, Благоја Чоревски е годинашен лауреат на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, што јубилејно по десетти пат ќе се одржи од 14 до 22 септември во Крива Паланка.

Благоја Чоревски потекнува од актерско семејство, Факултет за драмски уметности завршил во Софија, а работниот век го поминал во Драмскиот театар Скопје.

- Престижното признание „Свети Јоаким Осоговски“ за мене претставува голема чест од повеќе причини. Најпрвин поради фактот што го носи името на еден исклучително значаен светец во православието ширум светот кој бил познат и по своите исцелителни моќи, потоа заради огромното духовно и културно значење на еден од најубавите манастири во Република Македонија и секако затоа што сум вклучен меѓу знаменитите досегашни добитници на оваа награда како што се Милица Стојанова, Мето Јовановски, Зафир Хаџиманов, Јордан Плевнеш, Јелена Жугиќ, Петар Темелковски, Шенка Колозова – истакнал Чоревски по веста дека е добитник на наградата, пренесуваат општинските служби.

Во текот на својата долгогодишна актерска кариера има остварено значајни улоги во многу драмски, телевизиски, филмски и радио проекти. Негови препознатливи театарски улоги се оние во претставите: „Болва во уво“, „Полтена штица“, „Јадигар“, „Дупло дно“, „Карамазови“, „Крал Иби“, „Викенд на мртовци“, „Копривarник“ и многу други. Истакнати филмски улоги се оние во филмовите: култниот - „Исправи се Делфина“, „Пресуда“, „Време“, „Викенд на мртовци“, „Тетовирање“ и „Самоуништување“.

Добитник е на десетици награди и признанија за најдобро актерско остварување, добитник е на награда за животно дело „Петре Прличко“ и Награда за животно дело на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, Прилеп. Чоревски извршувал и одговорни општествени функции: директор на Драмски театар – Скопје, заменик - министер за култура на Република Македонија и претседател на Советот на град Скопје.

Наградата лауреат ќе му биде врачена на свеченост на 14 септември, на отворањето на годинашното издание на Меѓународниот театарски фестивал „св.Јоаким Осоговски“, Крива Паланка.

Годинава на фестивалот ќе бидат изведени осум претстави : Македонија, Србија, Хрватска и Бугарија. Во придружната програма ќе бидат промовирани неколку книги од областа на театарот, а ќе бидат отворени и неколку изложби на фотографија.

20. DECEMBRA 2020.

AKTEROT GOCE TODOROVSKI LAUREAT NA GODINEŠNIOT FESTIVAL "SV. JOAKIM OSOGOVSKI"

Opština Kriva Palanka pred dva dena svečeno go odlikuva akterot Goce Todorovski so nagradata "Sv. Joakim Osogovski", za značaen pridones vo oblasta na teatarot i kulturata, koja ja dodeluva istoimeniot megjunaroden teatarski festival. Ovaa godina festivalot beleži 12 godini kontinuirana tradicija, no zaradi okolnostite negovata koncepcija pretrpi promeni pa namesto prestavi beše odlučeno da se dodeli nagradata "Laureat na festivalot". Na svečenosta na koja bea zapazeni site merki i protokoli se obrati i gradonačalnikot na Kriva Palanka Borjančo Micevski koj megju drugoto reče: -"Posebna čest i zadovolstvo mi e što imam možnost da bidam deneska ovde so del od prethodnite laureati na festivalot, zaedno da go proslavime dolgogodišniot trud i ljubov vtkaeni vo organizacijata na teatarskiot festival niz godinite od strana na site involvirani. A godinava, bez pretstavi, nekako kako site da ja imame najvažnata uloga, zašto treba da se izborime so KOVID- pandemijata. Zatoa e i godinašnoto moto na festivalot „Maski pod maski".

Za nagradeniot laureat i negovite akterski veštini progovori i selektorot na festivalot Goce Ristovski koj e Dekan na ESRA i dolgogodišen teatrolog, novinar i kritičar, pa vo svoeto rezime reče deka Todorovski e makedonskiot Čarli Čaplin i eden od najtalentiranite komičari kaj nas. Poznatiot akter Blagoja Čorevski kako promotor na svečenosta ja istakana zaedničkata 40 godišna teatarska i filmska sorabotka so Todorovski, naglasuvajќi deka toj e legenda koja ja zaslužuva ovaa nagrada i pri toa ja spomena legendaranata scena od "Vikend na mrtovci" koja od 5 minuti dvjacata preku akterskata igara ja prodolžile na 40 minuti dokažuvajќi go svoeto aktersko umeenje.

Laureatot Todorovski zablagodaruvajќi se na nagradata vo svoj stil šegovito dofrli deka vreme beše da mu ja dodelat ovaa nagrada, a potoa izjavi: –"Jas vi blagodaram za sè ubavo što kažavte denes za mene, a kažavte mnogu. Na mojata diploma pišuva diplomiran akter, ne komičar, no jas taa lična darba za komedija sakav da ja nadgraduvam i mnogu sum rabotel za da ja usovršam, za da bidam toa što sum denes, za što vie ovde govorevte. Ovde bi sakal i da spodelam edna moja najubava slučka koga po „Solunski patrdii" golemiot Petre Prličko me povika vo teatarot i mi reče „sega možam na raat da umram", reče Todorovski. Goce Todorovski završi Fakultet za dramski umetnosti na univerzitetot "Sv.Kiril i Metodij" vo Skopje, a nabrgu po diplomiranjeto se vrabotil vo Dramskiot teatar. Na sce-

nata na matičniot teatar no i kako gostin na profesionalnite teatarski sceni vo našata zemja ostvaril golem broj ulogi, a ostanuva zapameten po ulogite Luka Lukiќ vo „Revozor“, Doktorot vo „Veselata smrt“, Cande vo „Solunski patrdii“, Pantagruel vo „Pangurij“, Carčeto vo „Čudoto na Sveti Ǵorǵjija“, Lele male vo „Jadigar“, Pitu vo „Sara Bernar” Generalot vo „Balkonot“, Ringo vo „Čija si“, Ќorle vo „Kumovi”, Kirca vo „Vikend na mrtovci“,Angele vo „Let vo mesto“, Doktorot vo „Bolva vo uvo“ i drugi.

Isto taka Todorovski na javnosta I e poznat I preku ulogite vo filmovite i tv seriite „Naši godini“, „Junačko koleno“, „Na naš način“, „Solunski patrdii“, vo Makedonskite narodni prikazni, „Sreќna Nova 49“, „Trst via Skopje“, „Čuk, čuk Stojanče“, „Vikend na mrtovci“, „Angeli na otpad“, „Salon Harmoni“ i dr.

Za svoite akterski ostvaruvanja dobitnik e na Nagrada za najdobra uloga, za likot Cande vo pretstavata „Solunski patrdii“, na Teatarski igri „Vojdan Černodrinski“ vo Prilep, a vo 1986 godina beše proglasen za najpopularno TV lice spored vesnikot „Večer“.

Biba KRNČESKA

15/09/2014

ПРИЗНАНИЕ ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗА МЕТО ЈОВАНОВСКИ

Годинашен лауреат на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“ од Крива Паланка е еден од најголемите македонски актери Мето Јовановски, кому на отворањето на фестивалот му беше доделено признание за животно дело.

На првата фестивалска вечер во НУ Центар за култура Крива Паланка беше прикажан краток филм посветен на животот и делото на Јовановски.
Театарскиот критичар Гоце Ристовски говореше за животот и делото на Јовановски, за кого рече дека е актер со маркантно присуство и на телевизија и во театарот, носител на повеќе од 30 меѓународни награди и признанија.
– Мето Јовановски е грамаден актер кој оставил голем, траен, печат на театраот, но и филмот, во Македонија, на Балканот и пошироко. Восхитен од неговата огромна љубов кон театарот секогаш стојам простум пред него и учам од неговата културна етика. Горд сум што сум сведок на овој голем чин од историјата на мојот град Крива Паланка и посакувам ореолот на светецот Јоаким Осоговски чие име го носи фестивалот да го следи и овенча со светлина и успеси големиот Јовановски и во иднина, истакна Ристовски.
Наградата за животно дело што се доделува секоја година за посебни заслуги во развојот на македонската театарска уметност му ја врачи градоначалникот на Крива Паланка Арсенчо Алексовски.
– Благодарен сум и горд што сум лауреат на еден фестивал кој е успешна приказна, мост, спона за народите во заедништво, како зрак светлина во мракот наталожен на овие простори од стереотипите на минатото, изјави Јовановски.
Тој додаде дека сите досегашни учесници на овој фестивал се вградени во мозаикот на големината и убавината-театарот.
– Според Достоевски убавината ќе го спаси светот, а јас велам, убавината во нашите души е дар Божји кој треба да се негува за да ги затоплува нашите закоравени срца. Преку театарот и традицијата на неговото постоење ова се постигнува сосема лесно, рече Јовановски.
Нагласи дека се надева оти Крива Паланка со своите убавини и културни добра и понатаму ќе биде центар на културата.

– Овој град со вековна традиција нека и понатаму зрачи со силата на убавото во чест на илјадалетното постоење на Св. Јоаким Осоговски и нека биде ориентир за сите посетители. Благодарам од срце за наградата, а овој фестивал е добра традиција и патоказ дека историјата и традицијата треба да се негуваат, заврши Јовановски.

Организацискиот одбор на фестивалот секоја година доделува признание за животно дело, а до сега го добиле актерите Милица Стојанова, Зафир Хаџиманов, Шенка Колозова, Петар Темелковски и Страшко Милошевски.

На ревијалната фестивалска програма која започнува вечер ќе настапат театри од Босна и Херцеговина, Бугарија, Србија, Хрватска и Македонија.

Република online

14.09.2016

ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“: ЈЕЛЕНА ЖУГИЌ Е ЛАУРЕАТ НА ФЕСТИВАЛОТ

Крива Паланка од денеска до 23 септември ќе биде домаќин на осмиот Интернационален театарски фестивал „Св Јоаким Осоговски“ на кој ќе настапат реномирани театарски куќи од Македонија, Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина и Хрватска.

Фестивалот ќе биде отворен вечер во 20 часот со официјалното кревање на фестивалското знаме, по што ќе се биде доделено признанието „Лауреат на фестивалот“ кое годинава и припадна на позната актерка и директор на „Театар Комедија“, Јелена Жугиќ. Говор за делото на Жугиќ ќе одржи театарскиот критичар Лилјана Мазева.

Фестивалската програма ќе почне утревечер, четврток, во 20 часот, со настапот на Театар комедија со претставата „Стјуардеси“ на Марк Камолети. Во петок со почеток во 12 часот во Локалната установа „Градски музеј“ Крива Паланка ќе биде промовирано делото „30 години литературно творештво на Трајче Кацаров“, а вечерта настапува Народен театар Тузла, од БиХ, со „Свршувачка“ од Чехов.

На репертоарот се и настапите на Народен театар „Бора Станковиќ“ од Врање, НУЦК „Трајко Прокопиев“, Театар Куманово со „Идиоти“, промоција на романот „Претстава“ од Гоце Ристовски, продукција „Како ви е драго“, Белград, НТ „Невена Коканова“, Дупница, НТ „Стерија“, Вршац и студио „Призор“ од Белград.

Фестивалот ќе биде затворен во петок 23 септември со настапот на младите актери од драмско студио при Национална установа „Центар за култура“, Крива Паланка со претставата „Не играј на Англичаните“ во режија на Глигор Цветковски.

Покровител на Меѓународното театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ е локалната самоуправа на општина Крива Паланка. Сите фестивалски вечери започнуваат во 20 часот, а претставите се одигруваат на сцената во Центарот за култура. Влезниците се со симболична цена од 50 денари, а собраната сума ќе биде донирана во хуманитарни цели.

https://arhiva.republika.mk/653067

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

ДРАГАН СПАСОВ – ДАЦ Е ЛАУРЕАТ НА ГОДИНАШНИОТ МТФ „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

На свеченото отворање на годинашното 14. издание на Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“, денеска ќе му биде врачена наградата на годинашниот лауреат актерот Драган Спасов – Дац, за заслуги во развој и промоција на театарската уметност Организаторот на фестивалот е Општина Крива Паланка и оттаму соопштија дека свечената промоција ќе се одржи во големата сала за свечености на Општина Крива Паланка.
Промотори на лауреатот ќе бидат театрологот Гоце Ристовски и актерот Благоја Чорески.
Фестивалот ќе продолжи утре и задутре со настанот „Гигафест“, организиран во чест на младиот кривопаланечки режисер Глигор Цветковски, кој минатата година прерано нè напушти во екот на пандемијата со ковид-19.
„Фестивалската програма ќе трае од 30 октомври до 6 ноември, со театарски претстави од земјата и странство“, информира службата за комуникација со јавност на Општина Крива Паланка.
Љубителите на театарската уметност од Кирва Паланка и регионот ќе можат да уживаат во репертоарот нови комедии и перформанси, стенд-ап комедии од познати театри од земјава и Балканот

НЕЗАВИСЕН

22/09/2023

БИЛЈАНА ДРАГИЧЕВИЌ ПРОЈКОВСКА ЛАУРЕАТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВОСКИ“

Актерката Билјана Драгичевиќ Пројковска е годинашен лауреат на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговоски“ – награда за особен придонес во македонскиот театар и култура – што по 15. пат ќе се одржи од 28 септември до 7 октомври во Крива Паланка.

На јубилејниот фестивал, кој што традиционално е ревијален и нема натпреварувачки карактер, ќе настапат девет театри од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и нашата земја.

Фестивалот ќе биде отворен со пригодна свеченост при што на актерка Билјана Драгичевиќ Пројковска градоначалникот на Крива Паланка Сашко Митовски ќе и ја врачи наградата по што ќе следува, на првата фестивалска вечер, претставата „За нас почнува живот“, работена по текст на Ѓерѓ Шпиро а во режија на Дејан Пројковски со лауреатката Билјана Драгичевиќ Пројковска и Нино Леви.

Непосредно пред почетокот на свеченоста ќе биде отворена изложба на театарските плакати на Фестивалот од авторот Стојанче Величковски.

Втората фестивалска вечер ќе биде изведена преставата на Народниот театар „Стерија“ од Вршац, Србија, „Откачено запросување“ од Зоран Божовиќ во режија на Петар Пјер Рајковиќ со актерите Милош Ѓуровиќ, Јована Андреевиќ-Грујиќ, Соња Радосављивиќ и Срѓан Радосављевиќ.

На 1 октомври ќе настапи Уметничката работилница „Призор“ од Белград, Србија со мјузиклот „Весели девојки“ во режија на Раде Вукотиќ со Маја Брукнер, Светлана Сретеновиќ, Зорана Павиќ, Тијана Дапчевиќ и Ивана Петерс.

На 2 октомври Драган Тешиќ од Драфт театарот ќе ја изведе монодрамата „Со кого и со што во ЕУ“, а на 3 октомври ќе се претстави градскиот театар „Јоза Ивакиќ“ – Винковци, Хрватска со „Три и пол сестри“ од Петра Цицвариќ во режија на Пеѓа Гвоздиќ со Матеа Марушиќ, Мартина Стјепановиќ, Ловорка Трдин и Петра Цицвариќ.

Претставата „Ноќ во куќата на господин Колак“ , по текст на Владимир Ѓурѓевиќ во режија Ирфан Менсур, на Југоарт продукција, од Белград, Србија со Слободан Бодо Нинковиќ, Ирфан Менсур и Владимир Керкез ќе биде прикажана на 4 октомври.

На 5 октомври Народниот театар од Лесковац, Србија ќе настапи со „Чекајќи го докторот“ во режија на Синиша Ефтимов со Петар Смиљковиќ, Тања Крчмарик, Филип Радивојевиќ, Сузана Грујиќ, Иван Јанковиќ, Петра Димитријевиќ и Наташа Пејиќ.

Народниот театар од Штип ќе ја изведе преставата „Власт“ од Бранислав Нушиќ во режија на Ѓорѓи Ризевски на 6 октомври со актерите Ефтим Трајчов Ѓаурски, Милорад Ангелов, Никола Милошевски, Елена Шорова Дербов, Марко Трајковиќ, Ава Хусеини, Миланчо Ѓеоргиев и Стефанија Митовска.

Фестивалот ќе заврши со настап на Театар Комедија од Скопје на 7 октомври со претставата „Анатомија на неверството“ од Валентин Красногоров во режија на Александра Кардалевска со актерите Жаклина Петровска и Тони Денковски.

По повод петнаесетгодишниот јубилеј на актерот и режисер Владо Денчов ќе му биде врачена специјална повелба „Свети Јоаким Осоговски “ за придонес во аудиовизуелните уметности и медиуми.

Лауреати на наградата „Свети Јоаким Осоговски“ за особен придонес во македонската театарска уметност и култура

2009

Зафир Хаџиманов

2010

Милица Стојанова

2011

Шенка Колозова

2012

Петар Темелковски

2013

Страшко Милошевски

2014

Мето Јовановски

2015

Јордан Плевнеш

2016

Јелена Жугиќ

2017

Гоце Ристовски

2018

Благоја Чоревски

2019

Коле Ангеловски

2020

Гоце Тодоровски

2021

Ѓокица Лукаревски

2022

Драган Спасов-Дац

2023


Билјана Драгиќевиќ Пројковска

2023

Специјална награда „Св. Јоаким Осоговски“

Владо Денчов

ЗАФИР ХАЏИМАНОВ



ПОЕТ НА СЦЕНАТА

Зафир Хаџиманов е роден 1943 година во Кавадарци, Македонија. Син на Васил (Магистер по фармација и етномузиколог. Зад себе Васил Хаџиманов оставил над 5.000 записи од македонски изворни песни.) и мајката Вера (домаќинка). Средно училиште и музичко училиште завршува во Скопје, каде што ги направи првите успешни професионални чекори во светот на театарот и музиката. Во 1962 година се запишува на Факултетот за драмски уметности во Белград и во 1967 година дипломира со одличен успех во класата на професорот Мата Милошевиќ. Како студент постигнува исклучителни успеси како во театарот така и во светот на филмот и шоу бизнисот. Ги освојува своите први значајни авторски и интерпретаторски награди на скоро сите тогашни југословенски фестивали во Белград, Загреб, Опатија, Сплит, Скопје ... и на меѓународните фестивали во Сопот, Полска и Варадеро, Куба.
Толкува главни улоги во филмовите „Нож“ на Жика Митровиќ и „Македонска крвава свадба“ на Трајче Попов.
По дипломирањето, од време на време, но успешно игра на театарските сцени во Белград (Позориште на Теразијама, Ателье 212), Скопје (Драмски театар), Нови Сад (Српско народно позориште) и Бостон, САД (Форум театар). Добитник на годишна актерска награда на Српското народно позориште и посебна повелба за високи достигнувања за актерство на

Здружението на театарски уметници на Србија. Има забележителни улоги уште во неколку филмови.

Меѓу луѓето е попознат како пејач-текстописец, доминантен во светот на шансони, значи пеана поезија, како негова така и на многу други врвни поети. Како никој друг во Србија и Македонија, компонирал десетици шансони и балади по стиховите на антологиски поети од Македонија - Константин Миладинов, Коста Рацин, Блаже Конески, Ацо Шопов и Радован Павловски - на српските поети Милош Црњански, Душко Радовиќ, Десанка Максимовиќ, Брана Црнчевиќ и многу други. Беше подеднакво активен и плодотвирен и во компонирањето стихови на големи поети од целиот свет, а неговите витрини ги красат бројни награди од фестивали на поезија и музика од Струшките вечери на поезијата, во 1975 година година. до Меѓународниот фестивал ма шансони во Загреб во 2003. и 2005. година. Исто така, со посебни почит се однесува и ја негува старата македонска народна песна. Сам или во дует со неговата сопруга Сенка Велетанлиќ - Хаџиманов снимил десетици носачите на звук, телевизиски емисии и го обиколил светот пејќи на концерти во СССР, САД, Канада, Куба, Австралија, Франција, Германија, Шведска, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Бугарија ...

Настапувал и ја сеел убавината на неговата и наша музика и поезија на сцените како Олимпија – Париз, Опера хаус - Сиднеј, Бољшој театар - Москва ...

Добитник е на југословенската Естрадна награда и е истакнат уметник на Србија.

Напоредно со сценската и музичка работа Зафир Хаџиманов пишува и објавува поезија и на српски и на македонски јазик: Шансоне на папиру, Пас певачица (Повелба „Стражилово"за најдобра книга поезија, 1984), Азил , Народен пејач, Брат и една книга раскази -Кисело-весело. Автор е на текстот и музиката на првиот македонски мјузикл „Ало, будење".

Во 2002 година добил Награда за животно дело на Радио Буба Мара во Скопје, а во 2003 година во Нови Сад добил Награда за животно дело според гласањето на гледачие на ТВ Јесењин и во 2006 година „Златна маска", награда за ширење на македонската култура низ светот.

Почесен претседател на Српско – македонското друштво „Шар Планина".

Оженет е со пејачката Сенка Велетанлиќ, а негов син е џез музичарот Васил Хаџиманов.

Во 2007 година објави ЦД со неговите најголеми фестивалски успех : Беше мај (ПГП - РТС) и ЦД со најдобрите македонски балади - Од љубов не се бега. Во 2008 – та објави книга со ЦД „Македонија пее".

Истата година за улогата Жан Валжан во мјузиклот „Ле мисерабле" ја доби големата награда на Операта при театарот Мадленијанум за врвно актерско - пеачкоостварување.

Владата на Република Македонија, го назначи за амбасадор на културата на Република Македонија во Република Србија.

Во 2009 -та година Македонскиот издавачки центар во Србија издаде двојазично издание на неговиот мјузикл „Ало будење"со ЦД и нотна книга со сите сонгови.

МИЛИЦА СТОЈАНОВА



СКАПОЦЕНА ВРЕДНОСТ НА НАШАТА СОВРЕМЕНА КУЛТУРА

Има уметници што обележуваат идеи и тие се мошне значајни за средината и времето во кое создаваат, но има и такви што, и покрај идеите на кои се фундираат, обележуваат и цели генерации што остануваат зад нив и на тој начин стануваат основа и обележје на еден траен уметнички континуитет. Милица им припаѓа ним, и по определување и по творештво.

Да се истакнуваат афирмативните компоненти во животната и уметничката биографија на Милица Стојанова е прашање на чувство за упатеност во тековите на нашата култура во последниве три и пол децении - временски полигон на кој оваа наша актерка создаде галерија од ликови што импресионираат не само по својот квантум, туку, пред сè, со моќта да се живее подеднакво уверливо во сите времиња и во сите можни средини на човековиот развиток, од антиката и нејзините морални одредби до денешни дни.

Ова го назначивме од простата причина што мора да се укаже на фактот дека станува збор за скапоцена вредност на нашата современа култура што не се оградува само со интересот на театарската уметност, зашто таа вредност не се исцрпува исклучиво во сценските реализации, ами се рефлектира натаму во природниот континуитет и растеж на автохтоноста на една култура што се бара себеси и што се реализира во латентните барања на средината каде што делува. Со други зборови - дејноста на Милица Стојанова не е само уметнички чин што се самозадоволува со сопствената продукција, туку пред сè и над сè, тоа е културно воздејство во средината на сопствената егзистенцијална стварност и животна вистина. Нашата култура,

соочувајќи се со уметничкиот профил на Милица Стојанова, со достоинство може да каже –таа е наша.

Навистина кога станува збор за актерката Милица Стојанова, се соочуваме со творештво што фасцинира не само со својот обем, не само со својата присутност на сцената, туку, пред сè, со она што можеме и што мораме да го означиме како свое. Како свое чувствување и согледување на севкупната животна проблематика со која секојдневно сме соочени. Независно дали станува збор за малечката Ана Франк или за уважената Леди Магбет што ја опседнува идејата за власт или за провинцијалката Елиза Дулитл што се издига до разурнувач на аристократскиот устален морал или Сарка што афирмира обратни морални принципи.

Веќе ова лапидарно потсетување на некои од ролјите на Милица Стојанова не соочува со еден потенцијал што ги измирува контроверзните мислења и вкусови и што не приближува еден до друг, благодарение на неповторливото дејство на уметничкиот чин - вистинскиот. Тој чин е во моќта на создавањето на Милица Стојанова. Тој чин не помирува во разидувањата. Тој чин, со својата неповторлива сила, ја враќа реката што се излила во своето природно корито и тек. Ќе биде оптоварување ако ги наведуваме сите остварувања на Стојанова. Основно е да се укаже на фактот дека станува збор за сценски уметник со неоспорен и неброени пати потврден автентичен талент кој длабоко сраснал со средината во која создава. Талент кој за свој аргумент ја нема само интуицијата, туку и една своевидна и, пред сè, своја школа и сфаќање на уметничкото творештво. Таа школа, ако веќе така ја нарекуваме, ја краси убавото чувство за милјето на сопствената припадност во културното живеење, чувство за сопственото поднебје и не само како културна ознака, туку како егзистенција, воопшто.

Бранко ВАРОШЛИЈА, писател

СТОЛБ НА НАЈБИТНИТЕ РЕМЕК-ДЕЛА НА МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАР

Имам чест и несекојдневно задоволство да ве потсетам на актерското мајсторстео на една од најголемите актерки во историјата на македонскиот театар, Милица Стојанова. Велам, да ве потсетам, зашто сум сигурен дека нејзините неодминливи и ненадминливи актерски креации се втиснати во помнењето на генерации љубители на театарот, меѓу коишто, без секакво сомневање, спаѓате и вие самите.

Како ретко која актерска величина, Милица Стојанова со подеднаква преданост, талент и студиозност, игра огромен репертоар: од трагедија до фарса, од најмала до најголема ролја. Таа соработува со цела една скала режисери: од најмладите, на кои што им помага несебично да ги налраваат своите први чекори, до осведочени македонски величини, со кои што креира незаборавни двочасовни волшепства. Како ретко која наша првенка (Драмски театар), таа знае

да биде скромна и самозатајна кога тоа од неа го бара принципот на целината на претставата. Од друга страна, таа е столб на најбитните и најпреломните ремек-дела на македонскиот театар, со кои што истиот се наметна како најблагороден и највитален дел од македонската култура во нејзината интеракција со светското културно богатство, афирмирајќи ја нашата национална култура како најбитен услов на нашата национална самобитност.
Љубиша ГЕОРГИЕВСКИ, режисер

ПРИНЦЕЗАТА НА МАКЕДОНСКОТО ГЛУМИШТЕ

Сум имал среќа да работам со сите големи легенди на македонското глумиште, но над сето ова, без претерување, би ја ставил мојата соработка, мојата љубов, нашите кавги, несогласувањата и согласувањата со принцезата на македонското глумиште Милица Стојанова.
Нејзиниот талент, професионалност, аналитичност, дисциплина, умешноста на создавање ликови и во трагедија и во комедија се споредува само со еден збор - раскош.
Живееме во време кога митот и традицијата не се почитуваат, зашто ако би се почитувале тогаш Милица би требало барем двапати неделно да им држи предавања на младите студенти по актерство како тешко се достигнуваат резултати во нашата професија. А, кога ќе дојде во театрите тој ден треба да биде празник во театарот.
Но, јас сум оптимист и верувам во реинкарнација. Верувам кога Милица ќе реинкарнира, повторно ќе се роди како актерка, повторно во Крива Паланка, повторно ќе работи во Драмски, повторно ќе ги игра ликовите за кои сонувала, но тогаш, во тоа време, меѓу ѕвездите на кои секогаш им припаѓала. Убеден сум дека ќе го заземе местото на ѕвездата Деница, онаа што го осветлува трнливиот пат на создавањето.
Димитар СТАНКОВСКИ, режисер

ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ДЛАБОКИОТ ОЧАЈ

Драга Милица Стојанова...
Ги видов Трите високи жени во Драмски и бев наелектризирана од Вашата изведба. Не можев а да не помислам на „големата изведба" за која до сега само сум читала. Вашата способност да портретирате една жена на толку крајно различни чувства со толкаво срце и веродостојност беше инспиративна за мене. Вашата способност да го трансформирате (пренесете) на секунда длабокиот очај во нешто тривијално и обично (да не спомнуваме друг слој од емоционални барања) беше, напросто, „полнење на ликот", како што малкумина актери, ако воопшто

постојат, го сториле тоа порано. Колку „исполнета" мора да бидете по таква изведба! Ви благодарам за мошне посебната вечер што никогаш нема да ја заборавам.
Карма ИБЗЕН, режисерка и актерка

ИЗОСТРЕНОТО ЧУВСТВО ЗА АКЦЕНТОТ

Она што посебно импонирало во играта на Милица Стојанова е изостреното чувство за акцентот и акцентските целости, несебичните заложби да ги истакне македонскиот правоговор и мелодика како неделиви составки во обликувањето на секоја суверена актерска ролја. Камо среќа, сите оние на кои јазикот им е превосходно средство за работа, да му приоѓаат со таков восхит (да не речам со набожна преданост) како што тоа го правела Милица Стојанова.
Петре М. АНДРЕЕВСКИ, писател

МИТСКА АКТЕРКА НА МАКЕДОНСКАТА ТЕАТАРСКА СЦЕНА

Милица Стојанова е митска актерка на македонската театарска сцена, од две причини:
Првата е нејзиниот глас, од кој извираат вековите од нашите антички амфитеатри и се движат низ период од најмалку 3000 години, за да дојдат до свеста на модерниот гледач, до нашето тревожно современие, во кое македонскиот театар ги отвори понорите на својата комуникација со светот, за да му каже дека и воздухот мириса на театар во Македонија. Втората причина е нејзиниот вонреден лик, бидејќи е актерка од интернационален сој, што можеше да се роди во руските степи и да игра во МХАТ, можеше да се роди во Елис Ајленд и да игра на Бродвеј, можеше да се роди во Стратфорд и да игра во Кралскиот Шекспиров театар, можеше да се роди во париските предградија и да игра во Комеди франсез, но таа се роди во Крива Паланка, и со неа Македонија се здоби со Актерка од светско значење, на која може да и завиди секоја театарска велесила!
Јордан ПЛЕВНЕШ, писател

ШЕНКА КОЛОЗОВА



АКТЕРКА И АВТОР НА БРОЈНИ СЦЕНАРИЈА И ДРАМАТИЗАЦИИ

Шенка Колозова (Добрево, Пробиштипско, први февруари 1947), македонска актерка, дипломирала на Катедрата за јужнословенска книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје, а како професионална актерка работи целиот свој живот. Се пензионира како актерка на Македонскиот народен театар од Скопје. Претходно работела и во Народните театри во Штип и Куманово. Особена популарност стекна со улогите во Македонските народни приказни.

Автор е на бројни сценарија и драматизации. Одиграла над 100 премиери во споменатите три народни театри, и уште 16 премиери со приватниот театар „Колозов". Има одиграно повеќе од 6.000 претстави вкупно во сите овие театри заедно, не вклучувајќи ги и гостувањата во Велешкиот театар и други театри во Македонија.

Најзначајни театарски ролји на Колозова се во претставите „Свирачот на покрив" , „За сите мои синови", „Електра" на Еврипид (во улогата на Клитемнестра), „Се за градината", „Печалбари" и други.

Шенка Колозова вели дека се гордее со нејзината улога како актер, а најсреќна е кога ќе почуствува дека е разбрана и дека допрела до публиката бидејќи публкиката знае да го

надгради секој актер кој умее да го оствари тој контакт и да го исполни просторот во кој секој збор и гест го следи со внимание.

Една забележителна и значајна работа која може да се издвои од приватниот живот на Шенка е тоа што е голем љубител на животните и голем хуманист.

Згрижила и помогнала на безброј кучиња и мачиња скитници, осакатени, гладни и жедни.

Нејзината голема љубов кон овие миленичиња ја пренесува и на своите потомци.

Остварила улоги во повеќе ТВ-серии: Волшебното самарче, Наши години, Илинден, Време на летала, Едно лето, Јуначко колено, Белото циганче, Македонски народни приказни, Легенди и преданија, Крале Марко јунак стана, Случки од животот, Македонски балади, Тврдокорни, Еурека, Трст виа Скопје, Опстанок, Елелига пепелига, Прекалени, Во светот на бајките, Светот има осум страни, Наше маало, Куќен совет, Големото прогонство во Кавкасија.

Исто така играла и во повеќе ТВ-филмови како: Поштар, Ликвидатор, Чорбаџи Теодос, Последната македонска елегија, Батко Гого нема пари, Каца, Досие-К, Царската е последна, Детето ќе дојде, Нема да бидеш сам, Женски итроштини и други.

Своите пензионерски денови ги поминува во село Велестово, Охрид.

ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ



ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО ОД НЕКОГАШ ЗАСЕКОГАШ

Обично за актерите се вели, доволно е само да ја отворат устата и вековите да протечат низ неа.

Замислете си, се издига актерот на сцената , нека е начинета како во времето на средновековна Шпанија, од две даски потпрени на буриња, ја отвора устата и сите присутни што зјапаат во него смрзнуваат од страв или се распукнуваат од смеење. Што се случува? Па актерот успеал да ги пренесе во времето кога Агамемнон ја жртвувал својата ќерка Ифигенија или во времето кога Дон Кихот се спуштал на ветерниците како на непријателите на неговата Дулчинеа.

Мораме да кажеме, дека вековите не бираат низ чија актерска уста ќе протечат. Таква привилегија не им е дадена. Но, ние кои сме сведоци на таков проток можеме да кажеме, односно, можеме да пресудиме низ која уста протекле најавтентично и најточно.

Токму таквата работа ни отвара можност да бидеме строги во изнесувањето оценки за актерската улога во пренесувањето на времето од некогаш засекогаш. Затоа не ретко за некој актер ќе се каже дека е добар, дека е на ниво на задачата, а за некој дека потфрлил, лошо ја отворал устата па без потребните емоции ги потурнал вековите, или ако сакате го потурнал времето да истрча надвор од неа.

За актерот Петар Темелковски може слободно да кажеме дека од своето прво стапнување на сцената па сè до денешни дни уста нема затворено.

Малкумина се тие што можат да му парираат. Малкумина се тие што им дале толку права на вековите и на нивните неодминливи херои.

Актерите како и театарот немаат друго време освен сегашното. Токму тоа и дава за право кога се враќаат во историјата назад при тоа оставајќи не во времето во кое живееме, да не подготват-она од некогаш да го сметаме како за овде и сега. Еве кога Темелковски ќе се

исправи на сцената како цар Едип, ние во публиката сместени во удобни фотељи стануваме дел од античката историја.

Верувајте ми таква трансмисија можат да направат само добри актери а Петар Темелковски припаѓа на таа фела - на добрите актери.

Кога пред некој ден со еден театарски критичар зборувавме за кариерата на некои актери рековме, има актери кои немаат осцилации во својата кариера. Темелковски нема осцилации, тој секогаш бил добар актер. А што ме потврдува во излагањето, во оценката? Па седумдесете главни рољи во матичниот театар, Драмски, и во останатите во Републиката како што и статусот најнаградуван актер во Македонија - просто нема награда што му се доделува на актер, а тој да ја нема добиено.

Добро е ако истакнеме дека актерите како Темелковски му се потребни на театарскиот свет многу повеќе отколку театарскиот свет ним. Таквите освен што го легитимираат светот како автентичен и нужен за опстојувањето на човештвото, културниот праксис, му помагаат и на обичниот граѓанин да може со симпатии да гледа на актерите, а на кафанџиите да ја забораваат лошата навика - да ги тргаат чаршавите од кафанските маси штом на хоризонтот ќе здогледаат кочија натоварена со актери кои се приближуваат кон градот.

И уште ова ќе го кажам: Додека се присутни на сцената актери како Темелковски дотогаш и Едип и Сандански и Сер ќе бидат ликови за кои ќе имаме целосно разбирање, односно ќе им остапуваме значително место во нашата сегашност, во нашата стварност.

М-р Трајче Кацаров

СТРАШКО МИЛОШЕВСКИ



ВОИН НА СЛОВАТА

.Да се зборува за гласноговорникот, актерот, глумецот исправен на сцената за да ја озвучува вистината со словата на Бога е задоволство кое не е само душевно туку духовно. Можеби поточен збор е да се каже избор, да се споделуваат дарбите дадени од Бога на сцената и во самиот живот...

Тоа се однесува на сите нас кои имаме дарба од Свети Дух да споделуваме, да се дружиме, да живееме од и со уметноста... Кои сме дарувани со дар да бидеме во уметноста...

Посебно задоволство е да се пишува за собеседник со кого сме поминале 25-годишна битка со театарот "Скрб и утеха", играјќи на територијата на етничка Македонија, не само во Р.М. , туку и во пиринско, албанцко, егејско, Шведска, Анадолија, Хрватска... Играјќи по училишта и болници, старски домови, домови за деца без родители, затвори, играјќи по македонските заборавени села, и исто така за подршка кога штрајкуваа во паркот во центарот на градот "нашите", водејќи духовна битка со незабошците кои ја негираа македонската култура и Македонја као дар од Бога...

Ние тогаш зборуваме, не само за „глумец", актер туку за воин на словата кој дарбата добиена од Севишниот ја споделуба со нас, за да сведочи за вистината...каков што е актерот Страшко Милошевски...

Актерот и гласно-говорникот на духовнот збор, одигра ликови како : Гоце Делчев, цар Самоил, Свети Кирил, Свети Климент, Апостол Павле, Ѓорѓија Кастриот, и други кои не беа само игра

туку проповед на вистината, духовна битка со паднатиот ангел и мракобесието, посебно со оние кои и денес не ја признаваат, македонската култура со нејзината богодаденост...

Да се одиграат сите тие ликови и да се остане со словото на Бога во духовен чекор меѓу земното и небесното, не е едноставно. Можам да посведочам дека се работи за пасија, за стремеж, за воснес, за избор да се живее така, на тој начин со словата озвучени преку сопствената душа и срцето...а тој глас на Страшко, кој ве откорнува некаде однатре кога проклокотува во татнеж, во ровјеница, во молепствие... Тој глас даруван од Господа...

Страшко го нарековв во еден свој роман "актерот кој го носеше Бога во својот глас", кој го зема својот крст и врвеше со "Скрб и утеха" да сведочи за вистината и македонизмот... По светлината на Исуса Христа... Еден наш собеседник и театарски апостол Јержи Гротовски, крикнувше до неодамна: "Полска е жива да живеат Полјаците...", велеше дека "актерот е е светец кој се жртвува на сцената за да ја освети публиката"... За тоа се работи и кај Страшко и "Скрб и утеха", за истата патека на светлината... Така кога крикнуваше Страшко со тајфата на "Скрб и утеха", духовните воини на македонската култура, често му се земаше за кусур, му се мереше по тро, му се бараше р'ска во окото, а гредата во своите очи на ја гледаа, небаре грешно е да си ја воснесуваш и љубиш татковината ни распната на македонскиот полуостров на таа древна театарска меѓа... Мајка Македонија... Сетне и Гротовски не мина поубаво, кога ја носиш вистината секогаш има сила од незнабошци спроти тебе кои сакаат да те потоморат и сничкосаат, но „се можеме преку Исуса Христа кој не крепи", како што велеше Страшко на сцената, цитати од Посланијата на Апосптолот Павле.во претставата "Ние" која предизвикуваше солзи, во која за првпат се играше на сцената покрстувањето на Македонката Лидија од Апостолот Павле.

Кога игра актерот Страш(ко)ен глаглоли со душа и срце, ровјосува со скоравен божји збор, те носи на духовно искушение, на себе спознание, тоа е актер кој е меѓу најдобритре зборувачи на поетски збор, актер кој има божји дар светол да игра ликови од евангелијата, од Светото писмо и да ги говори како самиот да ги напишал, да се соживува со ними, да се распнува како актерите на Гротовски за Полска, а тој за својата Македонија.

Меѓу многуте ликови со "Скрб и утеха" Страшко играше во двата култни документарни играни филмови на продукцијата "Дион" при "Скрб и утеха" : "Како свеќа" и "Бакни го сонцето", кои беа на 10-тина меѓународни фестивали, играше во култните претстави: "Ние" и "Зајдисонце" од 1996-та со која за првпат на сцената се сведочеше за македонизмот,.играше каде некој од заспаните колеги не би ни помислиле или сонувале.

Неговите остварувања останууваа во чувствен спомен, како резби во душата и помнењето. Да не би да се фалиме самите, фала му на Бога има снимки од претствите кои секојдневно се емитуваат на Тв Сонце и сведочат за нашите дела дарувани од Бога. И за неговите.

Тоа не е обичен актер. Тоа е духовен апостол на мајката сцена. Ако се беше возродил во друга, поголема држава ќе беше овенчан со куп награди и признанија, но можеби не ќе ја имаше

духовната сила на македонизмот и распетието на народецот наш насушен и на богодаруваната македонска култура.

Го помнам како Ѓорѓи Кастриот како тргнува во последната армакедонска битка, како Гоце Делчев кој ровјосува, како Свети Кирил кога наткрева, како Свети Климент кога продлабочува, како Апостол Павле кога крштева со словата на Бога, со Бога во гласноста си.

Тоа е актер, раб Божји, душа која дарува светлина.

Еден од ретките кои можеа да играа во духовната тајфа на театарот "Скрб и утеха".

Брате Страшко, Светиот Дух со тебе на мајката сцената и во самиот живот.

Проф. д-р Тихомир Стојановски

ДО АКТЕРОТ И ПО НЕГО

Еден ден додека стоев на шалтерот во градската пошта и чекав уште еднаш да се уверам дека она што ќе го испратам ќе стигне на вистинското место, поштенската службеничка, убавицата што беше од другата страна на шалтерот ми рече:

-Дојдете малку поблизу.

-Кога ве кани ваква убавица не само што ќе дојдам поблизу до шалтерот, туку и би го прескокнал, и реков.

Низ насмевка на филмска дива поштенската службеничка ми рече:

-Многу сакав да бидам актерка. Но, кога завршив гимназија ми се отворија два патишта. Едниот водеше кон Факултетот за драмски уметнусти, а другиот во сосем друга насока. Не го избрав патот на актерството и денес за тоа многу жалам.

-Не грижете се , и реков, актерството е љубов кон сценската игра, т.е. кон театарот. Ако љубов имате кон него вие со секоја посета станувате дел од неговиот краен уметнички израз. Сакајте го театарот и тоа е доволно да се задоволат вашите желби : најавувањето на вашата животна присутност од сцената која некогаш била само обична штица поставена на две буриња.

Откако ја заведе, ја измери мојата пратка ми испрати поглед од кој почуствував дека сум остварил роља за жената чии очи ми наликуваа на две жарчиња в снег.

На заминување од поштата си реков: „Ете тоа е актерството. Актерот секогаш треба да најде нечии очи за кои ќе игра, за кои ќе создава уметност. Актерот е оној што ќе го препознае публиката, односно оној што нема да биде никогаш друго освен дел од неа. Актерството е тешка и одговорна работа затоа не треба да ја практикуваат оние кои не се родени за неа. Актерите се реѓаат, не се создаваат. Актерите се раѓаат зашто само таквите во секое време можат да најдат причина за театрализација на стварноста.

Можеби овој мој став е погубен за театарската теорија, за методите кои актерите ги увежбуваат за време на својата актерска едукација и кариера, но сити тие се само средства кои помагаат вроденото на полесен начин да добие јавност, одноно актерот да се искултивира до степен каков што може да понесе цивилизациското живеење, културниот праксис на човекот .

Затоа кога зборуваме за актерите почнуваме од годината на нивното раѓање, од детството, од почетоците на неговото запознавање со рољата што му ја одредува животот.

КОГА ЧОВЕКОТ ЌЕ СЕ РОДИ...

Поднасловот е стих од песната „Животот во чизмите со високи петнаесетпетнаесетици" на рок пеачот Дадо Топиќ, фортмен на некогаш културната група „Тајм". Понатаму песната продолжува со стиховите:„ ...И стапне на сцената/ улогата му е лесна и неповторлива/бидејќи денес е дете/ а утре можеби човек/ обратното е само желба/ неостворлива.. " Токму така кога човекот ќе се роди за актер, ќе помине низ сите фази на животот, но само како актер. Сето друго би му било само неостворлива желба. Примери за тоа има многу. Но, ние ќе се послужиме со примерот што ни се нуди преку животниот пат на актерот Страшко Милошевски.

ТРИ ПРЕПРЕКИ НА ПАТОТ НА АКТЕРОТ

Еве како Страшко напати низ писмени изјави, напати усно зборува за препреките на патот на роденият актер:

Беше во 1963-та година. Настанот се одвиваше покрај Дурачка и Крива Река во градчето под Осоговските планини-Крива Паланка. Со децата од маалото направивме театар, поточно подготвивме театарска претстава. Во неа го играв мачорот . На прекар ме викаа мачор поради моите модри очи па некако улогата ми дојде ептен по моја мерка. Секое дете учсник во претставата имаше задача да имитира животни по свој избор. Некој завиваа како волци, други лаеја како кучиња, некои блееја како овци, некои мрдаа со ушите како зајачиња. Ги имитиравме не само нивните гласови туку и карактеристичните движења. Како публика во маалскиот театар се регистрираа нашите баби и дедовци, нашите мајки и татковци. На крајот од претставата едно девојче и го потурнуваше празното тенџере под носот на секој што ќе се најдеше во публиката. Собраните пари ги трошевме во слаткарницата од спротива на нашата малска сцена. Таа ноќ пред земјотресот во Скопје се договаравме за повторното играње на претставта, односно се договаравме за репризното прикажување на мимезисот на децата од нашата маала. Земјотресот во Скопје што се почуствува и во Паланка, т.е. во сите градови во тогашата СФРЈ, ја прекина мојата актерска игра. Повеќе никогаш не седнавме во слаткарницата и не нарачавме боза со парите собрани од претставата.

Мислев дека со земјотресот заврши и мојата актерска кариера. Крај. Точка. Нема повеќе. Некои детски игри не се повтараат. Татко го премести на служба во Пробиштип. Таму се запишав во средното училиште за рударски техничари. И токму во тоа училиште, една година, заедно со професорот по македонски јазик ја подготвивме пиесата од Антон Панов „Печалбари". Го играв Атанас Караман печалбар и селски пијаница. Оставив добар впечаток и

кај публиката и кај некои актери кои беа дојдени од Народниот театар од Штип како стручни консултанти при подготвувањето на претставата. Плановите со претставата ни беа големи. Сакавме да ја покажеме насекаде каде ќе ни се даде можност за тоа. Мислевме и во мислите патувавме. Го гледав Караман Атанас како се провикнува и од некои вистински театарски сцени „Ќе пукнам, како орев ќе пукнам!" И така се случи. Тогаш во таа 1971 година дојде писмото од Тито. А по Тито и по писмото кое укажуваше дека треба да се расчисти еднаш засекогаш со ненародните елементи во државата, тргнаа сите. Професорите и директорите постојано беа на партиски состаноци. А мене поради енергичниот, силен, продорен глас што го имам ме одбраа пред учениците насобрани во фискултурната сала да го прочитам писмото. Ете писмото на Тито се испречи на патот на мојата актерска кариера.

Колку тоа да беше непречекорливо, обврзувачко за секој жител на СФРЈ, сепак некои луѓе си ја гледаа работата, онаа од која си го вадеа лепчето. Така беше и со вработените во Домот на културата „Злетовски рудари" во Пробиштип. Година дена од писмото што внесе страв и трепет помеѓу работниот народ, се формира драмската секција во која се зачленија повеќето членови од секцијата во Средното рударско училиште. Веднаш почнавме со работа. Ја стокмивме претставата „Протекција". Во истата играв чиновник-љубовник. Со претставата гостувавме во повеќе градови во Републиката. Оценките за мојата улога и од публиката и од стручните лица беа високи. Тоа ми овозможи во 1974 година да ја добијам улогата на Христов во пиесата „Црнила" од Коле Чашуле. Во 1974 година, пролетта, во годишното доба во која се појавуваат најавувачи на убавото време, јас за прв пат застанав на сцената на професионален театар, на сцената на Народниот театар во Штип. Нешто цутеше во мене, нешто ме нагонуваше да растам, нешто ме тераше да викнам, да се најавам, да го најавам доаѓањето на убавото време. Да, да токму тогаш почуствував топол ветер во моите животни едра. Бродот требаше да тргне. Но, мирното, посакуваното море, сонуваната пловидба ја попречи рудникот „Опалска Бреча" каде се вработив како рударски техничар.

Рударски црнила. Крај на патот по кој се лета. Во рударските окна се копа. Таму бојата на животот добива на својата тежина. Констатно црна. Бев веќе предаден на патот кој води надвор од можноста да имитираш мачор, да бидеш пијаница и печалбар, да бидеш чиновниук и љубовник, да бидеш револуционер борец за слободата на својот народ. После рудникот покрај Врање се вратив во Рудникот покрај Пробиштип. Враќањето излезе пресудно за она за што сум се родил. И покрај тешката работа во рудникот станав член на Драмското студио ЗЕР при Домот на културата во Пробиштип. Во претставата „Крале Марко 2" во режија на тандемот од Штип, Гаврилов-Шумански ја добив улогата на Црна Арапина. Како што би рекол еден светски познат актер:„ Во театарот секогаш треба да се игра за нечии очи" Јас градејќи го ликот на Кралот Иби на Жари, како да сум играл за очите на тогашната жири комисија на Републичките аматерски драмски смотри во Кочани. Вукан Диневски и Дарко Дамевски ме

прогласија за најдобар актер на Републичките смотри, а воедно ме убедија дека патот кон мојата актерска кариера полека се чисти.

1978-та година беше годината на моето запишување на Факултеотот за драмски уметности во Скопје. И така започна се'.

ЕМ РАБОТНО МЕСТО, ЕМ ПРОФЕСИЈА

По завршувањето на ФДУ во класата на Вукан Диневски, Страшко Милошевски се враќа во Пробиштип и веднаш стапува на работа во Домот на културата „Злетовски рудари" како стручен соработник. На таа позиција останува една година. Во 1983 година започнува со работа во Народниот театар во Штип. Како актер во Народниот тетатар во Штип останува до 1989 година. Во тој период Страшко Милошевски игра во скоро сите претстави што се на рапертоарот на Народниот театар. Но, она што тој го издвојува како куриозитет е улогата на младичот во претставата „Црнила" во режија на Наум Пановски. Како аматер Страшко Милошевски за прв пат застанува на сцената на аматерскиот театар со улогата на Христов во претставата „Црнила". По завршувањето на академијата, како професионален актер Милошевски ја започнува кариерата на сцената на народниот театар во Штип со претставата „Црнила" во која ја добива улогата на Младичот убиецеот на Ѓорче Петров. Успешноста на претставата ја потврдуваат многуте фестивали на кој учествува, а меѓу нив е и Фестивалот МЕС во Сараево. Учеството на овој реномиран фестивал е врвот во професионалната дејност на Народниот театар од Штип.

„Рудар можам да бидам секогаш, но да се обидам да бидам она што е сон на многу млади луѓе, да станам актер" ќе каже Страшко Милошевски во годините кои треба да се пресвртница во неговата професионална кариера. И токму поради тоа: да помогне да се оствари сонот на секој млад човек, актерот Милошевски се враќа во Пробиштип. Од 1989 година и целосно и се предава дејноста која може да и овозможи оставарување на сонот на оние кои сакаат да се баваат со актерската дејност. Работи и тоа усилено со драмското студио ЗЕР и со членовите во него до 2006 година кога повторно се враќа како актер во Народниот театар во Штип. Во тој временски интервал од седуманесет години Милошевски со студиото ЗЕР подготвува над триесетина претстави. Со истите ги освојува скоро сите награди на Републичките аматерски драмски смотри, а и гостува на повеќето театарски сцени во Републиката. Неговата дејност како раководител на Драмското студио, односно како организатор на театарското живеење во Пробиштип може да се оквалификува, како што би рекол Гротовски како негов личлен обред што ја чини неговата дејност света, односно изградена „вертикалност" која не произлегува само од неговиот духовен раст, туку и од влијанието кое го врши врз растот на оние кои му се следбеници. Дејноста на професионалните актерите во аматерските групи може и да се оквалификува како потреба од средба со луѓето, односно со оние кои ја избираат радоста од продирањето во себе. Во ваквите случаеви конструирањето на претставите претставува

попатна работа. Затоа е подобро кога на истата ќе гледаме од социјален, наместо од уметнички аспект. Улогата на професионалните актери станува повеќе едукативна отколку уметничка.

АКТЕР СОЛИСТ

Кога зборуваме за Страшко Милошевски како актер, пер се, ни се наметнува неговата соло кариера. Тоа може да не наведе актерството на Страшко Милошевски да го одредиме низ клвафикативот солист, т.е. монологизатор. Актерот солист е актерот кој само го говори и го чита текстот. И овде веднаш би направиле грешка. Зашто Страшко Милошевски како актер можеме да го квалификуваме и како раскажувач, т.е. актер кој работи на говорните вештини како и на импровизацијата. Вториот квалификатив може многу попрецизно да ја одреди актерската роља на Страшко зашто таа го отсликува преку дејноста што не е глума, трансформација во лик, туку преку проповед. Страшко станува, или е проповедник. Тој ја репрезентатира својата индивидуалниост. Го гради своето творештво преку репрезентација и раскажување. Така раскажувањето како синоним за фигурата, сликата или инструментот ја создава уметноста како средство за пренос. Сето ова ни дава потполна слобода Страшко Милошевски да го оквалификуваме како актер перформер. Тоа е сценскиот уменик кој е во „ситуација на организирана репрезентација" (Е. Барба)

ПИСАТЕЛИТЕ И СТРАШКО

„Нема писател во Македонија, или тие се во мал број, на кого не сум имал јавна артикулација на фрагменти од творештвото." Тоа е тема на која Страшко секогаш со задоволство зборува. И навистина благодарение на чистата дикција, енергичниот глас и заводливиот тембар Страшко Милошевски постојано го проектираат зад микрофонот за да низ благозвучни звуци ја репрезентира макаедонската книжевност.

Партитурата како и во музиката два рамка а со тоа и структуирано ограничување на слободата на креативноста. Во театрската уметност го воведува Станиславски.

Но од истите не се откажуваат и нај радикалните реформатори. Токму говорната партитура која прецизно кажува дека актерот во својата артикулација треба да се базира на спонатаноста, но и на дисциплинираноста го издвојува Страшко како актер кој може умешно да ги прикрие рутинските трикови, или целосно да ги избегне.

И на крајот на овој краток осврт на актерската кариера на Страшко Милошевски, што би рекол академик Ѓурчинов можеме да заклучиме без заклучок, дека македонското глумиште со Страшко Милошевски добива перформер кој средбите со луѓето ги прави на взаемно задоволство...

Актерите како Страшко Милошевски преку своите дела засекогаш ќе ја потврдуваат мојата девиза: Актерот се раѓа, не се создава исто како и XIII Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" – Крива Паланка

М-р Трајче Кацаров

МЕТО ЈОВАНОВСКИ



СЦЕНАТА Е СВЕТО МЕСТО

Дами и господа, уважени екселенции, почитуван градоначалник на Општина Крива Паланка, Арсенчо Алексиевски.

Нека ми биде дозволено моето обраќање да го почнам малку неконвенционално. Вчера по телефон ми се јави Нико Горшиќ, еден од најафирмираните словенечки актери во минатиот и овој век, кој заедно со актерот Анастас Попдимитров, веќе неколку децении едно од најугледните театарски имиња во бугарскиот театар, беа на пат за Љубљана. Гоце ми вели Нико, сега сфатив зошто ќе одиш во твојата Крива Паланка. Заради Мето. Да, му одговорив, секогаш кога сум во близина на овој голем актер и арномакедонец се чувствувам почестено, споделувајќи ја неговата голема и искрена љубов кон тетарот и татковината. Заради Мето, пред чија уметничка естетика восхитен стојам простум и од чија животна етика постојано се обидувам да учам, му потврдив. Но, и заради фактот што ќе бидам сведок на еден значаен чин од културната историја на мојата Крива Паланка – врачувањето на наградата „Свети Јоаким Осоговски“ на овој знаменит уметник.

Сосема искрено, ми падна особена чест но и тешка задача вечерва да беседам за нашиот лауреат, истакнатиот актер и режисер Мето Јовановски, годинашен добитник на наградата „Свети Јоаким Осоговски“. За Мето е многу говорено и пишувано, а и во иднина ќе биде така, во тоа сум длабоко уверен, бидејќи станува збор за грамаден актер, столбник на македонскиот современ театар и филм. Не е едноставно да се говори за еден од најталентираните и најсестрани творци, кој остави, и се уште остава, длабоки траги не само во Република Македонија туку и на просторот на некогашна Југославија и пошироко на Балканот и Европа. Ова не се само куртоазни зборови. Тоа го потврдуваат фактите: во изминатите четири децении одиграл повеќе од 50 театарски и над 50 филмски и телевизиски улоги. Без исклучок сите негови креации се високо вреднувани од критиката од повеќе држави на Балканот. Ако само се обидам да ги набројам, отиде времето предвидено за мојата беседа. Но секако, малку подоцна,

како што е редот, ќе ве потсетам на некои од нив. Мето Јовановски е носител на повеќе од 30 професионални награди од меѓународни и домашни театарски и филмски фестивали и манифестации и на повеќе општествени признанија меѓу кои: пет пати бил прогласен за Актер на годината според списанието „Екран“, седум пати наградуван на националните театарските игри „Војдан Чернодрински“, четири пати лауреат на наградата „Милтон Манаки“, добитник на два „Златни венеци“ од Фестивалот на малите и експериментални сцени во Сараево, за улогите во „Еригон“ и „Карамазови“, „Златна маска“ од весникот „Вечер“, две Гран при за остварувања во филмовите „Среќна нова“ и „Тетовирање“, и награда за најдобра машка епизодна улога на фестивалот во Ниш, Златна значка на фестивалот во Врњечка бања, Златна клапа за придонес во филмската уметност, добиена во Белград, награда за најдобра машка улога на фестивалот на експериментален филм во Риека, награда за најдобра машка улога на меѓународниот театарски фестивал „Маруличеви денови“ во Сплит, единственото актерско признание на фестивалот „Ристо Шишков“ во Струмица, наградата „Петре Прличко“ на градот Велес, награда за најдобра машка улога на меѓународниот фестивал „Јоаким интерфест“ во Крагуевац, Србија, награда за најдобра партнерска игра на меѓународниот театарски фестивал во Враца, Бугарија, плакета од југословенската кинотека, награда за најдобра партнерска игра на меѓународниот театарски фестивал во Никшиќ, Црна Гора, наградата Актер на годината на Југоисточна Европа во Париз и други. Добитник е и на општествените признанија: 13 Ноември на град Скопје и републичкото признание „11 Октомври“, почесен член е на Црногорското народно позориште.

Ќе признаете, навистина импозантно.

И, сега, што да се каже за актер со ваков уметнички габарит и огромен творечки багаж зад себе? Можно ли е да се изрече нешто особено ново, досега неизречено, за актер чии вдахновени и восхитувачки креации се познати наширко меѓу народот, не само фален и наградуван туку и афирмиран и особено популарен од Триглав до Гевгелија, за актер со маркантно присуство во театар, на филм и телевизија кого го има и во реклами и спотови, во крстозбори и наградни квизови? Колку може да ми помогне фактот што со Мето се познаваме одамна. Дури и сме и пријатели. Сме биле заедно на повеќе фестивали во земјата и надвор од неа, долго сме разговарале, сме се радувале на успешните театарски проекти.

Велам можно ли е, значи, до крај да се дефинира величието на актерот Мето Јовановски. Секако не е можно, не само во една ваква пригода, во чест, слава и хвала на големиот актер, туку и воопшто бидејќи колку и да се обидуваме мајсторството на големите уметници никогаш да крај нема да го растајниме. Оти големото мајсторство не е до крај одгатливо и од самите мајстори. Тоа ги надминува зборовите и нашите реални согледувања на светот и животот. Големото уметничко мајсторство е отаде хоризонтот на нашите овоземни погледи и сфаќања, поблиску е до небото отколку до земните и приземните обитателства на луѓето. А, несомнено, такво е актерското мајсторство на Мето Јовановски кој ги чувствува дамарите на своето време

и сензибилитетот на гледачите едновремено задуман и за она што било вчера и за она што ќе биде утре.

Кога го гледав Мето Јовановски како Хамлет, првиот скопски Хамлет, а за мене и многумина од мојата генерација и прв македонски Хамлет, што имавме можност да го видиме во претставата на Слободан Унковски, што некои ја означија како контроверзна, ете, да се послужам со зборовите на Петре М. Андреевски, чинам дека учествувавме во создавањето на првата македонска држава. Дека на заледените врвови на Хималаите го забивавме македонското знаме, додека Мето Јовановски, во миговите на самотијата на Хамлет, сам на искосената сцена во Драмскиот театар во Скопје, молкум лебдеше закован како Исус на крстот, пред вечното прашање: Да се биде или не, прашање е сега? И не накади со темјан што ни ги отвараше ноздрите, како денот што се отвара во рана пролет на височините над манастирот „Свети Јоаким Осоговски“, чии блажени мириси ги чувствувам и сега додека гледам во неговите љубопитни очи. И не помаза со миро блажено, како патријарх македонски и панчаревски, а не виндзорски или дански и не покрсти во вербата театарска и македонска, па така заумни се уште талкаме по театрите низ Македонија и светот и го бараме одговорот на прашањето: Да се биде или не, прашање што Иво Брешан во „Хамлет од Долна Мрдуша“, „Хамлет од Долно Гаштани“, во помакедонченната верзија, беше трансформирано во „Или јас тебе или ти мене“, демек по балкански, претстава што Мето Јовановски, нагласувајќи ги гротескните елементи во карактеризацијата на ликовите, ја режираше во Драмскиот театар, во кој го мина работниот век до пензионирањето. И оваа негова режија го потврди како врвен режисер по режиите на „Вејка на ветрот“, „Филоктет“, неговиот текст „Клуб на стари лордови“, „Брачен плеј оф“, „Добра ноќ мајко“ и културната монодрама „Исповед на лудиот“ со блескавиот Димитар Зози.

Почитувани,

Дозволете ми во оваа пригода да ве потсетам на уште неколу театарски улоги со кои актерот Мето Јовановски обележа една епоха од развојот на македонскиот театар и пошироко. За прв поголем и познчаен актерски дострел на Мето се смета насловната улога во една од најзначајните претстави на Драмскиот театар „Јане Задрогаз“ од Горан Стефановски која му го отвори патот на широка афирмација. Меѓу вонсериските актерски реализации на Мето секако е и улогата на Симеон во преставата „Диво месо“ од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски, една од најдобрите претстави не само на Драмскиот театар, не само во историјата на македонскиот современ театар туку и на еден поширок простор, лик што актерот Јовановски го градеше со фасцинантна широчина на своите изразни можности и за која доби ласкави оценки од тетарска критика, од најугледните театарски критичари на некогашна Југославија. Секако и ликот на Еригон во истоимената претстава од Јордан Плевнеш во режија на Љубиша Георгиевски, потоа улогите во претставите „Карамазови“ и „Тетовирани души“ во режија на Паоло Мацели и други.

Најпослешно, Мето Јовановски во театар го гледав во претставата „Еден Пикасо“, во продукција на сараевскиот Камерен театар.

- Кога го гледав Мето, да ја цитирам германската критичарка Нина Мазур, јас го видов Пикасо иако Мето воопшто физички не прилега на големиот сликар. На филм, пак, најпослешно што гледав со Мето Јовановски беше краткиот филм „Вишновата градина“ на режисерот Гоце Димовски, во кој Мето уште еднаш ја потврди својата маестралност на филмското платно.

Мето Јовановски е актер не само со висока формална наобразба туку и со респективна самонаобразба. Тој учи и од животот, од мудроста на својот народ, знаејќи дека убавината трае кратко, а се чека долго и дека за високи дострели нужна е долготрајна и макотрпна работа. Мето Јовановски со своето актерско мајсторство во градењето на ликовите се движи не само по хоризонтала туку и по вертикала. Можеби најблиска определба на суштината на театарот му е формулацијата на Гротовски, за кого се смета дека продре најдлабоко во растајнувањето на оваа синкретичка уметност, а имено дека сцената е свето место, а актерот светец на сцената. Големината, почитувани присутни, е во едноставноста.

А едноставноста е во благословувањето.

Драги Мето нека Господ ти дарува добро здравје и долг живот и уште многу творечки успеси. Нека ореолот на Свети Јоаким Осоговски, патронот на Крива Паланка, значаен светец во севкупното православие, чие име го носи и наградата со која вечерва те овенчуваме, те следи понатаму во животот и нека ти биде потпора по врвулиците на твојата уметничка супериорност.

Господ нека те благослови.

И вас, почитувани, Бог да ве благослови за трпението што го покажавте и вниманието што ми го укажавте.

Амин!

Ви благодарам!

Гоце Ристовски

ЈОРДАН ПЛЕВНЕШ



ЖИВОТОТ Е МИГ НА ЗАЛУДНА НАДЕЖ

Добровечер на сите. Добровечер мои Паланчани. Нека ни е честито годинашново отворањето на Меѓународниот театарски фестивал „Јоаким Осоговски“ кој веќе зазема видно место на културната мапа на нашите простори, афирмирајќи се како евидентен показ и доказ за културна реализација на идејата „Балканот без граници низ театарска игра“. Ви посакувам и годинава убаво театарско дружење со актери од Балканот, кои ќе ги раскрилат вашите чувства за соработка и поголемо меѓусебно разбирање со нивното актерско мајсторство и милозвучието на нашите балкански јазици.

Почитувани присутни. Дами и господа, уважени екселенции, почитуван градоначалник на Крива Паланка, Арсенчо Алексовски, драга Милица Стојанова, жива легенда на македонското глумиште.

Ми падна особена чест но и тешка задача вечерва да беседам за нашиот лауреат, писателот, дипломат, универзитетски професор, истакнат полемичар, осведочен македонист и балканофил Јордан Плевнеш, кој неколку децении го афирмира македонскиот дух ширум светските меридијани, годинешен добитник на наградата „Свети Јоаким Осоговски“. Честа е исклучителна оти наполно сум свесен дека овој чин, овенчувањето на Јордан Плевнеш со наградата за особени заслуги во културата и театарската дејност во Македонија „Свети Јоаким Осоговски“, именувана според патронот на Крива Паланка, сесловенскиот светител, ќе биде длабоко врежан во културната историја на Крива Паланка. Во овој свечен миг испишуваме уште една светла страница во духовната меморија на овој град со висперни духовни вихрени внесувајќи ја сребрената коса на Плевнеш како света реликвија.

Тешка задача оти за Јордан Плевнеш, „таинствен, убав и древен како Охридското езеро“, како што го дефинира црногорскиот режисер Бранко Балетиќ е многу говорено и пишувано во Македонија, ширум Европа и Америка. Од Далас до Москва, од Скопје до Париз. На парискиот универзиет Сорбона беше организиран симпозиум посветен на неговото творештво

под претседателство на Херберт Лотман, биографот на Албер Ками и Густав Флобер. Во организација на Институтот за македонска литература и Македонската академија на науките и уметностите за неговиот роман „Осмо светско чудо“ како лулка на светот зборуваа специјалисти од Москва, Берлин, Њујорк, Варшава, Братислава, Белград, Загреб, Токио, Истанбул, Букурешт… За романот по неговото објавување во Париз се напишани стотоици страници повеќе отколуку страниците на самиот роман.

На Универзитетот од Тексас во Далас со наслов “P” – процес и значење, е одржан посебен симпозиум со учество на бројни теоретичари за современиот театарски израз со пророчката мисла на Роберт Кориган, театролог од светски глас, дека делото на Плевнеш ќе биде неодминлив дел од светската културна ризница.

Големиот словенечки дух Тарас Кермаунер во текстот Евро-Словенија и Евро-Македонија каде на тие две средини им предвидуваше иднина на толеранција и европско отворање кон другите на Плевнеш му одреди водечко место во новите тенденции на европеизацијата на македонската книжевност.

За Плевнеш се напишани цели книги, од кои една со наслов „Една митопоетика“ од м-р Софија Тренчовска, промовирана во Струмица. За неговото творештво се напишани и одбранети научни трудови, повеќемина станале научни титули растајнувајќи ја галаксијата Плевнеш која плови низ бескрајниот вселенски простор надвор од сите познати физички закони.

Почтувани,

Тројца од нашите досегашни добитници на наградата „Свети Јоаким Осоговски“- Милица Стојанова, Петар Темелковски и Мето Јовановски - со своето актерско мајсторство проблеснаа токму и во драмите на Јордан Плевнеш.

За драмите на Плевнеш објавени се голем број на текстови во најзначајните ревии и книжевни и театарски списанија низ Југославија и Европа чии референции се посебна тема за истражување од страна на идните проучувачи на македонскиот театарски живот. Посебно внимание на неговиот драмски јазик посветија: Владимир Стаменковиќ, Андреј Инкрет, Јоже Хорват, Дарко Гашпаревиќ, Слободан Шнајдер, Авдо Мујичиновиќ, Феликс Пашиќ, Сафет Плакало, Јован Христиќ, Ласло Вагел и посебно Проф. Драган Клаиќ во неговата обемна студија објавена под наслов “Борењето со историјата во драмите на Плевнеш”.

Негови театарски текстови, романи, поезија и есеи се објавени и изведувани на педесетина јазици ширум светот. Бил визитинг професор на многу американски и европски универзитети. Од 1998 година живееше и твореше во Париз. Од 2.000-та до 2.005-та беше амбасадор на Република Македонија во Франција, Шпанија, Португалија и УНЕСКО. Од 2007-та е ректор на Универзитетот а аудио-виуелни уметности ЕСРА. Париз-Њу Јорк-Скопје. Режирал серија документарни филмови за значајните личности на 20-тиот век, автор е на сценаријата за филмовите „Secret Book“ i „Human Revolution“.

Во бестселерот „Смртта на францускиот јазик“ Клод Динетон напиша дека Плевнеш, како далечен роднина на Еврипид во една реченица може да покаже дека животот е миг на залудна надеж. Поедноставено „неговата биографија има Орвеловски карактер“ како што определи Јован Ќирилов.

Јордан Плевнеш го основа и првиот независен весник во независна Македонија „Република“, а на негова покана бев дел од уредувачкиот тим на првиот број во кој е објавен и мој авторски текст.

Почитувани,

се чувствувам привилегиран оти со Јордан Плевнеш се познаваме, пријателствуваме и соработуваме веќе четири децении. Тоа ме охрабрува да си земам за слобода да кажам неколку нешта сосема лично. Се уште го паметам денот на нашето запознавање. Јордан беше облечен во црна фанела како за оплакување на целокупна Македонија, исплетена од вредните раце на неговата мајка Трајанка, македонска хероина која на македонската култура, заедно со својот сопруг Симе Цветановски – Плевнеш, сирак, дрвар и борец меѓу Солунскиот и Сремскиот фронт, како што појаснува Јордан, и ги даруваа и Љубе и Владо Цветановски, браќата на Јордан, кои предвреме не напуштија и се преселија на небото.

Сосема искрено, и во драмите и во прозата и поезијата, во блескавите есеи и полемики Плевнеш го доживувам првенствено како вдахновен поет. Како мислител чиј баражен оган на огнострелни идеи е рамносилен на исфрлените куршуми од познатата автоматска пушка „Калашников“, мерени во единица време. Како алхемичар на зборот и тајното писмо кој знае дека речиси се што е објективно е релативно и дека само субјективното е апсолутно. Дека идеите за слободата се обновуваат како лисје во шумата на апсурдот на светската историја и дека не театарот туку животот е апсурден, како што велеше Јонеско.

Очебијно е присуството на хаосот во творештвото на Плевнеш. Хаотични се ликовите, хаотични се ситуациите, хаотичен е светот во кој живеат. Тоа потврдува дека како и на небото, состојбата во неговото творештво е одлична. Иако на небото владее голем неред, состојбата таму е одлична да цитирам еден слоган од познатата 1968 - година.

Во една приогода група интелектуалци од европски маштаб се собравме на ручек во моето скровиште во Велестово, извишено над Белото Охридско езеро на падините на Галичица. Меѓу уважените гости беа и Јордан Плевнеш и Лилјана Котевска Плевнеш, неговата сопруга-инспирација, според негово лично признание. Во таа пригода Јордан ни ја образложи неговата идеа за изградба на лулка токму на таа планина. Лулка меѓу двете езера, лулка на љубовта. Заклучокот со кој сите се согласивме сакам да го споделам со Вас: може да не верувате во фантасмагоричните и утопистички идеи на овој модерен Дон Кихот, но тоа не значи дека тие идеи не можат да бидат полезни и благотворни.

Кога Плевнеш беседеше за Ив Бонфоа, добитник на Златниот венец на СВП во светиот Божји храм Света Софија во Охрид за миг почувствува дека сиот сјај на Париз се надкрилил над

бистрите охридски води. Ми се стори тоа толку реално што посакав да се качам на Ајфеловата кула заплеткана во рибарските мрежи на охридското рибарско пристаниште и од висина да ги погледам портретите на Плевнеш и Бонфоа што се отсликуваа во светците. Да не видите, ама да ми верувате. Кога е во прашање Плевнеш и неговата вдановена реч и тоа е можно да се случи. Како доказ на тоа го приложувам и фактот дека во годините кога од идеолошки причини, како непријатели на државата бевме прогонувани и јас и тој, во премрежјата низ кои врвевме, наместо поздрав при секоја средба, Јордан ќе ми се обратеше со реченицата позната од француските барикади: Гога, како што тој од милоште ме нарекува, да бидеме реални да веруваме во невозможното!

Драг Јордане,

Ти ја честитам наградата и ти посакува долг творечки живот и добро здравје, да течеш и натаму како реката на светото крштевање чие име го носиш, и ти благодарам што смогнуваш сили и надвор од мерата, што би рекол прочуениот прилепски терзија Марко Цепенко, да не уверуваш дека да се биде Македонец е естетски чин, дека "Една идеја што не е опасна, воопшто не може да биде наречена идеја! Дека „Уметноста му е должна на секој човек посебно“, дека „сегашноста е тука, иднината е непозната, најнепредвидливо е минатото“, дека „целиот свет е едно семејство, а Балканот – простор на љубовта“, дека единствено убавината ќе го спаси светот.

Ви благодарам за вниманието!

Гоце Ристовски

14. септември, 2015, Крива Паланка

ЈЕЛЕНА ЖУГИЌ



ПОСВЕТЕНА НА СВОИТЕ ОДБИРИ

Драга Јелена,

Прво и за поводов најважно, ти ја честитам наградава.

Кога по телефон ми кажа за неа и за оваа вечер во твоја чест на која јас ќе те растајнувам, односно ќе говорам за тебе, и не размислував многу како тоа да го направам: решив со писмо до тебе ама, нели необично, еве јас прва ќе ти го прочитам и после ќе ти го дадам. Признај: од кога немаш добиено вакво, што би рекла јас старинско долго писмо? Се одучивме да си пишуваме. Во поштенските сандачиња добиваме само писма со сметки, со известувања од банки или опомени за некој заостанат долг. Дури веќе не пишуваме, или сосема ретко, разгледници или новогодишни честитки. Сè ни е сведено на разговори на мобилните телефони, на куси пораки или мејлови.

Кога решив на ваков начин – да те растајнувам со лично писмо, всушност се сетив, драга Јелена, дека минатата година, токму во истово време, исто сакав да ти напишам вакво писмо, јавно да го објавам и сигурно нема да беше прва што ќе го читаше. Е сега прво јас ќе ти го прочитам, а потоа Ти ќе си го имаш за читање кога ќе посакаш. И, како и секогаш, веројатно ќе го сместиш меѓу твојата театарска документација и литература за која знам дека најуредно ја чуваш. Во ова се уверив неколку пати кога ти барав податоци за дати на премиери кои ги нема ниту во театарот, а ти ми ги наоѓаше за час, како од шега.

Минатиот септември ми се јави да ми кажеш една за мене неубава вест, ама ти толку едноставно, искрено и набрзина ми ја кажа што, на некој начин, ми го ублажи разочарувањето. Бев во Охрид, и седејќи буквално сама на плажата, размислував колку искреност и

едновремено колку и твоја горчина имаше во она што ми го кажа. Не трпиш неправда. Ти си искрен човек и со многу доблести и способности. Те почувствував како дел од во тој миг уривање на една моја голема надеж.

Е тогаш, само на брегот на Езерото, во водата раскошно се движеа неколку лебеди а над нив галебите го кружеа својот лет, ти пишував писмо – онака без компјутер или хартија. Срочував во себе искрено старинско писмо. Не седнав да го напишам, иако со денови го срочував. Сфатив дека во него ќе го има премногу моето разочарување и го одложив пишувањето за подоцна. Ама, како и Ти драга Јелена, и јас влегувам од работа во работа, ме навјасаа други мисли, обврски и работа. Од друга страна, од тој понеделнички септември до денес Ти, со разните ангажмани само растеш во моите очи, стануваш сè по моќна, посилна, човек од верба и доверба. Впрочем, убаво стои во образложението за оваа награда за животно дело за сите твои ангажмани – од театарските до општествените.

Ти си голема актерка и вреден човек на кој редовно денот му е мал. Од проби, снимања, организација и водење на Театарот Комедија за чие формирање, опстојување и репертоар кој го препозна публиката, во низа серии нахсинохризираш нејчесто главни ликови, снимаш ТВ серии и филмови.

Секогаш си полна со идеи за утре и многу потоа, за седнување во кафеана, секогаш брзаш навреме да стигнеш дома кај твојот Ахил, да бидеш и пред време на изведбата на вечерашната претстава ... и пак да ја имаш ноќта во која којзнае уште што работиш и смислуваш. Да, мораш да стигнеш и до фризер, до некој моден салон и да заблескаш во твојот стил – кога во фармерки и капче на глава, кога со спуштена светната коса и одличен и точен за секоја прилика избор на гардероба.

Еднаш, откако ти ги кажав сите овие нешта, те прашав како стигнуваш сè. Наместо одговор ми рече – а општествениот, политичкиот, партискиот ангажман! Е во тоа сум искрено немоќна, зашто сакала ти или не, јас те имам како искрен театарски човек, уметник од глава до петици, одличен менаџер/директор на театар. Јасно е дека твојот општествен и политички ангажман во кој вложуваш многу искреност и љубов кон твојата партија ВМРО-ДПМНЕ, исто бара многу време и енергија. И тоа го работиш и завршуваш многу посветено. Како и сè друго.

Навистина како стигнуваш сè: одлична актерка на пробите кога се создава нова претстава, одлична актерка во претстави што се на репертоарот, одлично го водиш Театарот Комедија кој пред нешто повеќе од четири години почна да работи, а за него го одбра речиси најтешкиот театарски жанр комедијата. И тоа со млада и речиси неискусна екипа од која израснуваат одлични професионалци. Точно знаеше што создаваш – она што му недостасува на театарот во Македонија – специјализиран театар, фабрика за смеа за која еднаш напишав дека не е точно дека парата го врти светот – туку дека смеата го врти светот. Во тоа учествувам со целата публика на Комедија. .

Ти Јелена си и омилена актерка и кај телевизиската публика која паралелно ужива во по неколку серии во кои нахсинхронизираш различни ликови и од секој правиш точна спојка од она што е тој и она што ти му го даваш само со гласот. И на одличен, чист македонски јазик, Одличен другар си за кафеана. Бескрајно посветена горда самохрана мајка. И во уште многу нешта – одлична. .

И со сè добро се носиш, добро го одработуваш, добро ти стои, те личи. Би рекла те има и таму каде што те нема. Јасно е дека само Ти си знаеш како завршуваш сè. И како успеваш во/со сето она што ќе го земеш во свои раце. Во ова наше зовриено совремие да останеш посветена на своите одбири, а околу тебе, како и околу сите нас, да ти се случува сешто. Има и такви кои на некои твои ставови бурно реагираат. Ама Ти им враќаш и чинам стануваш уште појака. Јасно и гласно преземаш сè на себе. Особено кога е во прашање твојот Театар Комедија – е тогаш се бориш како вистинска лавица, или како кучка која го брани својот пород од секаква зла мисла.

Знаеме драга Јелена дека во театарот има многу правила. Пишани и многу непишани. Ќе го издвојам она дека за талентираниот актер, исто како и во животот, важи колку си поталентиран толку си по загрозен. Талентираниот, амбициозниот, работливиот и секогаш желниот за нов и нов лик во нова и нова претстава, често оди по работ, по ивица на која колку и да е сигурен во себе, може и да промаши. Ти одиш напред, зрееш како квалитетното вино.

Повеќе од дваесет години, или ако сакаш повеќе од две децении – значи околу 23 години, си на сцената. Уште од сезоната 1993/94 кога како студентка на втора/трета година почна да играш. Континуирано остваруваш значајни ликови некогаш во студентските претстави, па потоа во проекти, па исто како студентка во претставите на Драмскиот театар, па како дел од него, па сега во претстави на Театарот Комедија. Имаш и една дузина ликови во копродукции или самостојни проекти. Со тврдоглавоста ли, со амбициите ли, со талентот ли кој низ годините ти е сè поизразен. Одамна стана миленик на публика, зашто секој твој лик е еден од столбовите на претставата. Или пак ти ја водиш. И го има твојот став кон театарот. Ти си мајстор во откривањето на магијата на актерството и на театарот и уметноста воопшто. Ги има и оние кои ти завидуваат, тоа го покажуваат на резлични начини. Ама Ти – одиш понатаму.

Не знам дали се сеќаваш дека еднаш напишав: Јелена Жугиќ е актерка која го сака театарот и театарот ја сака неа. Ете таа взаемна љубов трае, реков, речиси 23 години. За оние пред тие години, навистина не знам. А знаеш ли ти кога те одбра театарот за своја? Кога ти го сврте умот, те зема и те држи за себе. Може и обратно: кога ти го одбра, го зграпчи и му се посвети. Во 2014 година беше избрана и за пратеник во Собранието на РМ. И додека другите мислеа отиде глумицава во политичари, а јас сакав тоа да не се случи, ти се откажа и си остана верна на големата ти љубов – Театарот. Си остана актерка, или ако сакаш „глумица“.

Бев среќна пред првата премиера на Театарот Комедија. Ти стоеше и ја пречекуваше публиката, скоцкана од глава до петици како раскошна дама а растреперена директорка за тоа како ќе помине сè што си предвидела. Ти пријдов и ти тутнав в рака едно стаклено виолетово

срце. Не го ставив во никаква амбалажа. И никогаш не ти кажав зошто. Еве сега дојде време тоа да го знаеш. Тоа стаклено виолетово срце, чинам големо не повеќе од 2 на 2 сантиметри, го имав со години. Беше во еден излог во едни мои театарски денови во Виена. Ме привлече, го купив и го чував.

Ама вечерта на 27 март 2012 кога Комедија ја имаше првата премиера, некако ми отиде умот кон виолетовото срце. Почувствував дека сакам да ти го подарам, како на човек кој бескрајно го љуби театарот. Кој му припаѓа од глава до петица, како што и себеси се сметам за исклучиво посветен човек на театарот. Успеав да ти кажам, ама во таа гужва не сум сигурна дека ме слушна: Ти посакувам Театарот Комедија да расте и да се вгнезди во срцата на публиката. И ете, тоа се случи. Не е тоа од стаклената виолето срце или од мојата љубов Комедија да успее, туку од твојата посветеност и екипата која толку внимателно ја создаде и и ја внесе и својата љубов и својата посветеност на театарот. Затоа и публиката ја сака Комедија, затоа доаѓа и по неколку пати да види иста претстава, затоа стои во ред за билет, затоа се продаваат влезниците и за неколку претстави однапред.

Сакам да потсетам на твоите почетоци. Дипломира актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје во 1995 година. Битката, радоста или љубовта кон сцената ја започна уште како одлична, надарена и амбициозна студентка. Тогаш ги одигра Цвета во Време на сонување, Марика и Јадранка во Сон предизвикан од летот на пчела околу една калинка секунда пред будење, Пешка во Марко Крал, Трагичарот 4 во Розенкранц и Гилдестерн се мртви... Ликот на Третата дворска дама во Живот е сон во 1997 година ти беше прв откако и официјално стана член на Драмски театар. Се сеќавам, сум ги гледала сите твои ликови/претстави. Сум пишувала за нив, еднаш дури и ми се налути, ама брзо го надминавме тоа. Ајде да издвојам само малку од сите твои над педесеттината одиграни ликови во претстави на разни сцени. Ева во Умри машки, Тина во Ни ќар ни зијан, Дона Хуана во Дона Хуана, Констанца Вебер во Амадеус, грофот Алмавива во Свадбата на Фигаро, Беатриче во Арлекин – слуга на двајца господари, Султана Мехмене во Ферхад и Ширин, Панглос и Џамалудин во Кандид во земјата на чудата, Абел во Собрани дела на Вилијам Шекспир, Магда во Магдо, љубов моја, Пангиос во Кинегонда во Карлаленд, Стиви во Коза, или која е Силвија?, г-ѓа Лу/Сестра Мери во Олово на перница, Олимпија во Александар, Хекуба во GeNOcid21, г-ѓа Ренате во Генетика на кучињата, Фатиме во Солунски патрдии...

Па ликовите во претставите во Театар Комедија: Кралицата Гертруда во Хамлет во пикантен сос, Бети во Име, Времето/Никодимка во Господарот на кукавицата, Лисистрата во Лисистрата, Лина во Вардарски пастуви. И многу добри, популарни ликови во ТВ серии и филмови кои е тешко да се допишат иако ти пишувам долго старинско писмо.

Во секој лик повторно ја откриваш магијата на актерството. Актерка си која има став кон сè она што го создала или создава, актерка која секогаш успева на сцената да се договори со себе, со режисерот и со колегите, да најде решение кое сите ќе ги направи среќни и ќе биде во полза

на претставата. Впрочем, како и со секоја друга работа со која ќе се зафатиш. Без разлика дали е лик во театарот, во некоја серија, лик на кој му го позајмуваш гласот, во твојата општествено/политичка ангажираност. Неуморен творец и човек кој не се штеди за ниту една работа во која ќе влезе. Не како обврска, туку како одбир на кој му се радуваш и му се даваш целата. Искрено, со насмевка, понекогаш строго барајќи ја правдата за другите но и за себе.

Драга Јелена, ти доби и лепеза од награди за разни ликови или за целокупна дејност. За Ида во Позитивно мислење, за Лора во Црни куклички, за Хекуба во Genocid 21 и за г-ѓа Ренате во Генетика на кучињата награди за најдобри актерски остварувања на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, имаш награда за популарност Златна бубамара. Маслина за најдобра актерка во ТВ филмот Време за плачење, Златна маска за најдобра актерка на Охридско лето – за ликот на Абел во Собрани дела на Вилијам Шекспир, награда за најдобар млад актер уште на самиот старт на кариерата – во 1997 година – за Ева во Умри машки, минатата година Градот Скопје ти ја додели наградата „13 Ноември“ и сега еве ја на градот Крива Паланка со широк опфат – за животно дело, односно за целиот твој влог, ангажман и резултати во уметноста и општество.

Низ сите твои одиграни ликови на најточен начин влегуваш во секој нов лик, на точен начин го играш стариот. Практично, постојано си во „битка“ со она на што си му посветена, на она на кое му припаѓаш и на она што безрезервно го сакаш како свој избор. Особено на сцената. И без разлика дали станува збор за драма од домашен автор, за праизведба, или за драмски текст од современата светска драматургија или класика, од модерната или постмодерната драматургија, Ти драга Јелена во ликовите допираш до сржта на карактерите во контекстот на поставените настани, вградени секогаш во времево денес и во процесите што му се случуваат на човекот од било кој меридијан, како приказна за нас или како состојба од глобалната светска општествена ситуација во која човекот/жената од било каде живее на ист начин, со исти проблеми или радости. Таква си и во животот и во сите други интереси низ кои се проискажуваш.

Во тоа постојано барање на себеси, амбициозно го поведе и Театарот Комедија. За само нешто повеќе од четири години тој е еден од водечките во Македонија, единствен жанровски определен, со настапи и награди на разни меѓународни и домашни фестивали. Успеа да создадеш, со тимот од млади и амбициозни творци, и Меѓународен фестивал на комедијата Гола Месечина. И тоа, односно тој е феномен, како и Театарот Комедија, во однос на публиката. Зашто сè ми се чини дека на публиката и давате позитивна инфузија. На Гола Месечина, веќе три години во последните десеттина дена во јуни, во населбата Аеродром и во Скопје се случува чудо. Речиси редовно, на секоја претстава на отворено има по илјада, а некогаш и повеќе гледачи. Во рамките на дејноста на Комедија од годинава излегува и библиотека Комедии во која си зацртала да се објавуваат сценските верзии на праизведбите на комедиите од македонски автори. И тоа е сосема ново во праксата на театрите во Македонија.

И којзнае уште што смислуваш! Којзнае уште со што ќе не изненадиш. Било во театарот, било во твоите ангажмани на телевизијата, филмот, во твојата посветеност на хуманитарната и општествената работа.

Во сè драга Јелена влегуваш, работиш и остваруваш високи резултати. Цврсто стоиш на свои нозе, се потпираш на својот ум, го негуваш заедништвото во тимската работа. Го создаваш својот свет/сон за искрена љубов во времево кое не е ниту на страната на љубовта, ниту на страната на Театарот. Ама успеваш и во тоа што ти е уште поголем предизвик, во тоа што ти го крева адреналинот.

Ти посакувам драга Јелена и натаму да ја негуваш енергијата што ја имаш, и натаму да го почитуваш и цениш заедништвото, љубовта и довербата. Тие се твој успех, твоите цврсти чекори низ животот. Почит и гушки.

Лилјана Мазова

Крива Паланка, 14 септември 2016

ГОЦЕ РИСТОВСКИ



ЧОВЕКОТ НАЛИКУВА НА ОСАКАТЕНА ПТИЦА

Драмата „9“ од Гоце Ристовски, праизведена во 2016 г. на Големата сцена во Културниот центар во Нови Сад е како - деветиот круг на пеколот на Данте или деветте музи на инспирацијата. Можеби ниту една друга тетарска претстава во последните децении не го актуализира до таа мера и на таков прегнантен начин - барањето излез од кризната вредносна ситуација во која се најде човекот во современта цивилизација. Драмата на Ристовски е крик и пледоаје за спас на индивидуата, спас на нежното човечко чувство, спас на природата и природноста. Затоа и клучното прашање што го поставува Ристовски во оваа драма е: Како да се спаси човекот среде деветтиот круг на пеколот во кој самиот се најде? Истото прашање во историјата на естетиката своевремено го постави и Херберт Рид, кој рече деке единствениот спас на човекот среде целиот хаос е единствено во уметноста. Отаде „9“ на Ристовски го лоцира човекот во пеколот, но и дава спас на човекот од оваа тегобно-мрачна ситуација - преку деветте музи на инспирацијата.

Драмата на Ристовски длабоко не нурнува и во психоанализата на Фројд. Од неа Ристовски ја зема песимистичката дијагноза на современиот човек и неговиот однос кон животот, уметноста и културата живејќи во едно катадневно сивило. Ристовски како и Фројд постојано не потсетува дека денешниот човек е непријателски расположен кон културата, пишаниот збор. Тој заборави и на уметноста како фундамент на постоењето, дека доминатната емоција на човекот кон културата и општеството, политиката е стравот каде човекот и општеството се катадневно во непријателски однос, во кој културата ја ослабнува неговата опасната и агресивна жед. Токму од тој став поаѓа Ристовски во „9“ - во прифаќањето на непријателскиот однос на човекот кон себе си и виза ви општествените случувања, коишто постојано го

притискаат и присилуваат да носи погрешни одлуки. Сетоа тоа беше излез и борба за сопствениот егзистенцијализам на едно извитоперено замислено општество.

Токму тука Ристовски го постави прашањето (во реката на изопачените вредности кои се на сцена), за местото на строгиот индивидуалитет, местото на уметнички гениј кој по непишаните правила треба да е носител на едно строго вредносно општество? Дали тој гениј исчезна во морето на искривените вредности, во борбарта за сопствениот егзистенцијален опстој?

„9“ на Ристовски јасно и недвосмислено покажа дека ние денес дефинитивно живееме во целосниот самрак на вредностите, во целосна технолошка дегенерација и политичка дезинтеграција, односно дека денес човекот наликува на осакатена птица.

Како што Прличев, преку својот поетски симболизам, Хомеровски ја опиша сета трагика на овој свет на неговото време кон крајот на 19 век, така и Ристовски во тој дух уште еднаш не потсети дека човекот е во деветтиот круг на Дантеовиот пекол, на човечкиот живот што го живееме без радост како фундамент на постоењето и смислата на човечкиот опстој, кругот каде што сите надежи замираат. Во тоа лудило и пад на вредностите човекот живее во целосен мрак, односно доаѓаме неминовно и до она познато на Хобс дека: човек на човека е волк, односно дека живееме во војната на сите против секого. Ристовски, преку главните ролји на својата драма го поставува и прашањето? Какви личности гледаме денес во нашето секојдневие? Овде подвиеност, онде борба, отаде апатија, што уште еднаш ја потврдува тезата дека човекот денес наликува на осакатена птица што би бил добар поднаслов на ова исклучително вредносно -тематско и стилско уметничко дело на Ристовски.

Хаотичноста на модерната цивилизација, според Ристовски, потекнува од семоќта на технологијата која му даде трагична смисла на нашиот живот со тоа што технологот стана чувар на технократскиот бездушен модел на животот, кој ги одрекува моралните, духовните и естетичките вредности. Човекот денес, експлицитно ни покажа Ристовски, го изгуби интересот за убавината и уметноста, а неговиот творечки интерес се изопачи. Модерниот човек не само што заборави на уметноста и љубовта туку доведе до дегенерација и на интелектот. Сето тоа е резултат на тиранијата на модерната технологија која доведе и до дефинитивниот самрак на Гутенберговата галаксија како убавина и возвишеност на пишаниот збор.

Таквата неисхармонизираност на сферите внатре во нас неминовно доведува до душевни растројства, кога човекот го закопа емоционалниот апарат кон себе си, своите најблиски своето опкружување и стана роб на материјалните богатства.

Ова драма го поставува и прашањето: Како човекот да побегне од хаосот и повторно да се најде себе си низ едно духовно пројавување каде што на сцена ќе дојдат деветте музи на инспирацијата?

Пораката на ова исклучително драмско дело на Ристовски е дека човечкиот живот мора да создава радост, радоста која ја изгубивме во бесконечните ходници на егоизмот, грабливоста и технолошкиот развој.

Имплицитно, спасот на изгубеноста на денешниот човек е во уметноста. Затоа што само уметноста може да ја интегрираат сите човекови доблести во една целина, но единствено тогаш кога уметноста ќе стане наш живот, наше секојдневие, а не само скап гостин кој не посетува одвреме навреме.

Во тој котекст можеме да констатираме дека имаше право Маркузе кога велеше дека еднодимензионалниот човек одамна дојде на сцена и направи трампа на уметноста со нејзината вулгарна варијанта – а тоа се продуктите на технолошката револуција кои се создадоа во недостиг на вистински таленти. Отаде сите душевни растројства на човекот, затоа што без вистинската уметност ние останавме заглавени во материјалниот свет од каде што не можеме да излеземе.

Затоа, порачува Ристовски, денес човекот се наоѓа пред чекор на апокалипсата и самоуништувањето, човекот кој заборави на љубовта како парче светлина помеѓу две темнини, онаа од којашто дојдовме и онаа во која можеби ќе заврши човекот доколку не се врати кон себе си па вистинските вредности повторно да станат негова втора природа.

Човекот мора денес, според Ристовски, да се пробуди од лудилото на денешницата, од самракот на вредностите во љубовта како најисконското во него, а тоа е можно единствено преку уметноста на Одата на радоста на Деветата Бетоновова симфонија.

Проф. Д-р Мимоза Рајл

ПАТУВАЊЕ КОН КРАЈОТ

По неколку објавени прозни и теоретски книги (романи, раскази, приказни, есеи, монографии, антологии и др.), Гоце Ристовски овојпат се опробува и во жанрот на драмското писмо со својата дебитантска дуо драма со необичен и оргинален наслов „9“ (со бројка). Всушност, зад ваквиот наслов се крие концептот на драмата и нејзината порака. Станува збор за бројот кој го означува крајот на низата на едноцифрени броеви кој понтаму ќе се мултиплицира во мноштво значења, како што се дветте небесни сфери, деветте музи на уметностите, деветте кругови на пеколот на Данте итн. Впрочем, парафразирајќи го делото на Данте „Божествената комедија’, Ристовски ја пишува својата Божествена трагедија.

Често се вели дека добриот режисер може да создаде претстава и од телефонски именик, ама не е исклучено дека добра драма може да се создаде и од новински цитати. Токму тоа и го

прави Ристовски. Во постмодернистички стил тој селективно избира новински цитати, често тоа е црната хроника, како и од повеќе автори (Гинзберг, Борхес, Брехт, Шекспир, Шимборска, Хармс и др.) кои потем ги организира за да ја структуира својата драма. А таа драма е драма за цивилизацијата која ита кон својот крај. Авторот како да ни порачува дека напредокот на цивилизацијата слично како и напредокот на болеста. Води кон смрт! Или како што тоа ќе го формулира германскиот драматичар Хајнер Милер, „на цивилизацијата и се заканува опасност да заврши како скаменета природа“. Внимателното читање на драмата на Ристовски ни открива дека релацијата на која тој се позиционира е омеѓена, ако не и условена од драматургијата на Бекет и Јонеско, Брехт и модерната европска драматургија на пот, крв и сперма! Во неа преовладува апсурдот, немоќта и очајот (евидентни од дијалогот на ликовите низ сите, претпоставувате девет сцени низ кои се разложува дејството), но во неа се неизбежни и политички интонираните тези за биполарниот свет и актуелните политички случувања кои го преобликуваат нашиот свет. Ама не на подобро. Дијалогот и репликите на Ристовски „вријат“ од луцидности и досетки, но без претензија и залудна амбициозност дека нешто ќе сменат од постојниот поредок, туку тоа се дискретни и суптилни назнаки на тоа што актуелно ни се случува. Тука, но и насекаде во светот. Ваквите констатации ги потврдуваме со дијалогот за пролетта која спротивно на нејзиното значење се пресвртува во кобна одредница. Имено, еден од ликовите го поставува прашањето за тоа каде таа најпрво започнува во Киев, Прага или Будимпешта, а ние би додале или во земјите од Северна Африка (Египет, Либија, Мароко...)? Мажот и Жената, единствените ликови во оваа пиеса ја отсликуваат безчуствителноста на современиот човек односно отсуство на чувствителноста во општеството. Во такви околности, намерно или не, Ристовски ликовите ги втурнува во насилство и тоа наизменично. Тоа му доаѓа некако како критика на празното и деструктивно насилство на европските театарски сцени како доминантен тренд во еден подолг временски период од деведесеттите години на минатиот век (ви обрнуваме внимание на „Буре барут“ и „ММЕ кој прв почна“ од Дејан Дуковски...) па сè до денес. Но, овде ќе го сретнеме и радикалниот Манифест на нашите јунаци „за всадување во разумот на култ кон сексот, насилството, садизмот, и предавството, односно кон сè она што значи неморал!“ Сè што е морално и човечно заслужува презир. Но, тоа е таа постојна ситуација кон која авторот зазема дистанца. Тоа е само детектирање на духовната болест на човекот од 21–от век. Своето неслагање во неколку наврати преку ликовите Ристовски експлицитно ќе ги изрази преку нивното барање „да се пронајдат нови зборови (постојните се веќе истрошени и недоволни) за да се создаде нов и похуман свет!“

„9 – ката“ на Гоце Ристовски е морбидна, мачна и тешка визуелизација на ужасот во светот на ГМО производите (вклучувајќи ги и ГМО бебињата), НАТО бомбардирањата со осиромашен ураниум, а за колку-толку да ја минимизира ваквата деструкција тој ја користи формата на театар во театар во кој ликовите дирекетно и се обраќаат на публиката давајќи на знаење дека нив им е доста веќе од „штиците што значат живот“ и бараат еднаш веќе тоа да заврши. Бараат

смрт која за нив е единствен излез и слобода. Во овој контекст не е без значење фактот што сценскиот простор имено претставува кафез во кој тие танцуваат или маршираат – сѐедно! Рушејќи ја театарската илузија авторот настојувајќи да го наслика светот нема да ги одмине и социјалните појави и вистини. Слично на движењето „Окупирај“ ќе не соочи со фактот дека 85 најбогати луѓе поседуваат еднакво богатство како и половина од човештвото, потоа забраната на социјалните мрежи (Во Турција на пример!) и сл. Сѐ на сѐ ова е театар кој го потикнува дејството. Сѐ е разголено како „Разголеното Христијанство“ на Холбах. Укината е дихотомијата јавност–приватност. Истовремено сме и сведоци и учесници во големиот циркус или како што ќе рече авторот: „Ако театарот е општество (свет) во мало, тогаш општеството (светот) е театар на големо!“

Деветта сцена во драмата е слична (не иста) со првата. Пак сме на почетокот или се вртиме во круг? Безизлез! Хм, навистина невесела перспектива!

Во секој случај драмата на Гоце Ристовски се доживува како оригинално драмско писмо, интригантно и провокативно така што час поскоро треба да ја доживее и својата сценска визуелизација и сценски живот. Коцката е фрлена!

Тодор Кузманов, театролог и театарски критичар

БЛАГОЈА ЧОРЕВСКИ



АКО ЉУБОВ НЕМАШ, НИШТО НЕМАШ

Истакнатиот македонски актер Благоја Чоревски годинашен добитник на единствената награда за постигнувања во македонската култура и театар на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, што јубилејно по десетти пат се одржува во Крива Паланка, факултет за театарски уметности завршил во Софија, а работниот век го помина во Драмскиот театар во Скопје. Во својата актерска кариера има остварено значајни улоги во многу театарски, телевизиски, филмски и радио проекти.

Меѓу бројните театарски улоги се издвојуваат во претставите: Болва во уво, Полнета птица, Јадигар, Дупло дно, Карамазови, Крал Иби, Викенд на мртовци, Копривarник, Керубин, Ноќ спроти Водици, Р, Сили во воздухот, Шуаби ап, Кула Вавилонска, Женски оркестар, Чернодрински се враќа дома, Грев или шприцер, Животот е сон, Зоолошка градина, Сега му е мајката, Ревизор, Ни ќар ни зијан, Амадеус, Сон на летната ноќ, Маседоан, Одисеја 2001, Брачна игра, Нема да верувате, Цинко и Маринко, Хамлет од Долногаштани, Лет во место, Комшилук наопаку и други.

Со подеднаков успех Чоревски оствари улоги во повеќе тв и играни филмовите: Исправи се Делфина, Пресуда, Време, води, Викенд на мртовци, Тетовирање и Самоуништување. Игра со подеднаков успех и драмски и комични улоги, улоги во театрски претстави за деца и младинци.

На срце му лежат подеднакво сите улоги и драмските и комичните од Лет во место преку, Чернодрински се враќа дома, Грев или шприцер до Викенд на мртовци и Женски оркестар и не би ги дал на друг, ама се чини посебно му стежнува улогата во тв филмот „Табакерата“,

особено партнерската игра со Ристо Шишков, а секако и бројните улоги во култната радиоемисија Хихириху!

Го пратиле Чоре на најпрестижните фестивали во некогашна Југославија и во независна Македонија, театарските волци да го изедаат. И, еве го Чоре кај иде, како во народната песна Дедо, полна му торба со награди: 1972 г. – награда на весникот „Млад борец“; 1976 г. – награда Златен Ловоров венец на Фестивалот на мали и експериментални сцени во Сарајево; 1979 г. – Стериина награда на фестивалот Стеријно позорје во Нови Сад; 1980 г. - Наградата „11 Октомври“ за особено значајни остварувања во областа на уметноста од интерес на Република Македонија; 1984 г. – Награда за најдобро актерско остварување на филмот и ТВ „Милтон Манаки“ според анкетата на ревијата „Екран“; 1984 г. – најпопуларно лице според анкетата на весникот „Вечер“; 1989 г. – Награда за најдобра епизодна улога од весникот „Вечерње новости“ на Стериино позорје; 1992 г. – Награда за најдорбо актерско остварување на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински – Прилеп; 1996 и 2003 г. – Награда за најдобар актерски пар во претставата „Брачна игра од Едвард Олби на четвртиот Меѓународен Украински Фестивал во Тернопол „Тарас Шевченко“; 2004 г. – Награда „Климент Охридски“за особено значајни остварувања во културата и уметноста од интерес на Република Македонија; 2007 г. – Златна маска на Фестивалот „Охридско лето за улогата на Тевје во „Свирачот на покривот ; 2007 г. – Награда од „Битолски весник“ за најуспешен битолчанец од областа на културата во 2007 година; 2009 година – Награда за животно дело Петре Прличко; 2015 година - Награда за животно дело на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп.

Чоревски извршувал и одговорни општествени функции бил директор на Драмски театар – Скопје, заменик Министер за култура на Република Македонија и претседател на Советот на град Скопје.

Она што најмногу восхитува е неговата целосна посветеност на театарот. За Чоре театрот е живот животот – театар. Поточно, за Чоревски театарот е вистинскиот живот. Чоре, во најсуштествена смисла на зборот вистински живее на штиците што значат живот, без разлика дали станува збор за претстава, проба, но и за вообичаена седенка и каква и да е овозамна прозаична животна активност. По тоа е не редок, чинам, единствен во Македонија.

Како дете што се игра до бескрај и не се уморува така Чоре го игра, па дури и си игра со својот живот-театар. Чоревски во буквална смисла на зборот е роден на сцена. Неговите родители Трајко и Ратка Чоревска се основоположници на современот македонски театар. Благоја Чоревски, велам, е роден на сцена, на сцена го помина и својот работен век и досегашен живот. На сцена продолжува да живее и по пензионирањето се додека ќе го има, ако воопшто за актери како Чоревски, кои не признаваат ни замор, ни болест, ни смрт, ако постои пензионирање. Чоревски ќе го има на сцена и кога ќе го нема во она што го нарекуваме реален живот. Ќе останат спомените.

Благоја Чоревски, реков, е од актерско семејство. Не само неговите родители, истакнат актер со богат уметнички багаж е и неговиот брат Борис и неговата внука Илина. Можеби виновник за актерската судба на Благоја Чоревски е и неговиот кум Петре Прличко со благословот при крштевањето давајќи му го несебично името на својот брат – Благоја.

На претставите, на пробите и во својата зрела возраст и со своето огромно творечко и животно искуство Чоревски останува „мало дете“ со искреност до наивност која разгалува но и насмејува до солзи со својата простосредечност но и одговорност и висока професионалност. Тој се уште делува како замелушен и поклапушен, како маќепсан од театарот, како оградисан, што би рекле паланчани.

Чоревски не е од тука, од театарот е и за театарот е. Не пие, не пуши, не се коцка. Само игра, како што веќе реков, и во животот и во театарот потврдувајќи ја познатата реченица на Апостол Павле од Библијата, ако љубов немаш, ништо немаш.

Неговата љубов и кон семејството, кон блиските и далечни роднини, кон родната Македонија е исто така неизмерлива. А негова фамилија, роднини по женска линија, му се сите светски театарции, а семејство, роднини по таткова линија, му се и сите белосветски театарски дејци.


Благоја Чоревски е актер по образование, што е уште поважно тој е роден актер. Тој не застанува, постојано ита напред. И пред науката е дури. Оти, уметноста, нели, оди подалеку од науката.

Ваше актерско величие г-дин Благоја Чоревски, драг пријателе, нека Свети Јоаким Осоговски, закрилникот на Крива Паланка те крепи и понатаму по врвиците на твојата безгранична љубов и „детска“ игра.

Гоце Ристовски

14 септември, 2018, Крива Паланка

КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ



ДА СЕ СМЕАТ ЛУЃЕТО И КОГА НЕ ИМ Е ДО СМЕА

Претставите на режисерот Коле Ангеловски ги гледале повеќе од два милиона луѓе. Значи сите насмеани си заминале по претставите, со убаво чувство. Ангеловски е актер, театарски и филмски режисер и сценарист, писател и раскажувач, режисер на најгледаната претстава во Драмски театар „Солунски патрдии“, која има официјални 335 изведби за 29 години, а со гостувањата бројката сигурно е преку 400.

Нема режисер кој работел повеќе претстави во Драмски од него, а во неговата биографија е запишано дека играл во најскапите филмови во историјата на југословенската кинематографија. Глумењето во филм отсекогаш му причинувало радост, а режирањето во театар огромно задоволство. Тој е режисер на „Викенд на мртовци“, еден од културните филмови.

Има преку 20 улоги во театар и повеќе од 40 улоги на филм. Добитник е на најголемите театарски и државни награди. Со комедија, „Ах, љубов моја“беше отворен Театар Комедија.

Режирал 36 претстави во Драмски а по заминувањето во пензија во 2008 г. две – „Солунски патрдии“ и „Капетанот Џон Пиплфокс“. Четириесет и девет години континуирано работи во Драмски, поминувајќи ги сите фази на театарот. Впрочем во оваа театарска куќа е од почетокот, кога се споија Куклениот театар и група актери кои што преминаа од Македонскиот народен театар во Драмски театар. Слободно може да се каже дека тоа беше актерскиот врв на МНТ. Се направи јадро на образовани луѓе. Со една генерација на навистина талентирани луѓе кои почнаа поинаку да мислат и поинаку да прават претстави од тоа што беше МНТ. Како доаѓаа нови генерации актери, Драмски театар стануваше сè помоќен театар. Потоа дојде Слободан Унковски и Горан Стефановски со неговите текстови, потоа Љубиша Георгиевски, Дими-

трија Османли, па почнаа да доаѓаат режисери од странство. Периодот меѓу 70-тите и 80-тите години од 20. век Драмски театар беше во „шпицот“ и тоа во југословенски рамки. Тогаш, каде и да се појавеше, секаде добиваше награди.

Претставата „Солунски патрдии“ во режија на Коле Ангеловски е феномен кој е тешко може да се објасни. Многу е битно дека има огромна разлика меѓу она време, пред повеќе од 30 години кога „Солунски патрдии“ беше првпат поставена и втората верзија.

Актерот Гоце Тодоровски ги има одиграно сите 335 претстави во Драмски театар на „Солунски патрдии“ и тоа е куриозитет. Како што ќе рече Коле Ангеловски „Тогаш се одеше во театар, во кино, на концерти, се одеше на места каде што се случуваа работите.“

Женската верзија на „Солунски патрдии“ е најконстантната претстава што јас ја направил Коле Ангеловски.

-Јас така живеам цел живот. Станувам рано, пред да одам да работам, седнувам на компјутер и пишувам, час или два. Преведувам, пишувам комедии, сценарија, и тоа ми е начин на живот. Имам преведено повеќе од 50 текста за театарски претстави кои првпат се преведени на македонски јазик.

Со покојниот Бранко Ѓорчев, непосредно пред неговата смрт, седевме во неговата канцеларија. Тогаш ја подготвував женската варијанта на „Солунски патрдии“. И тој ми вели: Знаеш, ти завидувам како живееш и начинот на кој живееш. Одмолчев малку и му одговорив дека сè е личен избор. На почеток на кариерата мора да има некој господ да те види во толпа народ и да те извади. Потоа, сè што правиш, е твој личен избор. Така јас го избрав животот и имав среќа. Завршив академија, се вработив во Драмски татар, снимав серии. Имав богат и исполнет живот и плус ме плаќаа за тоа. Го работев тоа што го сакав, а за тоа добивав пари. Поубаво од тоа, здравје! – истакнува Ангеловски

И како што вели. „Задоволен е од неговата уметничка дејност и неговата богата и успешна кариера. „Не знам дали сум горд. Сум имал и големи претстави, но и помалку добри. Јас сум мајстор. За мене пробите биле радост. Ако веќе сакаме да правиме нешто, тогаш да го направиме убаво, на сите да ни носи задоволство, зошто да имаме кавги? Секогаш сум сакал претставите што сум ги правел да им приредат радост и на актерите и на публиката.

Денес на пробите се доаѓа една минута поред почетокот, порано се доаѓаше најмалку половна час или 40 минути пред пробата. Театар без бифе не е театар. Посебно во Драмски. Од кога јас паметам, сè легенди бифеџии го водеа бифето во Драмски. Тие луѓе му даваа душа на театарот. Половина претстави се направени во бифе. „Глумците пеат“ настана во бифе.

Коле Ангеловски, режисер и актер ја објави книгата „ 50 години во Драмски… и клоцата во …“, што побуди интерес кај сите оние што го познаваат, го знаат, слушнале за Коле, обичните луѓе, луѓето од тетарската, актерската и режисерската фела.

-Од почеток от на мојата кариера имав обичај да забележувам скоро сè од проби, случки, текстови, кога се играле, кој играл ако имало некое случување..премиери, патувања и така си

бележев. Во Драмски се вработив на први септември 1967 година во тогашниот Детско-младински драмски театар и целиот професионален половина век го поминав таму, цели 50 години кои беа огромна љубов кон Театарот и луѓето во него – појаснува Коле Ангеловски.
На почетокот на книгата авторот нагласува: „Јас си направив комеморација за мене, и така овие новиве ме избркаа од Драмски и не верувам дека ќе направат нешто а и не сакам ..еве ова нека биде мој запис…мое сведоштво..кое е воедно и една своевидна историја на Драмски театар“.
Коле Ангеловски чувствува носталгија за едно време кога се создаваше, твореше….
-Не дека немаше сопки ама се беше поинаку. Јас лично не би сакал да сум млад режисер или актер во ова време… Се е некако лошо изместено и не е убаво, едноставно не чини. Јас имав талент, образование, многу работев но имав и среќа во стартот на мојата кариера како актер во филмовите „Саша“ и како режисер на “Проколнати сме Ирина“, „Татко“. А по доаѓањето во Драмски во 1967 години, Драмски стана мојот дом, мојот живот – вели Ангеловски.
Откако го напушти филмот се посвети само на Театарот и режијата, пред се театарска, иако режира и за Телевизија. Режира многу претстави, најмногу во Драмски, но и во други театри. “Солунски патрдии“ е претстава, која својата премиера ја имаше на 21 јуни 1979 година во Куршумли Ан на првото Скопско културно лето. Потоа се играше многу и на многу фестивали Шибеник, Војдан Чернодрински- Прилеп, Светозарево. и доживеа 300-тата изведба да се игра пак во Куршумли Ан и да има во публиката 1.700 гледачи.
-„Солунски патрдии “ се играше 29 години непрекинато и дојде ден тогашните “нови директори“ на преполни продадени сали да ја симнат од Репертоар. Ете, тоа не чини. Инаку Солунски патрдии ја направив после претставата за деца „Шекспир во приказни“ со која бевме во Шибеник , и големиот југословенски режисер Мирослав Беловиќ ми предложи да направам нешто за возрасни. И така почна. После дојдоа Солунски патрдии 2 - женска постава, ама тоа е друга приказна. По тоа колку е играна „Солунски патрдии можам да кажам дека најмногу ме означи … Но, има и други драги претстави, секоја носи дел од мене. „Сомнително лице“, „Не сега драга“, „ Маратонцит го трчаат последниот кру“ „„Бура“ „„Калигула“„„ Викенд на мртовци“, „ Ало будење“ „Сон на летната ноќ“ и така ред претстави во овие 50 години само во Драмски . А сум режирал и во сите Театри низ Македонија. Нема театар во Македонија, каде нема работено и нема актер кој барем еднаш немал шанса да работи со Коле. Сакам кога луѓето се задоволни, кога се смеат, кога се среќни. Дури и кога времињата не беа многу среќни, а салата беше полна, публиката седеше на скалите во салата и реагираше на секој актерски штос што ми прави големо задоволство. Скоро со сите театри од Македонија сум гостувал на ова сцена– истакнува Коле Ангеловски.
Коле Ангеловски е жива легенда, редок бисер кој треба да го чуваме и негуваме додека го имаме, и да извлечеме се најубаво и најдобро што можеме од него. Првата улога во легендарниот филм „Саша“ му ја донесе и дебитантската награда во Пула која му ја отворила и

вратата за филмските улоги кои се нижеа. За филмот „Да се дојде и да се остане“ во 1965 година ја добива Сребрената арена на фестивалот во Пула. Забележителни улоги имал и во филмските југословенски спектакли „Битката на Неретва“ , „Сутјеска“ и во речиси сите македонски играни филмови од шесетите и седумдесеттите години од минатиот век. Во 1969 година игра споредна улога во филмот „Време без војна”. Во 1971 година игра главна улога во филмовите „Жед” и „Македонски дел од пеколот”. Во 1973 година тој е режисер и сценарист во филмот „Татко (Колнати сме, Ирина)”. Во 1979 година го режира филмот „Додека водата тивко шумоли”. Игра главни улоги во филмовите: „Оловна бригада” (1980), „Црвениот коњ” (1981), „Јужна патека” (1982), „Нели ти реков” (1984). Во 1988 година тој е режисер на филмот „Викенд на мртовци”.„ До победата и по неа” и “Македонски дел од пеколот”, „Македонска крвава свадба“.

ГОЦЕ ТОДОРОВСКИ



КАКО СЕ СТАНУВА ЦАР

Дами и господа, почитувани присутни,

Во услови на здравствена криза, на пандемија, поради објективните околности што на сите вас ви се познати, годинава на Меѓународниот театарски фестивал нема да има претстави. Тоа е практично невозможно. Меѓутоа, за да нема прекин во веќе воспоставената традиција на Фестивалот годинава, сепак, повеќе симболично, почитувајќи ги сите здравствени протоколи, продложуваме понатаму. Театарот продолжува оти и животот продолжува.

Почитувани, театарот е како вирус. Постојано преживувал, модифицирајќи се и прилагодувавајќи се на општите услови и секогаш излегувал посилен. И во најтешки времиња, под притисок на разни угорзи, театарот не само што прежувувал туку токму во скудно време се создадени високи вредности, претстави што и денес се паметат и што се дел на врвното во театрската историја, благодарејќи најмногу на она што е столб во театарот - неговото височество актерот. И, секако, на големите актери чии имиња се паметат и со гордост се истакнуваат.

Така, во напорите да го продолжиме и годинава животот на Меѓународниот театарски фестивал, што го носи името на великиот светец Свети Јоаким, кој бил познат и како лечебник, се определиве продолжението да биде со прогласување лауреат на наградата за особен придонес во театарот и културата, а за тоа да биде висперно и достоинствено се потпревме на еден

столбник на современиот театар, еден актер од голем маштаб, исклучително популарен, миленик на сите генерации – Гоце Тодоровски! Театарски, филмски, ТВ и радио актер, познат на публиката како исклучително надарен и суптилен комичар, кој што одиграл бројни и забележителни улоги во својата богата актерска кариера. Ќе остане запаметен по улогата на Тодор во култниот филм „Среќна Нова 49“ и легендарната реплика „Морално беше Пиги“. На јавноста и е познат како неодминлив лик во македонските народни приказни, ТВ серијата „Балкан бенд“, претставата „Женски оркестар“ и радио емисијата „Хихирику“. Познат е по маестралните улоги во Лет во место, Болва в уво, Викенд на мртовци, Грев или шприцер, филмот Црвениот коњ, ТВ серијата Трст виа Скопје и многу други. Неговиот глас се уште го слушаме во синхронизираните популарни ТВ серии.

По завршувањето на Факултетот за драмски уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во класата на проф. Илија Цувалековски се вработува во Драмскиот театар во Скопје. Покрај ангажманите во матичниот театар, често е присутен на програмите на радиото и телевизијата и во другите театари во Македонија.

За своето актерско мајсторство добитник е на повеќе награди меѓу кои: Награда за најдобра улога, за ликот Цанде во претставата „Солунски патрдии“, на Театарските игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, Награда за животно дело исто така на фестивалто "Војдан Чернодрински". Неговата голема популарност е осведочена и со изборот за најпопуларно ТВ лице според анкета на весникот „Вечер“.

Меѓу неговите бројни театарски улоги се издвојуваат: Лука Лукиќ – Ревозор од Гоголь, Докторот – Веселата смрт од Евреинов, Цанде – Солунски патрдии од Миле Поповски. Гоце Тодоровски ги има одиграно сите 335 претстави во Драмски театар на „Солунски патрдии“ што е куриозитет.

Потоа, Пантагруел – Пангурий од Русомир. Богдановски, Царчето – Чудото на Свети Ѓорѓија исто тала од Русомир Богдановски, Леле мале – Јадигар од Васе Манчев, Питу – Сара Бернар од Џ. Марел, Генералот – Балконот од Ж. Жене, Ринго – Чија си од Сашко Насев, Ќорле – Кумови од Коле Ангеловски, Кирца – Викенд на мртовци, од Миле Поповски, Ангеле – Лет во место од Горан Стефановски, Докторот – Болва во уво, Ангеле – Лет во место, Селанец - Македонска крвава свадба, од Војдан Чернодрински, Пријателот - Буре барут, од Дејан Дуковски, Таткото - Како да се ограби банка, од Сами Фејд и други.

Гоце Тодоровски остварил бројни улоги на филм, телевизиски и игран. Во: Шеќерна приказна, Цимерите од соба 306, Учителот, Црвениот коњ, Записник, Ликвидатор, Лет во место, На наш начин, Тетовирани души, Елелига Пепелига, Болва в' уво, Поштар, Женски оркестар, Црно бело во боја, Каца, Време, живот, Легенди и преданија, Среќна Нова '49, Театарче лево ќоше, Викенд на мртовци, Грев или шприцер, Превртено, Ангели на отпад, Ноќ спроти Свети Василиј, До балчак - ТВ-филм, Збор, Ручек и др.

Оставарил улоги и во мошне популарните ТВ серии и за возрасни и за млади и за деца. Во Наши години, Итар Пејо, Седум секретари на небото, Булки крај шините, Хихирику, Камчевци, Јуначко колено, Другарувања, Ајде да се дружиме, Бушава азбука, Крале Марко јунак стана, Солунски патрдии, Трето доба, Трст виа Скопје, Училиште на кловнови, Викенд на мртовци, Чук, чук, Стојанче, Тврдокорни, Чудовиштата во нашиот град, Прекалени, Во светот на бајките, Салон Хармони, Погрешно време, Светот има осум страни, Агенција осамени срца, Наше маало, Битолски лакрдии, Куќен совет, Балкан бенд...

Иако Гоце Тодоровски мошне често го означуваме како комичар. Би рекол тој е нашиот Чарли Чаплин, од погоре изнесеново очебијно е дека тој толкува жанровски разнородни улоги. Или како што самот знае да рече: На мојата диплома пишува дипломиран актер, не комичар!

Сепак, со текот на времето Тодоровски стана прпознатлив како врвен комичар, а за таков го сметаа и неговите колеги. И одново, да го цитирам нашиот лауреат, тој такво признание добил и од легендарниот македонски актер и режисер Петре Прличко, кој што и самиот главно беше означуван како комичар.

-Прличко ја гледаше претставата „Солунски патрдии “, која се играше во Драмскиот театар, каде јас го глумев ликот на Цонде, седна до мене и ми рече „Сега можам на раат да умрам. Видов дека имам наследник во тебе“ - истакна Гоце Тодоровски во еден инфорамтивен медиум.

Вропчем тука по мое убедување стигнавме до суштинското во актерскиот израз на Гоце Тодоровски. А, имено неговата игра е многу поблиска до римската драма, до уличниот театар, до комедија дел арте каде актерската слобода е безмалку неограничена, а моќта за импровизација пресудна за актерската судбина. Во Римската драма приказната е позната, ликовите типизирани. Но, приказната, фабулата или ако сакате митот или текстот е само рамноправен сегмент од претставата, а не доминатен, како што тоа го наложи Аристотел во „За поетиката“. Римската драма е игра, лудизам, на општо задоволство на публиката. Затоа Тодоровски е мошне омилен. За него театарот е игра, поначесто креација во мигот, сходно не доминатно на драматуршки определената ситуација туку и со голем респект на ситуацијата на сцената и во гледалиштето. Тој со своето актерско мајсторство, со моќта за брза трансформација и адаптација и кога наводно греши, не греши. Останува свој, суверен, повикувајќи се на дарбините актерски и животните знајби и искуства. Што ќе рече за неговата игра, за неговото актерско мајсторство важна е не само уката и науката, стекната низ образовниот процес и работата со големи режисерски имиња туку и она што се нарекува „школо на животот“.

Чинам оттука и неговата огромна популарност стекната во исклучително значајниот ТВ проект Македонски народни приказни. Порасна и остаре во македонските народни приказни! - како што некој убаво констатираше на социјалните мрежи. Веќе четири децении неуморно ги освојува срцата на гледачите со повеќе од 700 различни одиграни ликови, во повеќе од 700

епизоди. Приказните со актерите од неговото време беа и се уште се посебни! Таа екипа составена од Гоце, Ѓорги Колозов, Ванчо, Шенка, е срцето на убавините со кои растевме.

Гоце Тодоровски, третиот Цар во Македонските народни приказни, знае како се станува цар. Актерски цар. Да му дарува светителот Свети Јоаким Осоговски, со чиј ореол го овенчуваме, уште многу здравје. Да е жив и здрав, уште долго, долго оти неговата актерска појава е олицетворение на нешто убаво, весело, интересно и маестрално! Се радуваме кога го гледаме!

Почитуван Гоце Тодоровски, да Ви се множат годините и ликовите.

Гоце Ристовски

Крива Паланка 18.12.2022

ЃОКИЦА ЛУКАРЕВСКИ



ВУЛКАН ПРЕД ЕРУПЦИЈА

Своите неповторливи актерски креации, Ѓокица Лукаревски ги остварува во долга низа дела што ја чинат панорамата на жанрот на комедијата. Во гротеската тој е „неприроден“ и смешен, необичен и фантастичен, ексцентричен и карикатурален; во фарсата до израз доаѓа неговата способност за сликовитост која приличи на ниската, вулгарна комика; во водвиљот тој е речиси незаменлив и неповторлив во ѓаволестите бравурозности; естрадата е негов дом, а не му е туѓа ниту кловновската персифлажа – сите свои ролји тој ги закитува со декоративни детали кои измамуваат восхит и многу често, аплаузи на отвореена сцена!

Малку фактографија: Ѓокица Лукаревски Факултетот за драмски уметности во Скопје го завршува во 1977 г. Се вработува во Драмскиот театар каде ќе остане се до пензионирањето во 2018 година. Интересот за театарот кај него се зародува уште во детството, а пресудно е неговото учество во една претстава на МНТ („Физичари“) како статист на дванесетгодишна возраст. Студиите по актерство ги завршува во класата на професорот Илија Џувалековски. На почетокот на неговата кариера публиката, но и театарската критика го забележуваат како особено надежна актерска индивидуа, односно како актер кој многу ветува. Ваквите претпоставки започнуваат да се остваруваат и потврдуваат со секоја негова нова ролја, а најекплицитната потврда доаѓа со наградата „Димче Трајковски“ за најдобра епизодна ролја за

ликот на Иследникот во „Карамазови“, освоена на МТФ „В.Чернодрински“ во Прилеп во 1980 г.

Широкиот творечки дијапазон и неговиот, многупати искажан став, дека актерот не треба да робува на шаблонот и да не се претвора во медиум кој е „фах“ за само еден тип на актери, е докажан и потврден со фактот што тој подеднакво успешно настапува во претстави за деца, во драмски и комични ролји, во дела од домашната и странската драматургија, во класиката и современите драмски пиеси. Тој настапува во претставите за деца како на сцената на Драмскиот театар, така и на сцената на Театарот за деца и младинци, а за насловната улога во претставата „Кралот Кускуле први“ добитник е на награда за најдобро актерско остварување на Фестивалот за деца во Котор, Република Црна Гора. Опусот на неговите претстави за деца опфаќа над дваестина актери не сметајќи ја тука ТВ и Радио продукцијата (серии, драми…) за деца. Важно е да се истакне дека тој во приодот кон творештвото за деца е крајно посветен, предан и искрен затоа што во случајот станува збор за крајно одговорна и тешка актерска задача. Покрај веќе споменатата претстава за деца тој настапува и во „Баш челик“, „Итар Пејо“, „Дете голомеше“, „Чук, чук Стојанче“, „Шекспир во приказни“, „Џон Пипелфокс“…

Еден летимичен преглед на неговите остварувања на матичната сцена ни покажува постојан растеж, градење и созревање на актерска персоналност која речиси половина век дава тон и печат на македонската театарска панорама. Неговиот раскошен талент е евидентен во толкувањето на бројни ролји на ликови со рабни егзистенции, бескуќници, слуги, отфрлени, изолирани/осамени, кралеви, успевајќи притоа секаде да биде свој и неповторлив. За улогата на Зганарел во „Дон Жуан“ од Молиер (1980), театарскиот критичар, Иван Ивановски, меѓу другото ќе напише: „Вистинско откритие на оваа сценска реализација беше играта на младиот актер, Ѓокица Лукаревски. Тој својата ролја ја одигра со убаво чувство за психолошки трансформации, претставувајќи ни го ликот во една мошне сензибилна фактура. Беше тоа актерска реализиација која влева голема надеж“. Во една строго селективна театрографија да ги споменеме само уште неговите ролји во претставите, „Крал Иби“, „Рибарски караници“, „Ју – антитеза“, „Тетовирани души“, „Керубин“, „Ноќ спроти водици“, „Медеја“, „Балкански шпион“, „Војцек“, „Еригон“, „Сон на летната ноќ“, „Македонски рулет“… Кога се во прашање драмските актери, иако станува збор за главно епизодни ролји сепак прку нив може да се согледаат својствата и карактеристиките на неговото актерско мајсторство, како што се продорноста, интелигенцијата и рационалноста во креацијата на ликовите. Сеедно што најчесто се работи за помали ролји, Ѓ. Лукаревски, успева да „исплива“ и да се наметне со специфичната умешност за сценско присуство која прави да го сврти вниманието на гледачите и да даде тон, печат и атмосфера на целата претстава. За каква улога и да станува збор (и без оглед на медиумот во кој настапува), во манир на врвен драмски уметник, Лукаревски беспоштедно се вложува и манифестира евидентна мотивираност, партнерска игра и силна моќ за актерска трансформација. Други својства и карактеристики на неговата игра, секако се

конкретноста, точната и прецизна гестикулација, навлегувањето во нијансите и сенчењето на ликовите до перфекција.

Како посебен адут на актерското мајсторство на Ѓокица Лукаревски треба да се истакне неговиот неповторлив, мелодечен, продорен, маѓепсувачки глас кој плени, восхитува, привлекува и заробува. Неговиот глас понудува раскош од созвучија разлевајќи се, сеедно дали од театарската сцена во салонот или преку етерот, кога станува збор за електронските медиуми. Како особено илустративна ја наведуваме неговата гласовна модулација за аудио креацијата на хуморот и сатирата како две различни исказни категории.

Неговиот актерски профил не би бил комплетен без неговиот драгоцен и голем придонес во другите медиуми, како што се филмот, телевизијата, радиото и естрадата. И овде, како и в театар толкува и споредни, но и главни ролји, при што секогаш е во центарот на вниманието и пред камерата, како и позади неа како човек и актер кој со своето присуство и расположение шири позитивна енергија и прави „штимунг“ за целата екипа вклучена во некој проект. Од играните филмови да ги споменеме, на пример, „Исправи се Делфина“, „Пресуда“, „Оловна бригада“, „Хај-Фај“… Неговиот ТВ опус подразбира над дваесетина наслови во ТВ серии и драми депонирани во нашето културно наследство. („Пат кон иднината“, „Сослушување на железничарот“, „Исповед на таксистот“, „Студентска соба – 306“, „Трговецот од Солун“, „На наш начин“, „Јазол“…). Посебно го издвојуваме и неговото учество и креација во ТВ серијата од три епизоди посветена на ликот и делото на Климент Охридски во режија на Слободан Стефановиќ – Раваси. Во 1996 г. дневниот весник „Вечер“ го прогласува за најпопуларно ТВ лице на годината! Неодминлив придонес и влог Ѓокица Лукаревски има и за Македонското радио. Тука се подразбираат голем број на радио-драми, хумористични емисии, а најмаркантен е неговиот придонес во емисијата за хумор и сатира „Хихирику“ на Иван Карадак, која на програмата на Радио Скопје опстана повеќе од 25 години и која имаше магнентна привлечност за слушателите и огромна популарност.

Попатно го бележиме и неговиот ангажман на синхронизацијата во голем број на серии од странско производство што се должи и на спецификите на неговиот моќен и препознатлив глас.

Голем творечки простор во неговата биографија заземаат и настапите на естрадата како специфичен актерски ангажман кој пак подразбира цел арсенал на актерски средства и постапки меѓу кои најистакнато место има импровизацијата, рационално и емотивно сообразување со ситуацијата, со публиката. Тоа се јавни настапи со многу творечки провокации, со кои Лукаревски се справува повеќе од успешно и ефектно. Кога сме кај естрадните настапи тука е неизбежна претставата или поточно перформансот „Женски оркестар“ кој заради својата популарност (со над двесте изведби), доживеа и свое продолжение, „Женски оркестар 2“. Тука, ќе го споменеме и неговото учество во реткиот жанр

на нашите професионални театарски сцени, како што е кабарето и мјузиклот, како и настапите на манифестацијата „Глумците пеат“.

Ѓ. Лукаревски поседува творечки капацитет и вруточна енергија, нескротлив дух и темперамент. Едноставно тој е неуморен и незаситен за сè понови и понови остварувања и самопотврдување преку контактите со публиката, аплаузите, сцената, како негова единствена судбина. Потврдата за овие негови својства наоѓаме во „Вечни момчиња“ направена во чест на доајенот на македонското глумиште Тодор Николовски, потоа „ Како да ја убиеш сопругата и зошто“, „Ветрот низ тополите“… Во овој сумарен преглед на неговиот актерски опус посебно место зазема и повеќекратното гостување во Австралија каде настапува пред нашата дијаспора. Овие чести гостувања се резултат на неговата популарност и не е претерано да се каже дека тој е миленик на нашинците од оваа дестинација.

Во 2018 г. Ѓокица Лукаревски официјално заминува во пензија со претставата „Партија реми“ во која го толкува ликот на Велер Мартин. Во својата рецензија за овој негов лик театарскиот критичар, Лилјана Мазова ќе истакне „… Ѓ. Лукаревски, актер со искуство во најразлични жанрови, со моќен глас, точна подвижност, одличен/несебичен и неумислен, а често во своите ликови/ сцени бил и столб на претставата. Особено во ликовите во комедии и сатири. Точно знае да го смести ликот во контекстот на другите/ претставата и сепак да остане свој…Можел и може многу!“ За истата улога, пак, авторот на овој запис ќе забележи: „…во оваа ролја Ѓ. Лукаревски го потврдува својот експлозивен актерски темперамент, својата нескротливост, додека на неговото лице е содржана една патина. Искуството го ваја неговиот лик и го прави навистина сам по себе медиум како актер. Лукаревски во оваа смисла одлично се координира со својата партнерка и е најконсеквентен и наоптимален токму во моментите кога ќе замолчи, кога игра со погледот, кога ја користи тишината или поинаку кажано, кога го игра текстот на партнерката. Вистински актерски медаљон!“

Како и секој голем драмски уметник тој е подеднакво успешен без оглед дали толкува драмски ликови или ликови од комедијата, па и естрадата. Сепак, се чини дека, дека неговиот актерски нерв, специфичен, сугестивен и сигурен, најмногу доаѓа до израз во жанрот на комедијата и сатирата. Во неговиот актерски опус посебно место и значење имаат неговите волуминозни гласовни градации и модулации, (особено присутни во играта пред микрофон), потоа неговата моќ за трансформации и импровизации. Во неговиот актерски стил се еднакво важни и гласот и гестот кои со суптилен и истенчен осет се прелеваат преку рампата во гледалиштето бивајќи заразни и магнетно привлечни за публиката. Тој поседува исклучителна импулсивност и извонреден сенс за партнерска игра и сценска соработка. Едноставно, станува збор за актер кој „согорува“ на сцената, односно како вулкан пред ерупција!

Гоце Ристовски,

Крива Пааланка, 2.10. 2021

ДРАГАН СПАСОВ ДАЦ



ЕДЕН ЧОВЕК ТОА СЕ НАЈМАЛКУ ДВАЈЦА

Почитуван градоначалник, Сашко Митовски, почитувани членови на Советот на општина Крива Паланка, почитуван лауреат Драган Спасов Дац, почитувани лауреати Мето Јовановски и Благоја Чоревски, нека ни е честит 14-от Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, нека биде успешен и долговечен.

Денес во летописот на Фестивалот, во културната ризница и Историја на Крива Паланка впишуваме уште едно златно име – Драган Спасов Дац.

Добредојде, почитуван Спасов, во градот на Милица Стојанова, жива легенда на глумиштето од Вардара дур до Триглава, градот во кој е роден еден од најзначајните македонски филмски режисери и исклучителен познавач на историјата на Византија - Кирил Ценевски, градот на сликарот Димитар Стојчевски со впечатлив придонес во современото македонско сликарство, градот на ликовниот уметник Роберт Цветковски, првиот Македонец кој имаше самостојна изложба во Кина и кој се уште ја афирмира македонската духовност и култура преку своите фасцинатни дела ширум светските меридијани, градот во кој е роден Роберт Глигоров, еден од најзначајните визуелни уметници на дваесеттиот и овој век, автор на обвивките на музичките албуми на Стинг, градот во кој основното образование го завршил Никола Аслимоски, најголемиот македонски пантомимичар, ученик и следбеник на Марсел Марсо, омилениот град на музичарот Лазар Ристовски кој членуваше во култните музички групи „Смак“ и „Бело

дугме“, кој свирел со големи музички мајстори од Боки Милошевиќ до Алвин Ли, а чиј татко е од тука.

Добредојде во градот на семејството Арсови: Борис Арсов социолог, универзитетски професор и член на АСНОМ, кој дипломирал право и филозофија на Универзитетот Монпелје, Јужна Франција, а докторирал на Сорбона во Париз, како еден од првите доктори на науки од Македонија и академик Димитар Арсов, кој дипломирал на Медицинскиот факултет во Париз и докторирал на Сорбона (1936).

Добредојде, почитуван г-дин Драган Спасов во Ремисијана, како што Кривопаланечкиот регион се викал во античко време и чувствувај се како дома, оти ние веќе те имаме за свој.

Почитувани,

Големиот актерски мајстор Драган Спасовски Дац е обдарен со многу дарбини, знајба и ука. Со голем успех игра во различни жанрови и стилови. Во комедија, фарса, водвиљ, психолошка драма, мајстор на мелодрамата. Со подеднаков успех настапувал и во претстави за деца, на телевизија, на филм, радио. Надарен и за песна и танц. Шоумен, естраден уметник.

Актерството е тешка и дури и опасна професија. Тоа Драган Спасов го знае, го почувствувал уште од мали нозе, како син на еден од столбниците на развојот на современиот македонски театар и извишувањата на Драмскиот театар во естетски врв во некогашна Југославија – Стево Спасовски.

Еден човек тоа се најмалку двајца. Тоа важи во животот но изострено во театарот. Тенка е линијата на рамновесие меѓу ликот што го толкува актерот и личноста на актерот. Ликот треба да се игра уверливо, верно, сугестивно. Личноста треба да „влезе“ да се трансформира во ликот. Но, во ниту еден момент не смее да се допушти ликот да ја обземе личноста. Тоа е свесен процес што треба да се тренира, и не сме да се остави на случајност.

За да биде појасно ќе се послужам со еден пример. Томас Едвард Хулс, американскиот актер стекна светска слава со улогата на Волфганг Амадеус Моцарт во филмот Амадеус, во режија на Милош Форман. Но набргу по успесите што почна да ги жнее филмот Хулс, кој така уверливо го игрше Моцарт, заврши во санаториум убеден дека е Моцарт.

Затоа велам дека актерството е тешка и дури опасна професија. И тоа Драган Спасов добро го знае.

Филмот Амадеус е биографски драмски филм од 1984 година, драматуршка адаптација на Питер Шафер на неговата драма Амадеус од 1979 година. Оваа драма беше поставена во Драмскиот театар од режисерот Златко Славенски во 1996 година, а улогата на Моцарт бравурозно ја толкуваше, на високо естетско ниво ја изнесе на свои плеќи оваа компликувана улога, токму Драган Спасов Дац. Потврда за тоа се и наградите: - „Златна маска“ од весникот „Вечер“ за улогата на Моцарт во „Амадеус“ за изведбата на фестивалот „Охридско лето“ и награда на Град Скопје „13 Ноември“. За среќа Драган Спасов Дац не продолжи да компонира

волшебна музика и да свири на клавир и со носот. Можеби спасението се крие во неговото презиме.

Но, Драган Спасов Дац не се откажа од музиката, а еве тоа последниве години, во една зрела творечка возраст, му донесе огромна популарност не само во татковината туку и во соседните земји. Музичкиот тандем Дац и Александар беше медицинско музичка терапија за олеснување на карантинските периоди за време на Корона изолациите.

Со Дац се познаваме уште од минатиот век. Имаме некое заедничко згуснато време. Тој на сцената во Драмски, јас во гледалиштето. Понекогаш и во бифето на Крап, напати на театарски фестивали. А театарот е токму тоа – згуснато време. Во еден или повеќе часови да се прикажат години, децении, да се покажат епохи. На сите тие седенки Дац ја „држел касата“, доминирал со духовитост, со досетки и со својата веселост и смеа која заразно се пренесува на останатите. Пријатен за дружење и човек се чувствува благопријатно на неговта маса како и кога го гледа неговото актерско мајсторство на сцената кога со леснотијата решава секоја и секаква ситуација.

Така го знам Дац надвор од сцената. Но се чини тој негов живот е само пауза од неговиот вистински живот, животот на сцената. Драган Спасов е посветен на театарот, на играта, како најискрен верник посветен на Бога во духот на познатата изрека на Гротовски „Актерот е светец на сцената!“

Неговите актери се постојано игра на тенок конец. Од една страна лечебни – лечат безволност за животот, од друга создаваат и несоница оти се опело на глупоста, незнаењето, залутаноста во животот.

ДСД го негува детето во себе и во овие зрели години. Затоа сака да игра, со јасна свест дека додека го чува детето во себе до тогаш е уметник и човек на тој начин пркосејќи му на светот и животот.

Уважени дами и господа,

Еврипид, Ајсхил и Софокле најзаслужните за брзиот блесок на театарот во времето на антиката, пред повеќе илјади години, чии дела се и денес актуелни, се нарекувале себе пеачи. Во тв сериајта Инсајдер (2017 г) Драган Спасов настапи во улогата на Пеач, термин што може да се поистовети со самоопределбата на професијата на грандиозните антички театарски дејци. Можеби денес терминот пеач од антиката посоответно е да се искаже како поет. Но, како и да е Драган Спасов Дац е и едното и другото, сфатени непоистоветено.

Дац е поет на сцената. Тоа го можат, тоа го прават само големите актерски мајстори. При градењето на драмските ликови препишува, можеби поточно допишува, од себеси. Не игра со срцето затоа што срцето игра со него. Игра со разум. Тоа му доаѓа како боречка вештина од Даелчниот исток што се вежба за самоодбрана. За сопствен спас и спасение, а тој не случајно е Спасов.

Оти ако не е така, ако претежне срцето ќе се распадне на сцената и како лик и како личност. Но, луѓето со знајба, како нашиот лауреат Драган Спасов Дац, секогаш одат побргу напред, понекогаш дури и пред вистината и во неговите улоги загубата на надежта тој ја игра поведро.

Драган Спасов Дац ги оплакува своите ликови, без разлика дали се тие трагични или комични, како што се оплакува Христос на фреската во црквата Свети Пантелејмон во Нерези, крај Скопје, од каде тргнува европската ренесанса. Дац е уметник насочен кон суштината. Неговите забавни рефрени се прикривање и затоа е тој голем актер. И кога плаче, и кога пее и кога се смее и кога се лути на сцената ја оплакува човековата судбина.

ДСД знае и дека еден актер, за да се здобие со популарност, мора да поседува маниризам, и до колку е нешто особено, дотолку поголема ќе биде и неговата популарност. Затоа тој е вешт актерски мајстор во мелодрамата кој знае дека секој повпечатлив стил никогаш не се појавува без некоја причина, дека литературата за пропаста, што е попрецизен термин за мелодрамата, почнувајќи од Хомер па се до Хемингвеј, е преокупирана со човекот кој живее во еден универзум на опасност. Дека подрачјето на пропаста е предодредено од ирационалните стравови, а тоа го поттикнува и себесожалувањето.

ДСД е уверлив, сугестивен актер за кого сцената е и живот пред времето, спас од животот овоземен оти театарот е безвремен.

Затоа како и секој голем актерски мајстор ДСД се арчи на штиците што значат живот духовно, интелектуално. Секако и физички. Пример во монодрамта Уште едно небо на Томислав Османли, Спасов игра и по вертикала и по хоризонтала, не застанува и не знае пат за назад. Таква пот како при неговата игра може да се види само кај Надал.

ДСД се однесува кон своите актери како кон свои деца. И тешко се отуѓува од нив. Како сликар што тешко се одлучува да ја продаде сликата на која и дал живот.

Ваше актерско величие, г-дин Драган Спасов Дац, драг пријателе од дамнина, денес кога Ве овенчуваме со наградата што го носи името на сесловенскиот светец Јоаким Осоговски, заштитник на Крива Паланка, Ви посакувам ореолот на светецот да Ве следи понатаму по патеките на Вашата актерска супериорност и нови животни победи.

„Празник е кога не ти е празно во душата, празник е кога ти е полно срцето!

Празник е кога е свечено, радосно и среќно!“

Денес е празник Дац!

Ви благодарам.

Гоце Ристовски

Крива Паланка, 25.10.2022

БИЛЈАНА ДРАГИЌЕВИЌ – ПРОЈКОВСКА



АКТЕРСКИ ДИЈАПАЗОН СО ОКЕАНСКА ДЛАБОЧИНА И НЕБЕСНА ШИРОЧИНА

Почитуван градоначалник, Сашко Митовски, почитувани членови на Советот на општина Крива Паланка, почитувана лауреатке Билјана Драгиќевиќ Пројковска, почитувани лауреат Благоја Чоревски, почитуван маестро Дејан Пројковски, режисер и универзитетски професор кој што последнава деценија ги „собра“ највисоките театарски награди за најдобра режија и најдобра претстава ширум Балканот, во Србија, Хрватска, Црна Гора но и во Турција, Унгарија и дачечната Русија, најмногу познат како сопруг на лауреатката на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ актерката Билјана Драгиќевиќ Пројковска, драги и почитувани паланчани нека ни е честит јубилејниот 15. Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, нека и во иднина биде успешен и дологовечен.

Во летописот на Фестивалот, во културната историја на општина Крива Паланка и во културната меморија на кривопаланчани запишуваме со златни букви уште едно ѕвездено име, што веќе долги години, со спокоен чекор, се се шета по хоризонтот на балканските театарски вихрени – Билјана Драгиќевиќ Пројковска.

Како што налага редот во вакви пригоди сосема накусо би споменал неколку податоци од богатата творечка биографија на Пројковска.

Дипломира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на Факултетот за драмски уметности, Скопје, на отсекот за актерска игра во класата на проф. Владимир Милчин. Вработена е повеќе

од 25 години Драмски театар – Скопје остварувајќи богат и значаен театарски опус. Исто така, учествувала во проекти на повеќе професионални театри не само во нашата земја туку и во неколку соседни и балкански земји, како и во повеќе независни продукции.

Не еднаш во јавноста од разни театарски зналци од европси маштаб е означена како една од најдобрите македонски актерки. Одиграла повеќе од 60 улоги, во сложените драмски партитури на: Антон Павлович Чехов, Софокле, Јокио Мишима, Вилијам Шекспир, Николај Кољада, Горан Стефановски Венко Андоновски, Фредерико Гарсија Лорка, Николај Ердман, Мигел Делибес, Фред Еб, Боб Фоси и многу други.

Успешна актерска кариера остварува и преку ТВ-екраните и филмското платно, режира неколку детски театарски претстави, еден документарен филм. Работи на телевизиски и филмски проекти како режисер, кастинг директор, продуцент и инструктор по сценски говор. Многумина ја паметат по впечатливите улоги што ги остварува преку ТВ екраните: Сашка, во серијата „Сашко и Сашка“, детскиот лик Петко во ТВ емисијата „Пет плус“ и други.

Поседува долгогодишно музичко искуство во пеење и свирење пијано, а по големиот успех со првиот лиценциран мјузикл во нашата земја - „Чикаго“, во улогата на новинарката Мери Саншајн, ја оствари и главната улога на Дона Шеридан во мјузиклот „Мамма миа!“.

Добитничка е на голем број награди и признанија:

Награда за најдобар млад актер од ревијата „Екран”, 1998 г. Награда за најдобар актер на списанието „Вечер“,1999 г. Награда за најдобара женска улога за улогата Кејт во претставата „Жената како воено поле” на МТФ „Војдан Чернодрински” - Прилеп, 2010 г. Награда за најдобра актерка во претставата „2012 - Последните Македонци“ на фестивалот „Македонско културно лето“ - Албанија, 2015 г. Награда за најдобра епизодна женска улога за улогата Серафима Илинчина во претставата „Животот е прекрасен” на МТФ „Војдан Чернодрински - Прилеп, 2016 г. Награда за најдобра епизодна улога за улогата на Карлота во претставата „Странци“ на фестивалот МТФ „Војдан Чернодрински“ - Прилеп, 2019 г. Награда за најдобара актерка на Интернационалниот фестивал на монодрамата во Битола за улогата на Кармен во претставата „Пет часа со Марио“, 2021 г. Награда за најдобара актерка на Интернационалниот фестивал Културно лето, Пустец, за улогата на Кармен во претставата „Пет часа со Марио“, 2022 г. Награда за најдобара актерка на Интернационалниот фестивал Актерот на Европа, за улогата на Кармен во претставата „Пет часа со Марио“, 2022 г.

Нејзиниот исклучително голем талент, знајбата, работливоста, накусо нејзиниот висок професионализам, како актерка што негува современ сценски израз, и овозможува до одигра речиси сè на штиците што значат живот. Сведоштво за нејзината сестраност се имињата на ликовите што ги толкувала: Ангелот на апокалипсата во Каменот на мудроста, Ингрид во Питачка опера, Шехерезада во Вазна од порцелан, Милка во Сончогледите, Петриа во Чорбаци Теодос, Ана Попова во Мечка, Девојка во Кабаре Скопје, Сара Танси во Заводникот од западниот свет, Нина Заречна во Галеб, Гласот на народот во Ојдипус Тиранос, Јицуко во

Три есенски приказни, Меги во Музеј од приказни, Злата, Спикерката, Бабата и Девојчето во Фурка, Смит во Петар Пан, Сенката во Сенката, Гилдерстен во Хамлет, Џокер во Бетмен засекогаш, Марија Јегоровна во Платонов, Ана во Поблиску, Сестрата во Роберто Зуко, Рајка во Земјомерот, Јури во Кандид во земјата на чудата, Вера во Диво месо, Клаудија Рогов во Тетовирани души, Таа во Есперанца, Наташа во Падот на невиноста, Ангустиа во Домот на Бернарда Алба, Рајна во Лет во место, Сосетката во Лолита, Баукида во Тито на Слободан Шнајдер, Музичарката Виола во Супернова, Кејт во Жената како воено поле, Госпоѓа Де Монтреј во Маркиза, Арсиное во Мизантроп, Последната Македонка во Последните Македонци, Управничката на домот во Грев или шприцер, Аџи Јанкула во Солунски патрдии, Камен во Евридика, Дора во Огнени јазици, Менаџерка и Водителка во Живот во тесни чевли, Лиза во Човекот кој го изеде светот, Мајка во драмата Библијата, Мери Саншајн во мјузиклот Чикаго, Петко во Сонуваме менуваме, Серафима Илинична во Животот е прекрасен, Дона во мјузиклот Мамма миа, Карлота во Странци, Мама Иби во Крал Иби, Кармен во Пет часа со Марио, Жената во За нас почнува живот ...

И што може да заклучиме од наброеново. Може да одигра и ангел и ѓавол, и мајка и жена и девојка но и девојче и баба и сетра и висперно да го претстави гласот на народот, и сосетка и музичарка, и танчерка и уличарка, и госоѓа и управничка, менаџерка и водителка. Но, ви обрнувам внимание, добро слушнавте Билјана Драгиќевиќ Пројковска играла и машки улоги и тоа како ги одиграла „машки“, помашки и од некои машки колеги. Играла и повеќе различни улоги во една претстава. Играла и безимени ликови што е сложено бидејќи во името е знакот, архетипот на ликот за актерите со знајба како Билјана Драгиќевиќ Пројковска, играла и сенки, што ќе рече нематеријални суштества. И што постои и може да се види и што не се гледа и го нема. И што ни кажува тоа – дека станува збор за актерка чие актерско мајсторство се чини неограничено. Драгиќевиќ Пројковска не се плаши ни сосема да се привие, да се послужам со еден стих од Блаже Конески, за својата улога, за партнерот и сите учесници во претставата, актерите, сценографот, костимографот, кореографот, светло и тон мајсторите и сценските работници, режисерот и идејата на проектот во кој учествува.

Талент, инвенција, креација, длабока промисленост, силна духовност и интелектуалност, наобразба, работа и работа и вежби духовни и телесни и на сцена и по дома, и верба, љубов и надеж и уште што ли не е потребно за стамен современ актер во 21-от век како што е Билјана Драгиќевиќ Пројковска. Ретки се таквите актери глобално во театарот.

Еден човек, тоа се најмалку двајца но кај Пројковска како да се собрани сите луѓе од Адам и Ева и тоа не до денес ами и до утре. Секако имало и има и други такви грададни актери но оние кои за тоа се наполно свесни, како Билјана Драгиќевиќ Пројковска, кои тоа рационално, а не преку патос, неконтролирани емоции, инстиктивно или можеби на тепка, можат да го покажат на театарската сцена, пред камерите за потребите на филмски и тв продукции.

Творец и креативен уметник не само што чувствува туку и знае дека „индивидуалниот чин во Вечноста уметноста ја движи и така продолжува европската и светската цивилизација, дека само уметноста има моќ да ги брише вековите.

Претставата, по дефиниција, секогаш е веќе умножена со себе и со другите драми. Уметноста е обид, вели можеби една од најубавите дефиниции, да се менува светот на подобро без насилни средства и доколку е можно без пари. Критиката на насилството од уметноста, е тенденција за различно разрешување или распуштање на противречностите и антагонизмите на полето на движењето или насилството, а не на нив да се додаде некаква (дијалектична или апокалиптична) негација. Само како, ако е така, да се помири таа критика со хетерологија, со мешање, со дисперзија и легитимен плурализам на претставите што пристигнуваат од сите страни?

Во светот на неподнесливите противречности и насилство, проектот на еманципација е неопходен и итен, но тој ослободува мноштво разлики и во исто време нужно ги униформира. Отсуството на самоиронија во еден еманципаторски проект јасно ни кажува за оние политички модели кои потпаднаа во авторитарната, диктаторската и октроисаната практика на авангардата, па и покрај добрите желби и добри намери, доживеаја радикален неуспех. И сето тоа: бидејќи разликите во тотализирачката практика се намалуваат малку по малку. Затоа претставите со кои ние денес восприемаме, доживуваме, разбираме и сфаќаме други претстави, а преку нив и третите и, потоа, секогаш донекаде нестабилните контури на светот во и околу нас, не можат вечно да се вкотват во стратегија која би била лишена од иронија, пренасочување и интервенција. Можеби односот помеѓу отстапувањето и критиката, толпата и интервенцијата не може добро да се објасни. Сепак, Барт е во право кога мисли дека оваа врска мора да се одржи дури и без конечно, рационално објаснување.

Тоа секако го знае Билјана Драгиќевиќ Пројковска.

И уште нешто, да се надополнам на погоре кажаното, Драгиќевиќ – Пројковска на театарските сцени е веќе докажана како идеална партнерка, која секогаш е подготвена до крај да учествува во творечкиот процес. Тоа е одговорност, професинализам од виск вид. Да се води сметка за претставата во целина и да не се заборава придонесот на публиката.

Сосема накусо, ќе се обидам да појаснам што е тоа што Драгиќевиќ Пројковска ја чини грамадна актерка, резимирајќи го она што веќе го искажав.

Јасна дикција, моќ на трансформација, сестраност, суптилни дури кореографирани сценски движења, хармонизација со сите чинители и учесници во претставата... Имено, како образован актер и уште повеќе како интелектуалец, Драгиќевиќ Пројковска суверено владее и со системот на Станиславски и методот на Гротовски, со јасна свест при показноста на нејзината актерска игра дека таму кај што завршува Станиславски, продолжува Гротовски. Несомнено, нејзината игра е уверлив доказ на изреченото од Георги Иванович Гурџиеф дека актерот на

сцена во ниту еден момент не смее да помисли дека станал ликот што го игра. Оти тоа може да биде кобно. Актерската професија е опасна професија.

Како поткрепа на искажаново нужно треба да се приложат и неколку докази дека тоа е така, надвор од перцепциите на мојата маленкост.

„Биљана Драгиќевиќ Пројковска е една од најдобрите актерки, ако не и најдобра, во ова време во театарот во Македонија. Зад себе има голем опус, гостувања, награди. Сега на Малата сцена на Драмскиот театар во Скопје, заедно со својот колега Нино Леви, ја игра претставата „За нас почнува нов живот“. (...) Биљана Драгиќевиќ Пројковска во ликот на Жената, сигурна во себе го води дејството. Ги гради/нивелира/креира сите негови елементи, со што создава лик што е слика на обичниот мал човек. Биљана како Жената е јасна и моќна, креирајќи ја како цврста структура на/во целата претстава.“ – констатира театарската критичарка Лилјана Мазова во „Нова Македонија“.

Годинава како актерка Билјана Драгиќевиќ Пројковска гостува на сцената на Народниот театар „Иван Вазов“ Софија, Бугарија во претставата „Животот е прекрасен“ во режија на Александар Морфов, реномиран и уважен режисер во современиот европскиот и светскиот татар, каде што игра една од стожерните улоги. И тоа на бугрски јазик што никогаш не го учела, добивајќи аплаузи на отворена сцена и овации на крајот од претствата.

Режисерката Лилија Абациева по изведбата на претставата ја нарече „неверојатно талентирана македонска актерка“.

-Таа е кловн во здолниште, но исто е и апсурдно драматична и апсурдно поетична во исто време. Тоа е вистински тест за актерка да влезе во изведба со јасен и чист резултат во смисла на партнерство, темпо, нова сцена, нови партнери на сцена. Возбудата на таква средба со толку многу непознати луѓе е срцев удар за актерот, но за талентираниот уметник, тоа е игралиште со многу можности.

Сум работела со Пројковска во претставата „Франкенштајн“ во Драмски театар. Не познавам друга актерка што може да биде толку посветена и да постигне целосно лудило на пробите. Таа ви дава чувство дека не постои друг свет надвор од пробите, оти самата ви дава чувство на креирање свет. Партнерството на сцена со Камен Донев и Рени Врагова изгледаше како живот што никогаш не застанал. Таа беше доживеана и топло од публиката, но и убаво прифатена од нејзините колеги на сцена.

За монодрамата „Кармен“ во изведба на Биљана Драгичевиќ-Пројковска, Ана Тодоровиќ напиша:

-Кармен на Биљана Драгичевик-Пројковска не беше сама. На сцената беше и нејзиниот Марио на кого таа посмртно се обиде да му ги раскаже своите емотивни животни состојби кои, веројатно, немала храброст да му ги предочи додека бил жив. Марио стоеше обезглавен со безживотно срце како страшилото од „Волшебникот од Оз“ и нем ги слушаше сите расположенија на Кармен, која што токму сега кога можеби и нема некаков особен ефект,

насобрала храброст пред него да ги истури сите свои длабоко потиснати емоции, што животот во ниту еден момент не ѝ го направиле вреден за живеење. Нашава Кармен за час и половина на сцената на Драмски истури сѐ што ѝ лежеше на душа, како приказна од нашиот живот, хистерично среќна и екстремно тажна, Биљана Драгичевиќ-Пројковска почна тивко и воздржано за да се претвори во бура од емоции и да ме премисли и да ме замисли, но и многу едноставно да ме измисли и мене на сцената, оти нејзинава Кармен ја препознав во секоја жена, па дури и во онаа млада Ромка која умира од ножот на Дон Хозе.

(...)

Кармен е нашата гласност преку социјалните мрежи и нашата тишина во тет а тет средбите, оти Биљана покажувајќи ни ја Кармен во долгиот монолог со хелиумскиот балон, преку полупантомимиките нѐ натера да се видиме себеси и да согледаме колку всушност тивко, најтивко молчиме, а ни се вреска.

За истата монодрама театарскиот критичар и театролот Тодор Кузманов, пак, напиша:

-После низата на значајни ролји на својата матична сцена во Драмскиот театар кои ја легитимираат како една од водечките актерки во земјава, Билјана Драгичевиќ Пројковска се впушта во авантурата наречена монодрама. Формата на оваа нејзината прва монодрама е исповедна. Тоа значи, дека преку монологот таа ни овозможува поглед во внатрешниот свет на нејзиниот лик. Станува збор за моментот кога ненадејната смрт на нејзиниот маж Марио ќе биде импулс за нејзината провокација за рекапитулација, како на филмска лента, на нејзиниот живот, промашен по сите основи! Виновник – покојникот! Значи пред нас е една и незадоволна и незадоволена жена! Распукнува по сите шевови, експлодира. На сцената настанува мешаница од чувства, страсти, но во актерската креација на Пројковска тие се извонредно организирани и мајсторски пласирани. (...) А, тука се и оние интимните, ласцивни пориви, незаситната сексуална потреба и „влажните“ соништа.... (...) Сите овие ситуации Пројковска ги игра со вешти трансформации оставајќи впечаток на суверен господар на сцената. Наизменично таа е страствена, нежна, потиштена и тажна, па фурија која „диво“ танцува по сцената не оставајќи сомнеж во она што го мисли и што го прави. Кармен односно Пројковска прави „парампарче“ од сите вредности и доблести (убав пример е играта со книгите), така што со својата некритичност, нападност и простаклук израснува во гротескна фигура, фигура односно жена за која целиот свет е изместен и несоодветен. Својот лик го „закитува“ со една фарсична распојасаност. Еротична, страствена, мрзоволна или весела, Пројковска е секогаш посветена и уверлива во својата креација на ликот на обична дрдорка од пред селска чешма. Актерски моќна и стамена со својот креативен импулс и творечка ведрина таа ја разбива загушливата и траурна атмосфера. Во ниеден момент не ја минува границата и затоа заеднички именител на сите сцени и ситуации е чувството за мера. Трансформациите на ликот на Кармен го покажуваат актерскиот дијапазон на Б. Д. Пројковска – дијапазон со океанска длабочина и небесна широчина!

Ваше актерско величие, почитувана Билјана Драгичевиќ Пројкоска, драга пријателке, Вие не сте за првпат во нашиот град и на нашиот фестивал, но во оваа пригода, кога ве овенчуваме со ореолот на сесловенскиот светец Свети Јоаким Осоговски, дозволете да Ви речам добередојдовте во Крива Паланка и чувствувајте се како дома.

Добредојдовте во градот на грамадната актерка Милица Стојанова, во градот во кој е роден филмскиот режисер Кирил Ценевски и мноштво други уметници, академици, архитекти и неимари, општественици...

Нека Свети Јоаким Осоговски Ве следи и закрилува по патиштата на вашата актерска супериорност.

Гоце Ристовски

28.9. 2023 Крива Паланка

ВЛАДО ДЕНЧОВ – специјална награда „Св. Јоаким Осоговски“ 2023



Владо Денчов дипломирал на Факултетот за драмски уметности во Скопје во класата на професорот Димитар Ќостаров. Седум години работел како професионален актер во Народниот театар во Куманово каде што одиграл триесетина улоги, најголем број главни.

Основач е на театарот „Скрб и утеха“ од Скопје со кој како режисер поставува 20 претстви меѓу кои „Чекајќи го Годо“. „Ќелавата пејачка“, „Дрвеница“, „Раскрилување“, „Т,га за лебедот“, „Ние“, притоа работејќи со редица истакнати македонски актери (Милица Стојанова, Ердоан Максут, Јордан Витанов, Јусуф Гулевски, Билјана Беличанец, Владимир Јачев, Рубенс Муратовски, Сашо Тасевски, Зорица Панчиќ, Слободанка Чичевска, Кети Дончевска Илиќ, Мину Угриновска и др.). Некои од претставите биле прикажани на театарските игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп и ФКТ „Ристо Шишков“ во Струмица.

До неодамнешното пензионирање е вработен во Македонската радиотелевизија како режисер.

За националниот сервис режирал околу 140 документарни филмови, педесетина есеистички емисии и околу 10.000 емисии во живо.

Дваесетина негови документарни филмови учествувале на 12 европски фестивали. Еден е од најнаградуваните македонски режисери на документарни и кратки играни филмови на фестивали во странство за кои добил повеќе европски награди за режија - „Златна маска“ на Академијата во Прага, „Златна маска“ на Академијата во Варшава, награди за најдобра режија на фестивалите во Бар, Сараево, Солун, Измир, Охрид и др.

Особена популарност меѓу широката публика постигна со неговите улоги во народните приказни што се емитуваат нанационалните телевизии.

Владо Денчов пишува поезија и се занимава и со сликарство.

ЗА ГРАДОТ ДОМАЌИН

ПОРТА НА МАКЕДОНИЈА

Од векутума века кривопаланечкиот регион бил значајна врска меѓу Запад и Исток. Ги поврзувал Западното и Источното Римско царство - Рим и Константинопол. Подоцна оттука, во времето на турското владение, врвеле карваните со луѓе и најразлични стоки, оттука водел патот што западните турски провинци ги поврзувал со царскиот град Стамбол.

Така е и денес и затоа Крива Паланка ја нарекуваат „Порта на Македонија".

Кога тргнувам во Крива Паланка ме позема радост голема и чувствувам блаженство во душата, оти водата ме вика, водата на родниот крај. Но, колку повеќе наближувам, вртејќи по свиоците на патот, што врви покрај Крива Река, ме навјасува тага. „Жал лута ме стега и ми иде да плачам ко дете..." како што испеа големиот поет Блаже Конески во познатата песна „Тешкото", посветена на трагичната македонска судибина. За да ги победам солзите што се ронат како што се рони пченка од мождивњачките градини во близина на Паланка, си ја потпевнувам „Ајде ред се редат кочански сејмени, покрај Крива Река...', па „Одала се е мамо...", што ги прослави надалеку „распеаните кривопаланчани".

Паланчани се музички надарени, песнопојци, играорци, свирачи... Кога играат чиниш не го допираат тлото, летаат... Пеат песни со натпејување („Ниша се, ниша Недо)! Паланчанки играат женски ора со пеење и потропнување со нозете, без музика, („Нагази ме попадика на левата нога, да беше попот немаше да ме е жал") какви што, како дете, сум гледал, шашардисан од прекрасните носии, во Мартиница, каде живеел кратко заштитникот на градот Свети Јоаким Осоговски, имењак на просветителот Јоаким Крчовски, еден од првите македонски преродбеници. Јоаким Крчовски, со помош на локалните трговци, во периодот од 181 до 1819, во Будим, ги печател своите познати петнаесет книги, на жив народен говор. Извршил и пресудно влијание за основање на црковно – келијно училиште во 1817 г. коешто било сместено во Енгеровата куќа, во чија близина подоцна со големо залагање на градските првенци и самиот ктитор Давид Јерej, во 1833 г. била изградена градската црква„ Свети Димитрија"., што за секој дојденец би било убаво доживување да ја посети.

Ритмот и звуците на познатото оро „Дурачка тројка' одвреме-навреме ми sуnат во главата потсетувајќи ме од каде сум, кој сум... И, ела сега во Крива Паланка, дојдете, заушете како го свири тоа оро Миле хармоникашот, инаку рударски инженер по професија, и не испијте по една сливова паланечка ракија. „Ако е слаба, ќе гу спрегнемо од две, како што велат Паланчани, ако има венец-препечена е!" Оди со мезе од криви краставици, со многу семки и

воденести, ама слатки и кога се поджолтени, од некоја нива од Конопница, село залепено до градот. Да не зборувам како звучеше „Дурачка тројка" кога ја свиреше Савре од Конопница. Ја везе како „сингерица", а меѓу последните прсти на раката („работат му прсти како на млада невеста ноги", се шегуваат Кривопаланчани) му чади цигаре, од кое повремено и потегнува, се разбира додека свири. А, орото се шири, чиниш, од Лисец, до Биљино, од Чупино брдо до Калин Камен.

Има Кривопаланчани исклучителни музичари. Потврда за тоа е и кларинетистот Бранко Павловски, универзитетски професор, кој настапувал и надвор од Македонија- во Германија, Франција, Чешка, Бугарија, Америка... Ве разгалува тој со својот здив што го разблажува тревожниот Бог, растреперувајќи ви ги чувствата како благо ветре лисја на млада бреза.

Бездруго, и големиот инструменталист, композитор и аранжер Лазар Ристовски, чиј татко е од овој крај, кој беше член на култните групи „Смак" и „Бело дугме", кој свирел со многу врвни светски музичари – од Боки Милошевиќ до Алвин Ли. Кога ќе ја засвиреше неговата инструментална верзија на „Ајде слушај, слушај, калеш бре Анѓо" пред мене излегуваше токму таа–Анѓа- и ми ја раскажуваше својата тажна приказна. Кога на аголот во Грнчарско маало, „Кај огледалото", како што местото го знаат Паланчаани, седнат на една скала, свиреше на гитара песни од Сајмон и Гарфанкел се собираше народ како на пазар.

И Досе Ангелов последниот свирач на кемане во овој крај, па и во Македонија, од село Станци, од кого слушнавме македонски песни кои порано не сме ги чуле („Сирома Стојан седам овна заклал...") во Осоговскиот манастир, неговиот омилен „концерт-простор", со кемането старо над 100 години, кој ги водушевува и домашните и странските туристи. Додека свири чиниш кемането „пораснало" и Досе влегол во него. Тие стануваа едно додека продорниот тажен звук, што доаѓа од далечно, неспокојно минато го освојуваа манистирскиот спокој.

И дедо Јашко Денчов од Конопница, кој на 92 години ни свиреше на тамбура, со левата рака, со трзалица од црешова кора, од црешата под која седевме во неговиот двор, додека ни пееше песна за војводата што не им се предавал на Србите!

Ги бива Паланчани и за песна. Тоа ќе го потврдат и оние што ја слушнале чудесната актерка, паланчанката Милица Стојанова, која на примниот испит влетала со спуштен чорап, а чии антологиски актерски креации како Ана Франк, Лизета во „Игра на љубовта и случајот". Неда во „Мартолозот", Фирса во „Вишновата градина", Донка во „Бегалка", Касандра во „Тројанки", Леди Магбет во „Магбет", Беатриса во „Дејството на гама зраците...", Јокаста во „Цар Едип", Марија во „Диво месо", Малина во „Ерогон", Ната во „Сили во воздухот" и други, тешко се добројуваат, се уште вишнеат на хоризонтот на театарското небо.

И оние што ја слушнале Драгица Пучо како ја пее „Да сум бистра вода...". Пучови, се песналии, така, де!

Така, кога итам кон Кривопаланечко, регион што во античко време се викал Ремисијана, плачам и пеам. Значи, чувствувам... Ми се враќаат сликите од детството. Берберскиот дуќан

„Фигаро” во кој беше времена „дуплерица” – фотографија од некогашниот загребски неделнк „Старт” на првата разголена паланчанка. На деновите поминати со Ненад Новковски, најцитираниот македонски научник во странство, со Анета Стефановска, професор на престижниот универзитет во Ланкастер, која го потресува светот со своите научни откритија, на .... Всушност, сеќавам дека одам не каде било, ами на посебно место.

На тринаесетина километри од градот е граничниот премин кон Бугарија што некогаш бил на месноста Деве Баир (во превод – камилско рикање, секако од честите карвани). Сега преминот е некој километар потака, на попроодно место, во Рамна Нива.

Кога патот ме води преку Рамна Нива помислувам на Румена Војвода, „планинска царица”, водачка на една од најпрочуените ајдучки дружини во Македонија, опеана во народните песни.Според кажувањата на некои нејзини современици што ги запишал Ефтим Каранов кога ќе се случело убиство по патиштата, властите секогаш ја барале Румена. “Ту ја носеле на истрага во Паланка; ту ја мачеле да ја потурчат. “ Румена се воодушевувала на војводата Иљо Марков-Малешевски, кој со околу 170 ајдути ја нападнал кулата на Деве Баир во 1854 година. Во одмаздата што следувала од османлиите, била мачена и Румена, по што се пријавила за ајдутка, но Малешевски не ја примил. Ја фатиле Румена и ја тепале на сред село да каже што знае. Кога ја тепале молчела, но кога станала гордо се издигнала и рекла: „Има да видите”". Го напуштила семејството и со Стојан Крклански (ковач од село Крклја) формирала своја ајдутска чета. Од 1858 до 1861 била страв и трепет за османлиските власти и чорбаџиите насилници, од Осоговската планината до Врање. Затоа меѓу восочните фигури во природна големина во Музејот на македонската борба во Скопје, заедно со Дедо Иљо Малешевски, Гоце Делчев, Јане Сандански, е и Румена Војвода.

Во непосредна близина на Крива Паланка е и граничен премин кон Србија, што ја потврдува нејзината добра местоположба. Во овој град, значи, може да дојдете од две држави. Има места што можете да ги одминете, но низ Крива Паланка мора да поминете. Има да ја видите. Оттука сувоземниот пат води кон Истанбул, кон Блискиот исток и потака та дури до Далечниот Исток. Крива Паланка е оддалечена сто километри од Скопје, 60 километри од Куманово и нешто повеќе од сто километри од Софија, поврзана со асфалтен пат.

Градот има ладна зима, топло лето, свежа пролет и топла есен. Во кривопаланечко велат дека „огинчето е благословено и на Петровден”. Вообичаено, првиот снег паѓа на крајот од ноември, а врвовите Руен и Царев Врв, на повеќе од 1700 метри над морето, се „белеат”од октомври па до почетокот на јуни. За жал, зимскиот туризам сè уште е недоволно развиен.

Крива Паланка и нејзината местоположба нудат задоволства на сетилата, тука се живее во дослух со природата. Посетете ја Паланка, еден од „поновите” градови во Република Македонија. Дојдете во градот што го основал Бајрам Паша, непосредно пред да стане велик везир и вкусете ја свежината на бистрите извори, чистиот воздух што ви ги полни градите како

стомна кривопаланечка, (кривопаланчани биле познати грнчари и денес една маала се вика Грнчарска) што се полни со ладна вода на чешма на Бела Вода, на Осоговската плнина.

Кој дошол, кој што се напил вода од Кадиска чешма, кој еднаш фрлил паричка во некој од атрактивните угостителски објекти, (во градот, во Гиновци, Станци, Крклња...) пак ќе се врати. Кој јадел кривопаланечеки печени компири од Дренак, дурачки грав, јуфки правени со саѓ, кој јадел тука сирење и кашкавал според рецептите на познатите крклњански мајстори, урда со пиперки, овчко кисело млеко што со нож можеш да го сечеш, кој го пробал познатиот паланечки симит и топло лепче печено на дрва, кој каснал печурки берени некаде накај Тораница, кој каснал риба мренка од Крива Река или планинска поточна пастрмка - пак ќе дојде.

Дојдете, кој од каде, посетете го прекрасниот Градски музеј во центарот на градот, запознајте се со историјата и традицијата на овој регион според концептот на археологот Соне Крстевски кој ги откри познатите Винички теракотни икони. Прошетајте по уреднот кеј на Крива Река, новото шеталиште, рекреирајте на Градскиот спортски центар, со тениско, фудбалско и ракометно игралиште, посетете ги духовните храмови во околните села. И уживајте-во прекрасната природа, во лов и риболов. Учествувајте на планинското рели со џипови. Одморете се со здрав сон, јадете вкусна и здрава храна.

Дојдете во градот каде се родени браќата Борис и Димитар Арсови кои докторирале на Сорбона, меѓу двете светски војни и узнајте ја нивната трогателна приказна, трауматична како македонската историја. Дојдете во градот каде се родени светски познатиот уметник Роберт Глигоров, пријател и соработник на Стинг, кој живее во Италија, а во чија биографија на светските јазици стои дека е роден во Крива Паланка, Македонија, сликарот Роберт Цветковски, првиот македонски уметник со самостојна изложба во Кина, режисерот Кирил Ценевски, автор со голем број филмски награди, меѓу кои и тие за неговиот најнаградуван филм „Црно семе" од 1971 година (на фестивалите во Пула, Москва, Авелино, југословенски кандидат за Оскар во 1972 и награда „11 Октомври") со кој Ценевски е влезен во листата на УНЕСКО „Спомени на светот", режисерот (и актер) Владо Денчов со најмногу меѓународни награди за тв-режија во Република Македонија...

Ќе дојдат одново и тие кои замирисале планински цвеќиња, кои виделе срничка, кои виделе диви коњи, кои отепале дива свиња или зајак по околните планини каде некогаш шетале тигри, кои каснале малини набрани на Калин Камен, кои пробале капинки, набрана покрај Крива Река, кои се засладаиле со жолта круша беграм од Црцорија и со круша тупњак што се јаде скапана, кои виделе воденица и валавица на Дурачка и Станечка Река.

Дојдете во градот што го опишал турскиот патописец Евлија Челебија: „Градот што се наоѓа надвор од тврдината има осумстотини куќи покриени со керамиди и шиндра. Тоа е напреден град. (...) Во градот има доволен број продавници. Во сите најмногу се изработуваат железни предмети, така што овде има ковачи што се вистински мајстори. И тука има фабрики за

преработка на железна руда. Сите месни жители, рајата и повластените граѓани, се занимаваат со производство на железна руда. Климата е добра, а водата не е толку пријатна, бидејќи доаѓа од железните рудници.

Планината Крива Река (веројатно мислел на Осогово). Тоа е толку висока планина, небаре се соединува со небото, а се наоѓа меѓу Кратово и Крива Река. Во неа има стебла што се толку високи и достигат до врвот на небото. Толку високи стебла се наоѓаат можеби само уште во планината Уна (во Босна) и Церника (во Славонија).

И кривопаланчани одново ќе ве пречекаат со слатка од овошје: речел, слатко од тикви, од зелени домати (мали) со ореви, од трендафилов цвет, од дуњи, капини, малини, со мрмелада од шипинки подготвена според стар автентичен рецепт.... И со сок или чај, благодет за за срце, од бозел (бс на кривопаленечки, како што се вика и едно село), со сок од дренки и боровинки.

Обврзно – посетете го манастирот „Свети Јоаким Осоговски", еден од најубавите манастири во Република Македонија.

-Господе мој, слушнав за светиот отец наш Јоаким, кој живее во пазувите на Осоговските Планини, на местото наречено Сарандопор, со неговите свети молитви и со Божјата помош и мене кутриот ми се посака на ова место и со неговите молитви Господ и нашите чекори да ги упати кон исполнувањето на Божјите заповеди.

-Оди чедо, со мир Божји, со благодети.

Се разбуди Теодор од сонот и разбра какво видание и каков благослов прими, го прослави Бога и светиот и не кажа што виде. И дојде пак во спомнатото место, се насели таму и рече:

-Овде е покојот мој за цел век, овде ќе се населам бидејќи го засакав ова место.

По малку време, откако Теодор се замонашил и го добил името Теофан како прв игумен, со помош на месното население ја изградил првата манастирска црква. Чинот на основањето на Осоговскиот Манастир се случил така како што било запишано. Педесет години од упокојувањето на светителот, неговите мошти Теофан ги поставил во саркофаг во внатрешноста покрај западниот дел на црквата, каде што и ден денес ја искажуваат својата исцелителна и лечебна моќ.

Кривопаланчани на својот заштитник му изградиле манастир на местото што светецот на неколку луѓе им го кажал на сон – каде што тој ќе го фрлел својот испоснички стап. Таму каде што го пронашле стапот бликнал извор со исцелнителни и лечебни својства, кој не пресушил до денес.

Манастирот „Свети Јоаким Осоговски" е изграден во времето на Византискиот император Манојло, меѓу 1143-1180 година. Денес постојат два храма. Помалиот, црквичката „Рожденство на Пресвета Богородица", според некои сознанија е изградена во XII век, но Антонио Николовски ја датира од XIV или од XVI, односно XVII век. Најверојатно, црквата е возобновена во XIV век врз старите темели кога е и живописана. Иконостасот во црквата Света Богородица е возобновен. Направена е нова рам-конструкција во 1998 година, врз која се

фрагменти од стариот иконостас, постојните царски двери и големиот крст со придружните икони. Работите на иконостасот ги изведе мајсторот Коле Тасков од Крива Паланка.

Се претпоставува дека големиот храм, посветен на Свети Јоаким Осоговски е изграден (1847/51 г.) на темелите на првиот храм. Градбата му била доверена на широко прочуениот неимар на Балканот Андреј Дамјанов, а користен е делкан камен, носен од Камнеш, Ранковци.

По оштетувањето во 1909 година, црквата, посветена на светецот, била обновена, според идејно и техничко решение за иконостасот на Димитрие Андонов- Папрадишки, кој насликал и повеќе икони на иконостасот, а во 1932 година повторно бил ангажиран за возобновување. Работите, под надзор на Папрадишки, ги извел Стојан Трајковски, мајстор од село Кркља. Поголемиот дел од иконостасните икони се дело на Димитар Андонов-Папрадишки, а еден дел од непознати автори. Осум икони за иконостасот изработил и Никола Михаилов, зограф од Крушево. Во 1980 година е извршена конзервација на царските двери. Овој процес го извеле конзерваторите Богдан Таневски и Соколе Шутиновски, а во 1990 година спроведена е последната фаза на возобновување на црквата од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

На љубопитниците, кои пто имаат желба да узнат повеќе за манастирот и светецот, најтопло им ја препорачувам монографијата „Десет века Свети Јоаким Осоговски", објавена во 2005 година, од авторот, настојател во манастирот, проф. д-р Јордан Михајловски и книгата „Култот на Свети Јоаким Осоговски во македонската писмена и народна традиција" од проф. д-р Маја Јакимовска –Тошиќ, објавена во 1997 година.

Верувањето на луѓето од кривопаланечко, па и од околните региони, во моќта на Свети Јоаким Осоговски се огледа во повеќе преданија. Народната традиција го поврзува со Свети Јован Рилски, Свети Прохор Пчински и Свети Гаврил Лесновски, (за кој постојат претпоставки дека е роден во кривопаланечкото село Осиче) кои во житието на Свети Јоаким Осоговски се „чесна четворка, богоизбрано друштво ..."

За моќта на светецот говорат и честите посети на манастирот. Доаѓаат луѓе, од разни страни, со години, со векови, и денес, со подароци и молитви, преспивајќи до гробот на светецот, да побараат здравје и милост Божја. Особено на денот на светецот, ден по прославата на Успението на Пресвета Богородица (Голема Богородица), кога доаѓаат и повеќе од 20.000 луѓе.

Овој чудесен манастир ме обзема од детството. Неговиот рајски предел: бујни шуми наоколу, секаде зеленило, води што чиниш бликаазт од сите страни, ги буди секому подзаспаните чувства од урбаната брзаница. Свежиот воздух ги исполнува градите со чистина, го разбиструва умот, а телото се опушта во хармонија, дошепната од природата, со трепетот на лисјата, спотнати од благото ветре што постојано дува долу во Бабин Дол, со појот на птиците и сончевите милувања. И сега, во секоја пригода, кога тоа е можно, го посетувам ова свето место што зрачи со духовна сила, со неопислива природна убавина и високоуметнички градби во духот на најсветлата традиција во Македонија. Затоа, Ви велам, дојдете во манастирот

„Свети Јоаким Осоговски” оти тука можете да го застанете времето за миг, можете да ги доживеете минатото, сегашноста и иднината, да „видите” како луѓе, војски, испосници, исповедници... од различни епохи се „среќаваат” тука, на едно место, додека жуборат бистрите манастирски води, замаени од опојниот мирис на планинските цвеќиња и лековити билки што растат секаде наоколу.

Мир и спокој! Мир и спокој, во прегратките на неоскврената Мајка Природа, во двата свети храма, во конаците, трпезаријата, ресторанот, на клупите на манастирските платоа накачени на осоговската планина. Насекаде во овој раскошен манастирски комплекс, секако еден од најпространите и најубавите не само во Македонија туку и на Балканот.

Дојдете и на квечерина, навечер, кога човечките гласови ќе стивнат и восхитувајте се на тишината, на божествената убавина. На глувоста што ви ги стишува нервозите набрани под градите. Замијте се и напијте се од светата лечебна вода што извира во малата црква, посветена на Мајката Божја. И, потем, кога од умот ќе ви излезат сликите од градската бучава и вревата на секојдневицата, ќе ја заловите длабочината на античкиот стих: „Не вели никогаш тишина е! Речи не слушам ништо!

Доаѓам поначесто, колку што можам, и ми навираат спомените од детството.

Кога ќе се расположеше паланечкиот зет - актерот Димитар Гешовски, ќе седнеше на лединката над манастирот „Јоаким Осоговски” и група музичари, локални Роми, што ја предводеше Скопски, по негова нарачка му свиреше „Изгубено јагне”. Нешто како претстава, мјузикл... Ќе се разнебитисаа наоколу музичарите, по негова наредба, секој на своја страна. Некои дури и не се гледаа од зад џбунчињата. Се довикуваа со инструментите кои плачеа како млади срнчиња, и се прибираа кон задоволниот уметник кој знаеше да ја живее тагата, додека Скопски му дуваше во увото, и кој одново ги драчеше: „Ајде, уште еднаш!”.

Познавам луѓе кои се „зависници” од манастирот. Такви се проф. д-р Анета Стефановска и проф. д-р Ѓани Јуричич. Ќе се подберат од белиот свет, дали од северниот Ланкастер, од Љубљана, од нивното гнездо во Мурати на Истра, од каде и да е, од која и да е страна на светот и право во Крива Паланка. И, прво нешто- веднаш во манастирот.

При секоја нова средба со манастирот „Свети Јоаким Осоговски” се изненадувам и се воодушевувам. Се нешто ново доградено, возобновено.... Не така одамна во манастирски комплекс се реновирани крштalницата и стариот конак и реконструирана е камбанаријата, изградена во 1929 година. Со донација од Светска банка и Министерството за култура, а по проект од градежниот инжинер Предраг Велиновски и архитектот Стевче Ристовски, (со кого триевме исти клупи на училиште) се возобновени два амбари, изградени 1897 и 1905 година и преуредени за престој на гости според највисоки хотелски стандарди. Манастирот ја задржува автентичноста со обновените објекти, а едновремено се подобруваат условите што привлекува голем број гости од земјава и од странство.

По подигнувањето, манастирот постојано привлекувал внимание, при што бил посетуван од важни историски личности. Меѓу нив Стеван Дечански и турскиот султан Мехмед Втори. Така е и денес. Доаѓаат организирани групи од Бугарија, Русија, Србија, Велика Британија, Турција... Бидете дел од нив. Проверете зошто многу често тука престојуваат странски амбасадори и други дипломати.

Евлија Челебија, воодушевен од планината Осогово, што ја нарекува Крива Река, вели дека „небаре се соединува со небото" и неодминливо кажува за манастирот „Свети Јоаким Осоговски".

„На највисокиот врв од таа планина се наоѓа висок манастир кој, според мислењето на христијаните, бил седиште на светиот Симеон; самата градба сведочи дека тоа навистина е стар споменик. Многубројни калуѓери и нивните слуги ги послужуваат патниците и намерниците. Во нивните куќи има стотици душеци и јоргани од диба (свилена ткаенина со вез), и со злато извезено платно. Сите тие душеци и јоргани се направени од скапоцени ткаенини. Овде секоја вечер доаѓаат до 200 пешаци и коњаници; тука ќе се најадат и ќе се напијат и на секој поединец ќе му се укаже чест и икрам (гостољубие). Интересен е обичајот што овде е установен: на секој гостин при неговото заминување обврзно му се дава подарок според неговото достоинство. Крива Река е виден кадилак, во рангот на кадилак од сто и педесет акчи. Бидејќи и овој старински манастир спаѓа во нахијата на тој кадилак, поповите му даваат на кадијата од тој кадилак – 500 гроша и петнаесет коли детелина како подарок.."

Со векови некои нешта не се менуваат. И во времето на Челебија било исто како и денес, кој намерник ќе дојде во Крива Паланка задолжително го посетувал манастирот „Јоаким Осоговски", скапоцен бисер на градите во Република Македонија.

Во патописот од 1683 година Арсение Черноевиќ ги наведуват конаците каде престојувал со придружниците. Откако коначеле во Славишко поле, („поле изобилно со секакви потреби и добро ни беше.") во село Радибужд, петнаесеттиот конак на нивниот пат бил „во Паланка, во Крива Река, во метохот манастирски и тука арач даде игуменот кир Герасим Осоговски и вети дека ќе дојде со нас на поклонение на светиот гроб, но ѓаволот стори пакост и не дојде."

До манстирот, на падините на Осоговските Планини на три километри од Крива Паланка, води асфалтен кривулестиот пат. Во комплекост има два уредени паркинзи за автомобили. Но, препорачувам пешачење. Од почит кон светецот и затоа што тоа е посебно доживување. Барем од половината на патот, од Големата кривина. Оттука ќе го прецапате Бабин дол и ете сте веднаш кај пештерата во која во мир долги години се подвизувал светецот. Ова место се вика Крст, оти пред Свети Јоаким се појавил нечестивиот во облик на змеј. Светецот со крстот в раце тргнал напред. Змејот буквално се распрснал пред силата на крстот. Тука веднаш се појавил извор на Света вода, која е лечебна и не пресушила до ден денес повеќе од десет века. Отука, по козја патека, што се вели, за кратко ќе се искачите низ угорницата скоро на ниво на манастирот и од тука бргу-бргу еве сте во манастирот.

Ако ви се посреќи ќе го сретнете Проторej - стравропор.Добрислав Бошковски, кој ќе ви го каже преданието во кое е потенцирана заштитната функција на светецот врз својот манастир во турскиот период. За нишанот, заштитниот знак, поставен од Турците (што и денес стои) по налог од царските порти од Стамбол. Од 1990 година Бошковски беше старешина на Манастирот и активно беше вклучен во акциите за собирање пари за ревитализација (изградбата на новиот конак) и за функционирање на Манастирот.

Некогаш домаќинот, ипоѓаконот Александар Стефановски, секако го срќававме. Тој се грижеше за сместувањето во некој од петнаесетте конаци со капацитет од 110 легла, вбројувајќи ги тука и апартманите во Владиковиот конак, наменети за гостите на Митрополитот на Полошко- кумановската епархија. (Репрезентативната трпезарија на овој конак се користела и за состаноци). Ноќевањето е во двокреветни соби, со бања и тоалет, по пристојна цена, а за преспивање во собите со две, три и четири легла се плаќа наполу од двокреветните. Во манастирскиот комплекс веќе има парно греење. Стариот конак со реконструкција доби и тушеви. Денес е место за најголемите културни манифестации: Меѓународната ликовна колонија и Школата за архитектура. Тука е сместена и Ликовната галерија. Тука се сместуваат и учесниците на Меѓународниот фолклорен фестивал и Меѓународниот татарски фестивали. Сите овие манифестации го носат името на светителот.

Може да се сместите и во Новиот конак, осветен во 2002 година од Митрополитот Кирил, архитектонското решение на архитект Стевче Ристовски во духот на стара градска куќа. На катот има петнаесет апартмани со висок стандард. Во приземјето е сместен амбиентален манастирски ресторан каде ќе ве пречекаат со традиционална храна- манастирско грне, зелник, качамак, мекици, македонски салати и тави, гравче, чорби и скара.

Две простории за сместување на гости има и во новиот конак на Горното собориште, во духот на традицијата, архитектонското и изведбеното решение на инж. Предраг Велиновски.

Во ресторанот и бифето во два, од петнаесетте конаци се изложени манастирски предмети: книги, икони, документи но и етнолошки материјал со потекло од околината, машки и женски народни носии.

Гоце Ристовски

СОДРЖИНА

СВЕТЕЦ И АКТЕРИ 6
ХРОНОЛОГИЈА.....8
ЛАУРЕАТИ НА НАГРАДАТА „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“.....61
ПОЕТ НА СЦЕНАТА.....63
СКАПОЦЕНА ВРЕДНОСТ НА НАШАТА СОВРЕМЕНА КУЛТУРА.....65
СТОЛБ НА НАЈБИТНИТЕ РЕМЕК-ДЕЛА НА МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАР.....66
ПРИНЦЕЗАТА НА МАКЕДОНСКОТО ГЛУМИШТЕ.....67
ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ДЛАБОКИОТ ОЧАЈ.....67
ИЗОСТРЕНОТО ЧУВСТВО ЗА АКЦЕНТОТ.....68
МИТСКА АКТЕРКА НА МАКЕДОНСКАТА ТЕАТАРСКА СЦЕНА.....68
АКТЕРКА И АВТОР НА БРОЈНИ СЦЕНАРИЈА И ДРАМАТИЗАЦИИ.....69
ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО ОД НЕКОГАШ ЗАСЕКОГАШ.....71
ВОИН НА СЛОВАТА.....73
ДО АКТЕРОТ И ПО НЕГО.....75
СЦЕНАТА Е СВЕТО МЕСТО.....80
ЖИВОТОТ Е МИГ НА ЗАЛУДНА НАДЕЖ..... 84
ПОСВЕТЕНА НА СВОИТЕ ОДБИРИ.....88
ЧОВЕКОТ НАЛИКУВА НА ОСАКАТЕНА ПТИЦА 94
ПАТУВАЊЕ КОН КРАЈОТ.....96
АКО ЉУБОВ НЕМАШ, НИШТО НЕМАШ.....99
ДА СЕ СМЕАТ ЛУЃЕТО И КОГА НЕ ИМ Е ДО СМЕА.....102
КАКО СЕ СТАНУВА ЦАР.....106
ВУЛКАН ПРЕД ЕРУПЦИЈА.....110
ЕДЕН ЧОВЕК ТОА СЕ НАЈМАЛКУ ДВАЈЦА.....114
АКТЕРСКИ ДИЈАПАЗОН СО ОКЕАНСКА ДЛАБОЧИНА
И НЕБЕСНА ШИРОЧИНА.....118
ПОРТА НА МАКЕДОНИЈА.....126